# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од првото продолжение на Деведесет и шестата седница
## на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 декември 2001 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,20 часот.

Садницата ја отвори и со неа раководеше г. Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжувма со работа по е6-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеничките Васна Јовановска и Валентина Божиновска ме известија дака од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Работиме по е6-тата седница на Собрнието, продолжуваме со претрес по втората точка, претрес во начело по Буџетот.

Кога ќе имаме овде најмалку 61 пратеник, ќе прекинеме со работа по оваа седница, ќе поминеме на 88-та седница, односно оние 4 точки за кои што вчера министерот бараше итно да се разгледат. Тогаш тоа ќе го продолжиме.

Продолжувма со претрес во начело по Буџетот на Република Макеоднија, за 2002 година.

Молам, кој бара збор?

Збор има г. Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Почитуван претсадателе, почитувани колеги пратеници,

Јас не можам да не станам во расправата по буџетот за 2002 година. Ќе зборувам за нешто многу поконкретно, ќе расправам за третманот на основното музичко образование, во форма низ буџетот за 2002 година.

Имено, со овој буџет е предвидено музичкото основно образование да биде финансирано до 6 месец. Од 6 месец натаму, според ставот на Министерството за образование, основното музичко образование и балетско образование треба да биде, да постои во форма на самофинансирање. Можеби ова прашање повеќе би требало да биде третирано од аспектот не на буџетот, туку на образованието и во Комисијата за образование и тие структури, но бидејќи сме по оваа точка, точката за буџетот за 2002 година, морам да дискутирам за оваа точка.

Имено, ова образование е третирано со буџетот од 6 месец натаму во сферата, во групацијата на несуштествени дејности на Република Македонија од кои буџетот на државта треба да се ослободи како товар, како непотребен баласт. Тука е клучното прашање.

Прво, реагирам најостро, со израз на незадоволство во обидот и веќе не е обид, туку е чин со кој што музичкото основно образование се сврстува во групацијата на несуштествени дејности. Не може така да се третира основното музичко образование. Или се работи за непознавање или се работи за недоволно сериозен приод кон оваа проблематика, кон ова прашање или пак трета варијанта, што не би сакал да помислам, она што ќе го предизвика оној начин на финансирање на музичкото образование, резултатот од тоа ќе биде погубен.

Ако во изминатите периоди, да речеме, шеесеттите години, а некои музички училишта се основани и порано, во Охрид Музичкото училиште е основано 1е64 година, со ентузијазам на пионерство, во просто невозможни услови се формирало музичкото образование и сите овие години се гради и надргградува, денеска, на почетокот на третиот милениум да државата каже дека нема средства или дека нема да се финансира музичкото образование, за мене е поразително. Во голема мерка е обесправено. Се чини голема неправда.

Се поставува едноставно прашање дали на ова земја и е потребна култура? Се работи за култура од сферата на музиката, за музичката култура. Дали се потребни виолинисти, дали во иднина се потребни флејтисти, дали е потребна Филхармонијата, Операта, Балетскиот ансамбл во МНТ? Бидејќи, без основно музичко образование не можеме да очекуваме дека ќе имаме ученици во средното и во високото образование. Едноставно, не можеме да очекуваме дека ќе имаме репродуктивци, продуктивци, диригенти, композитори итн.

Што е обесправеноста, неправдата? Ако државата финансира класично основно образование што е неопходно во иднина да имаме математичари, физирачи, стручњаци по општествени науки, стручњаци по природни науки, во класичното основно образование е неминовно да ги имаме тие луѓе. Но, исто така е неминовно да имаме основно музичко образование за да имаме музичари, за конечно да имаме балетани преку основните балетски училишта.

Поставувам прашање, потребни се или не музичари на оваа земја? Бидејќи без основно музичко образование не можеме да имаме музичари. Поминаа тие времиња кога во средно музичко училиште се запишуваа без основно музичко образование. Но, средното музичко образование траеше 6 години. Две годни беа подготвителни години. Но денеска, со овие критериуми, со овој прогрес што постои и во

нашата земја, со силниот напредок во музичкото образование, незамисливо е да се запише ученик во средно музичко образование без завршено освновно музичко образование. Ќе кажам и тоа дека не е основната цел на постоење на основното музичко образование, крајна цел создавање професионални музичари. Ако добро се погледаат целите на работата на основните музички училишта ќе дојдеме до следново сознание. Не знам дали од Министерството за образование погледале добро. Цел на музичкото образование не е крајна цел создавање професионални музичари. Во тие цели имаме една наједноставна, најпроста цел, велиме формирање, создавање активни слушатели на класичната музика. Ако тоа нешто како најосновно, како наједноставно, тука имате една широка лепеза на тие цели. Некои луѓе нема да продолжат во средно, некои од децата, но затоа ќе бидат музички образовани и ќе бидат вклучени во локалните ансамбли, народни оркестри, забавни оркестри и во разни форми во кои што ќе бидат искористени.

Еден пример. На почетокот, кога како млад човек одев на концертите на Охридско лето, забележително беше дека најголем дел од посетителите беа странци. Зборувам за оние години кога во Охрид имаше развиен туризам, а најголем број од туристите беа странци. Велеа ако не се странците, Охридско лето ќе нема публика.

Денеска, после овие кризи, воени, безбедносни, немаме странски туристи. Но, денеска, исто така се полни салите со посетители на тие концерти. Со големо задоволство констатираат дека сега е0% се домашни гости.

Како се дојде до тоа? Се дојде така што во изминатите години многу од тие гости поминале низ основното музичко образование, денеска се тие родители на деца кои учат музичко образование. Со еден збор, се направи една позитивна генеза во создавањето на музичката култура во Република Македонија, во кој клучен фактор беше токму музичкото образование. Денеска, за мене, навистина е неприфатливо и која е таа стапка, колку училишта во Македонија има? Тоа е многу мала стапка за да ги исфрлиме. Има толку многу несуштествени дејности или одлевање на средства од буџетот за многу понесуштествени работи отколку што е музичкото образование. Не може музичкото образование да се сврсти во курсот за англиски јазик или некој друг курс.

Конечно и со постојниот Закон за основно образование, музичкото образование е дел на основното образование со закон заштитено. Така што, апелирам да се има доволно во предвид пред се дека Министерството за образование и нешто во цел на поправка на оваа грешка, нешто мора да се превземе. Не смее кај музичкото образование да се тргне од основното образование и да остане на милост и немилост, да се снаоѓа само.

Имаше едно мислење, еден став на Министерството дека ќе бидат финансирани само талентираните ученици преку програми. Но, очигледно една работа не е позната односно не е доволно размислено, кои се тие талентирани ученици? Како би доше до откритие дека имаме талентирани ученици? Во музичките училишта се спроведуваат приемни испити, аудиција на почетокот, преку кои децата стартно, на почеток се откриваат нивните елементарни можности, ги имаат или ги немаат за да продолжат во музичкото образование. Но, да стане збор за талентирано дете, тоа може дури после две-три години, а некој излегува на површина дури после 4 или 5 години школување во основното музичко образование. Значи, не може да се открие талент пред да почне детето да посетува основно музичко училиште.

Најголем дел од аргументацијата за основаноста односно неоснованоста на понатамошното нефинансирање на основното музичко образование не се издржани. Апелирам до Министерството за образование да го промени својот став и да се заложи основното музичко образование и понатаму да биде финансирано од Владата и неговото финансирање да се предвиди со овој буџет. Благодрам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Звонко Мирчевски има збор. Не е тука.

Господинот Никола Поповски има збор.

Не е тука.

Госпоѓа Ѓулистана Марковска има збор.

Не е тука.

Молам, дали некој друг бара збор?

Збор има г. Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, господине министре, колеги пратеници, Прво би сакал да кажам дека расправата по буџетот, како што кажа еден пратеник еден од најважните акти што ги носи ова Собрание и најважните акти за секоја држава што ги регулира, пред се, основите, врз основа на факти, врз основа на бројки кои што знае да ги чита, кои ќе кажат како се живеело во 2001 година, врз основа на Извештајот, како ќе се живее во 2002 година.

Мене ми се чини во една неприродна атмосфера. Врз основа на искуството од претходните години кога го донесувавме Буџетот, врз основа на искуствата да се вратиме назад и во Социјалистичка Република Македнија, во Југославија, буџетите се носат на поинаков начин. За мене, вчерашната расправа и денешнава расправа е една неприродна, една незаинтересираност.

Мислам дека е тоа, г. претседателе од новиот начин на работа, со измената на Уставот кога овој Парламент не треба да има 61 пратеник, но би требало барем кај пратениците да има одреден интерес.

Тука, во тој дел, мислам дека и министерот даде едно техничко образложение не како оние образложениа што беа давани во претходните години. За образложението беше зборувано вчера, не би сакал да зборувам, тоа се фактите. Но, се плашам, врз основа на овие вакви индикации, врз основа на излагањето на минситерот и кај нас пратениците, особено кај граѓаните ни влеа или се чувствуваме рамнодушни, чувствуваме се она што се случува дека сме помирени со состојбата, немаме волја, желба нешто да направиме, тоа што треба да го направиме за 2002 година со буџетот.

Буџетот е акт што бара волја, покрај овие тешки услови, услови на безбедносен план, услови на агресија, терористички напади, Рамковниот договор, овој буџет сметам дека и од страна на Владата требаше да биде, во извесна смисла буџет на надеж, буџет на волја, буџет на остварување на одредени планови. Во тој контекст би сакал да укажам дека буџетот не можеме да го гледаме мимо тоа што е зацртано во зборови, а буџетот е со бројки на Макро-економската политика на Република Македонија што Владата ја усвои на својата седница и нам како пратеници ни ја даде. Во таа Макро-економска политика немаме надеж, немаме волја и покрај тоа што јас ќе зборувам, министерот во својот воведен збор, во првите реченици, покрај две успешни години, на економски план, може само факти, но буџетот, Макро-економската политика треба да се гледаат во животот на населението, во животниот стандард, во потрошувачката корпа, во вработувањето. Тоа не го гледаме и 2002 година, и по зборовите на Владата и читајќи ја Макро-економската политика, и читајќи ја фактичката состојба е една од најтешките на економски план во растот на производството, индустријата и сите оние факти и на еден од најважните битни елементи. Одредени колеги зборуваа сегментарно, зафатија одредени проблеми. Но, најглавниот дел за граѓаните на Република Македонија е социјалниот аспект, социјалната држава, и доведување до работ на издржливоста.

Уште еден битен аспект има во буџетот за оваа година и за овој буџет за 2002 година.Тоа е аспектот што сметам дека, барем министерот за финансии или во најмала рака премиерот на Владата на РМ, требаше да се осврне и на пратениците да им се обрати од еден аспект на сето ова што се предлага за 2002 година, бидејќи овој буџето во овој состав, во оваа коалиција треба да знаеме дека е последен буџет. Кога се носи предизборен 6уџет и 6уџет во кој покрај тоа што е наследено од претходната Влада од 1998 година, требаше да има показатели што е направено, што се предлага во 2002 година на граѓаните, одреден отчет, 6идејќи кога сите зборуваме на предизборните митинзи, тоа е нешто друго. 0вде е нешто со факти. Со тие факти што зборуваат, што покажуваат што можеше да се земе 1998 година како класична заработувачка, а што може сега.

Уште нешто што е највbooажно, г. министре вие требаше на македонскиот народ од оваа говорница, особено на пратениците да им кажете, ако не сакаше премиерот да каже што ветуваше на народот, сигурно на овој дел им е позната оваа Програма. Тоа е "Промени за достоинствен живот - изборна програма за парламентарни избори на ВМРО-ДПМНЕ". Каде сакате да отвориме, сакате во економскиот дел, можеме да споредуваме, можеме да правиме паралели што е Ветувано, што е направено и да дискутираме во овој Парламент врз основа на факти зошто не е направено. Косовска криза, агресија, терористички напади, блокади, се е тоа во ред. Се е во ред, Меѓутоа врз основа на расправа треба да им се кажеше на граѓаните - порастот на вработените во 1999 година за 26%, во 2000 година 20%, во 2001 година 16%, во 2002 година за 18%. Господинот министер за финансии требаше да каже дека во Макро-економската политика имаме предвидено реални факти за пораст од 2% на вработувањето. Не би сакал понатаму за Макро-економските елементи.

Да, можеби е смешно за министерот, можеби е жално, но можеби е практично. Да, двете најупсешни години на оваа Влада на економски план г. министре со вашите реформи требаше да ги почувствуваат граѓаните и во овие четири години владение на ВМРО-ДПМНЕ требаше да се почувствуваат.

Сега јас Ќе ви кажам како се тие почувствувани: Невработеност 39,1% или 400.000 Невработени, односно последните податоци 385.000 односно 300 се отпишани.

Тоа е една крајно рестриктивна политика во однос на правата од невработеност и вработување. Во последните ваши две најуспешни години, Г. министре, 100 илјади невработени. Реформите се тешки, реформите се болни, но реформите мора да кореспондираат. Реформите се за народот. Тоа се факти за Македонија, жалосни но се факти. Жални факти се уште повеќе што оваа Влада излегува преку своето биро за вработување и кажува дека треба да се преземаат стимулативни мерки во однос на вработувањето. На кого му кажува Бирото за вработување? На пратениците, на народот? Тоа е орган кој треба нешто да преземе, тоа е орган кој треба да и предлага на Владата стимулативни мерки за вработување. Министерот за труд, министерот за финансии треба да ги предложат и овој Парламент да заклучи. Кои се тие стимулативни мерки? Тие се

пак во макроекономската политика за 2002 година и велиме дека преземаме стимулативни мерки. Ништо не гледам, ќе се согласи и Г. министер со бројки и фкати кои се оствару-ваат врз основа на постојните закони, тоа тој го кажа, треба да ги сле-дати и во вработувањето и во социјалата и во здравството и другите органи и врз основа на тоа Владата треба да ги предложи мерките. Ние имаме сти-мулативни мерки кога оваа Влада од првиот ден кога оваа Влада дојде, тој така наречен лош, добар, Бранков закон за вработување, со сите мани имаше одредени резултати. Има факти колку останаа во извештајот на Заводот за статистика, нешто се правеше, но сега ништо не се прави на полето на вработување. Ништо не се прави на полето на вработувањето, оваа Влада се понатаму зголемува и за 2002 година со овој Буџет и макроекономската политика ќе биде најтешка, ќе имаме стечаи, ќе имаме технолошки вишок. Иако Владата прави одредени орабори, имаме одредени примери како што е "Порцеланка", треба да се бори за одржување, но 2002 година ќе имаме уште поголем пораст на невработувањето, иако се предивдува пораст од 2%. Ако ги следиме статистичките податоци, се забележува латентна невработеност, но тоа се мери и споредува со претходните години. Во многу успесшните години на ВМРО-ДПМНЕ имаме огромно невработување. Тоа е првиот податок за двете или трите најуспешни години.

Што се однесува до другиот најважен податок, вчера малку се зборуваше, тоа е за мене најважниот и најбитен момент на кој би се осврнал како претседател на Комисијата, тоа е порастот на сиромаштијата. Г-да, колеги пратеници, сите ние сме свесни, сите знаеме што се случува во РМ во овој период до делот на сиромаштијата, во делот на граѓаните кои примаат личен доход. Со тој еден личен доход ако е еден вработен, кој е репер во сите статистики во светот со просечна плата со намалување на курсот од 330 марки, неможе да ја земе основната потрошувачка корпа, до колку има еден вработен. 28% или една петина немаат средства според нашите статистички податоци. Значи 400 илјади невработени под услов да немаат вработен тие се на прагот на животот, немаат никакви елементарни средства за живот и тоа во тој дел неможеме да го видиме во Буџетот што е она што се нуди во макроекономската политика, што е она што се нуди во однос на вработувањето и последниот буџето на Заводот за вработување. Овој Буџет министерот го нуди во една состојба како и претходната година. Мислам дека овој Буџет неможе да се нуди така, бидејќи овој Будет претставува една голема опасност. Ставките со плус или минус во сите министерства, во сите дејности и во сицијалата и во здравството, се тука некаде. Но овој Буџет во однос на претходната година, врз основа на постигнатиот ребаланс и суфицитот што беше, овој Буџет оваа Влада ќе го спроведува за девет месеци. Треба да биде јасно, кога ќе дојде и законот за извршување на Буџетот за 2002 година, треба да има одредени ограничувања по однос на дванаестината или на тримесечјето за трошење на средствата. Нормално, средствата се регулирани со приходната и расходната страна. Со овој Буџет, со неограничувачки елементи на оваа Влада, може Република Македонија да ја доведе во катастрофална состојба, бидејќи за одредени позиции на Буџет во изборна година, Владата нема одредени ставки. Јас не можев да видам, а некој тоа го рече, што министерот би рекол дека тоа е логично, ова е изборна година и не можеме да правиме поголеми стапки во вработувањето. Но опасноста е што Владата другите ставки, другиот прилив користејќи ги средствата кои се за таа намена добро скроени од министерот за финансии за 2002-та изборна година 120 милиони марки, за инфраструктурата за предизборна кампаша, да се користат средствата за други намени и Република Македонија која е донесена во состојба на сиромаштија, кога ќе дојде друга Влада, ќе настане уште поголема сиромаштија. Не е практика како во демократските земји власта да се предава и нормално да се троши. Тоа е за мене голема опасност, Буџет вака проектиран, кога ќе дојдат новите избори, кога ќе се конституира нова власт во Република Македонија, да почнуваме се од почеток. Тоа не е добро и затоа би сакал да укажам на оваа Влада, доколку ги добијат изборите, тоа е нивно право, за нив добро да продолжи понатаму, а кога ќе се изгубат изборите, ќе се бара чесен и коректен отчет и предавање на Буџетот. Сите сметки треба да се предадат на новата Влада со ова што ќе го усвои овој Парламент.

Другиот елемент, во Република Македонија оваа Влада и во овој период на владеење на оваа Влада, имаме 77.161 семејство кое прима социјална помош и тоа во Буџетот во тој дел е определено, со тоа што тоа изнесува 400 илјади невработени, 300 илјади кои примаат социјална помош, значи 700 илјади, а проблемот е што и во социјалната помош, за која ќе кажам нешто посебно, се проектираат средствата како во претходната година. Ако го гледаме другиот дел она што ја регулира социјалната помош на граѓаните во Република Македонија, имаме крајно рестриктивна политика согласно Одлуката за доделување социјална помош начинот и постапката за доделување на социјалната помош. Точно е дека таа Одлука е донесена од претходната Влада, оваа Влада не ја измени, но таа одлука нудеше одредени решенија, после три години на примање на помош во одредено социјално семејство да се создадат стимуланси бидејќи сметаше дека ќе создаде економски пораст во Република Македонија, да бараат вработување и да им се овозможи вработување. Доколку после три години не прима социјална помош, 50% му се намалува социјалната помош, пфсле третата година се намалуваше 70%, што значи од овие средства проектирани во Буџетот ние ќе имаме нови

корисници на социјална помош во 2002 година. Ќе имаме огромен број, а средствата во Буџетот ќе остануваат исти. Значи, треба да се менуваат и одредени нормативи. Владата наместо да ја измени Одлуката за начинот и постапка на давање на социјална помош, луѓето немаат други средства за живот, а ја губат и социјалната помош, наместо да ја измениме Одлуката и средствата проектирани за социјална помош во 2002 година да ги зголемиме, Владата пред Парламентот предлага да интервенираме кај тие граѓани со хуманитарна помош и со пакети за храна. Во претходната 2001 година им даде храна, но луѓето не ги земаат тие средства. Буџетот на Република Македонија, врз основа на овие податоци, сметам дека е проектиран врз основа на фискалната политика, на средствата кои Министерството во ваква изборна година - се плашам и не би сакал да верувам дека ги проектирало за девет месеци па потоа да оди, а не врз основа на вистинската состојба во Република Македонија. Не врз основа на средствата, врз основа на притисокот од ММФ, а не врз основа на потребите. Тоа претставува голема опасност, а најмалку што ние како пратеници овде со своето укажување би можеле да измениме нешто. Сметам дека многу тешко со одредени амандмани од одредена ставка од резерви или од одреден фонд да се префрли во друг фонд, од Министерство за труд и социјална политика, јас кажав, на Комисијата за труд и социјална политика одредени пратеници предлагаа да донесеме работен заклучок, од средствата на Министерството за труд и социјална политика за социјалната заштита и социјалните програми да не може да се земаат средства да се префрлуваат во други министерства. Кажав дека ниеден пратеник тоа не може да си го дозволи. Но овој Буџет ние ќе го усвоиме, сметам дека ќе се усвоиваков со мали или големи измени, во зависност од министерот. Овој Буџет вака усвоен од овој Парламент може да предизвика големи последици во Република Македонија на социјален план. Ќе кажам подоцна зошто. Иако оваа Влада во делот на социјалната заштита и социјалната сигурност нуди 22,5% од буџетските средства, што не е малку за една социјална држава, но е малку за оваа состојба во Република Македонија. Прашање е од каде да се нај-дат тие средства. 22,5% од Буџетот, тоа е околу 14.951.000.000 денари или 450.000.000 марки. 450.000.000 марки трошиме за делот за социјална заштита и социјална сигурност, што и како процентуално зафаќање и како износ на средства е значителна бројка. Да не зборувам за делот колку средства вкупно се издвојуваат од Буџетот или за ограничување на јавните приходи во Република Македонија, бидејќи овој Буџет е составен од двата други дела, односно делот што е на Бирото за вработување и пензиско инвалидското осигурување. Без дотациите, плус Буџетот, кажа и министерот во својот воведен збор, имаме зголемување на дотациите во пензиското осигурување и во сферата на трансфери, изворните приходи на Буџетот се трансферираат и во Бирото за вработување, што не се за за-поставување и во пензиско инвалидското осигурување. 35.000.000 до вкупните ограничувања од вкупниот Буџет од 83.000.000 марки, без трансферите, што значи 15.000.000.000 се за социјална заштита и социјална сигурност. 18,5 милијарди се за пензиско инвалидското осигурување, изворни приходи и плус трансферите и една милијарда и 200 милиони денари се за Заводот за вработување без трансфери, што значи дека овој износ е огромен износ, износ од 35 милијарди или споредено со 83 милијарди вкупни ограничувања, тоа е Буџет со околу 40%. Кога сме кај пензиското и инвалидско осигурување би кажал дека оваа Влада со овој Буџет сака да каже, бидејќи се зголемуваат трансферите, дека тоа е како резултат на реформите во пензискиот систем. Не е точно.Оваа Влада врз основа на севкупните економски состојби на стопанството на Република Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување веќе почнува да прави дефицити. Да, изворни дефицити со кои Владата мора да интервенира за да не ја доведеме социјалната сигурност во Република Македонија на плус 250 илјади пензионери. Како што реков, 400 илјади невработени, 300 илјади кои користат социјална помош 250 илјади пензионери, тоа е социјалната карта и слика. Оваа Влада треба да каже најотворено, тоа и министерот за финансии сигурно ќе го каже, дека реформите во пензискиот систем во 2002 година нема да се остварат врз основа на третиот, односно вториот доброволен столб, или таканаречен капитален приватен столб кој покрај укажувањата дека ќе има недостаток и укажувањата во Законот за пензиско и инвалидско осигурување дека тие ќе ги преземе, недостаток на средства во Буџетот на Република Македонија, овие трансфери од Буџетот се само за интервенирање во дефицитот, што значи оваа Влада не ја спроведе реформата во пензско инвалидскиот систем со воведување на капитално приватно финансираше. Тоа ќе остане за наредната Влада.

Вториот дел, делот во кој оваа Влада го споменуваше доминантното сидро, тоа е делот на реформата во јавната администрација. И таа не е завршена. Ако ги гледате податоците, ние имаме состојба со 5.500 отпуштени работници во јавната администрација, 5.500 новопримени. Ништо не е направено, и реформата во јавната администрација покрај донесувањето на неколку клучни закони останува и понатаму. Ни малку не е завршена реформата.

Уште нешто сакам да кажам од тој социјален аспект. Во овој Буџет ние сме пред еден актуелен проблем кој е разрешен сега меѓу Синдикатот и Владата, што зборува за она основно решение дека Владата со овој Буџет нема проектирано за 12 месеци да го дели на дванаесетина, туку ќе го потроши за првите осум или девет месеци. Во овој Буџет немаат ставка за К-15 за државните службеници. Оваа Влада

донесе одлука на државните службеници или на 100 илјади вработени во Управата или на корисниците на Буџет да им исплати К-15 за 2001 година, дел во средства, дел во производи. Ако оваа Влада имаше намера со Синдикатот или во Синдикалниот совет, Комората, работодавците да води политика, такви средства ќе предвидеше и за 2002 година. Или водиме дневно политичка политика под притисок на граѓаните. Нема средства за 2002 година, а се исплаќа за 2001 година. Не може да се оди така.

Исто така, за технолошкиот вишок, стечајците и се она што се случува, оваа Влада донесе Одлука што е добра, на 10 илјади вработени во фимите загубари односно не знам дали на 6000 или на 10.000 по 10.000 денари, што е добро, на таквиот начин мора да биде проектиран и во Буџетот за 2002 година, во делот на обезбедување, за технолошки вишок, трансформираше, кредити од Светска банка. Но тие средства не се предвидени. Мораме да водиме политика на континуитет, ако сакаме и социјална и економска политика. Ова се моите битни претпоставки што ме наведуваат на сомневање дека Буџетот е проектиран во предизборна година, во година во која владеачката коалиција требаше во овој момент да каже. Ова е место кога се расправа и кога се кршат копјата во сите парламенти и за здравството и за другите делови, но ова е една целина. Повеќе шанса треба да има и оваа Влада пред народот да каже зошто не ги исполни ветувањата. На предизборните митинзи се зборува нешто друго. Со овие укажувања сметам дека социјалната заштита и социјалната сигурност овие средства од минатогодишното ниво ќе ги задоволат потребите за таканареченото тековно задоволување на потребите, а не врз основа на постојното законодавство или она идното што се најавува. Се најавува ново законодавство во оваа сфера. Господа, на Синдикатот му е ветено дека согласно Законот за вработување, во случај на невработеност, што оваа Влада го измени, оној што ќе остане без работа, доколку има 25 години стаж, може да се пријавува во Бирото за вработуваше, што е тешка мерка и доколку не најдат работа, бидејќи тоа се луѓе над 45 години и никој не ги зема на работа, ќе примаат надомест до остварувањето на право на пензија. Оваа Влада ги измени условите и предвиде услови дека треба да има 15 години стаж и 55 години старост. Тоа беше стимулативна мерка луѓето да бараат работа. Но сега Владата му ветува на Синдикатот односно на овие, му обеќа јас колку што слушнав и заклучок на Влада дека Владата Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ќе го измени. Згрешила не ја проценила состојбата, ќе го врати на првобитната состојба со 25 години. Нема средства. Во Буџетот нема средства за таквите најави кои ги најави Владата. Не постојат средства значи тоа не е остварливо. Или доколку имаат некои нови фондови или ребаланс. И сега кое е решението. Решението, јас знам дека овој Парламент ќе го усвои овој Буџет со одредени забелешки, со одредени укажувања. Сметам дека нема основа барем пратениците кои даваат амандмани во начелно суштинско менување. Но, ваквиот Буџет во 2002 година, ќе повторам, може да доведе до несогледливи последици врз основа на макроекономската политика, со тоа што мора да се каже дека посебен акцент треба да се даде на она што е основна цел на Буџетот, тоа е мирот, тоа е Рамковниот договор, тоа се безбедносните сили. Но, не смее да се занемарува другиот елемент кој во Република Македонија е веќе одамна стигнат во овој период.

Кое е решението? Јас сметам дека овој Буџет кога ќе го донесеме Владата треба првиот месец уште во јануари и февруари да проектира нова макроекономска политика во Република Македонија и тоа врз основа на една програма која Владата не сака ни да ја слушне, програма против сиромаштијата во Република Македонија. Не зборувам за стратегијата која во макроекономската политика Владата ја најавува. Ќе биде донесена стратегија против сиромаштијата по април во изборна година, сиромаштијата ќе се намалува за 3%, а сите во основа се сиромашни и се поставува прашањето како ќе се проектира таа нова макроекономска политика во оваа програма за сузбивање на сиромаштијата, бидејќи мора да му се даде приоритет, мислам на овие два приоритети.

Може, барем јас сметам дека може, може со одредени ставки. Ние укажувавме и вчера беше укажано од господинот Бузлевски за амандманот, за средствата од Телеком. Не беа неопходни средствата од Телеком за делење на таков начин, огромни пари беа. Тоа се 240 милиони беа што може овој Парламент, тие 120 почнати се проекти. Јас и тогаш кажав не е крив министерот за финансии. Тие средства од Телеком беа потрошени, проекчите беа изведени, тој мораше да ги исплати. Беа потрошени 30 до 40% од објектите кои ние ги усвоивме беа изградени. И тука немаше дилема. Средствата од Телеком кои се предвидени за поддршка на пензиското осигурување 2002 година нема да се префрлат во тој пакет на средства. Министерот за финансии овој буџет кога ќе го донесеме треба да го прочита уште еднаш многу добро. Укажувавме дека нема потреба од купување на зградата на Бетон, нема потреба од тендер од 15 милиони, или 20 милис ни марки за зградата на Југобанка во овој период, во оваа состојба во која се наогаме, нема потреба. Јас како парламентарец најодговорно му кажувам на министерот дека во 2002 година нема потреба. Пропаѓа објектот, точно е, сите знаеме, но нема потреба оваа година да се вложува да се вложува таму. Има други извори што значи од средствата препочитување, она што е неопходно за основните функции можат да се префрлат во таа програма, донации, средствата добиени од 110 милиони евра слично за одредени такви намени

кога еден фонд и ќе се препроектира макроекономската политика.

И за уште еден елемент што сметам дека многу малку му е обрнато внимание, би сакал да му укажам особено на најодговорниот, на министерот за финансии, важем момент што мнгоу малку и во макроекономската политика е посветено внимание, тоа е реформата на банкарскиот систем. И во укажувањата ние сме пред една историска шанса со воведување на еврото во Република Македонија кога до денешен ден, или денешен датум во банките се влезени околу милијарда марки. Проценка е дека во ефектива после Нова година со провизиите ќе влезат уште 300 до 400 милиони марки. Министерот за финансии во својот воведен збор по Буџетот, дури и премиерот требаше од оваа говорница да им се обрати на граѓаните. Тоа е огромен потенцијал ако пак го вратиме во перници. Министерот кој водеше кампањи добри, или лоши маркетиншки покриени дури од одредени стручњаци е оценето дека е префорсирано за сите закони, за овој проект не проговори, Љслам дека ниту од оваа говорница не направи ни маркетиншки потег. Господо, треба министерот или Владата е најдобро едно решение можеби треба, јас не сум ни толку паметен, Владата требаше да интервенира во Фондот за осигурување на штедните влогови кој е банкарски влог, но државата да влезеше таму ако можеше да изнајде средства, на граѓаните да им рече: државата гарантира со уште 50 милиони, или 100 милиони марки. Со 50, или 100 милиони марки во Фондот во кој ние согласно Законот за банки им гарантираме на граѓаните до 15 илјади марки, или до 15%. Тоа е шансата од тие средства Република Македонија да го направи развојот. Милијарда ипол марки ќе влезат во банките и се излезени во Република Македонија. Беа разни претпоставки, но сега ги имаме реално. Моментално во банките има, проценките се различни, некој вика дека ќе ги повлечат 50, или 60% од граѓаните пак ќе ги стават во перница. Но, оваа шанса нема да ја имаме повеќе. Со какви стимулативни мерки ние да ги повикуваме граѓаните, нема да ги извлечеме. И затоа мислам дека државата и министерот треба да им се обратат на граѓаните од оваа говорница, но со реални факти, дека државата ќе го поддржи Фондот за осигурување на штедните влогови. Тука има уште еден поголем проблем. Проблемот кој прво треба да ги задржиме штедните влогови, но ако разговарате со компетентни банкари друг е проблемот. И да останат 500 милиони, или една милијарда во банките, банкарите господо викаат дека немаат каде да ги пласираат. Точно, велат: нема каде да ги пласираме, немаме солвентни, немаме просперитетни. Тоа е онаа програма за сиромаштија која ќе даде и олеснувања. Банкарите овие средства кои ќе влезат во македонските банки ќе ги трансферираат во странските банки. Почнаа да даваат 6, или 7% годишна камата, или 0,5% месечна камата но тие ги орочуваат во странство, е нема да влезат во развојна функција во Република Македонија, бидејќи нема програми немаат трговски друштва поединци и физички лица кои ќе имаат развој, а кои ке го гарантираат врабањето на банката. Во банките имате колку сакате баратели на кредити кои не прашуваат ни колку е каматата, но банките веќе не ги даваат тие средства. Сметам дека овие извори на средства треба посебно внимание да им се обрне и Владата на Република Македонија, односно најодговорниот министерот за финансии во Република Македонија мора да понуди програма против сиромаштијата во Република Македонија. Ако не ја понуди таа програма, мислам дека ќе биде многу тешко. Со ваквата макроекономска политика во една од најтешките години која ќе е 2002, плус изборна програ-ма кога врз основа на нашето демократско искуство се трошат средства, без разлика од намените и фондовите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, најпрво да кажам дека потполно се согласувам со тие кои кажуваат дека премногу несериозно се однесуваме кон најсериозните работи и да се решава за 66 милијарди и нешто повеќе денари, односно во против денарска вредност некаде 2 милијарди германски марки е докрај неодговорно и несериозно. Затоа сериозните и одговорните држави за овие прашања, односно за ова прашање за буџетот тие знаат да расправаат со месеци и со месеци. Целта е да се дознае точно како ќе се троши денарот, или парата која е земена од граѓаните. Нас вака ни се наметнува со своевиден притисок пред празнична атмосфера со препад и тн. и мора нешто набрзина да завршуваме без оглед на тоа колку аналитичари пристап имаме кон ова прашање, колку се одговорни, колку имаме одговорност и што правиме. Целта е само да се заврши работата, да се легитимира нешто што не треба да се легитимира. Тоа е доказ повеќе за констатациите дека функционирањето на ова Собрание е тука формално, или чиста формалност, дека ова Собрание и понатаму се маргинализира, претворено е и понатаму како сервис на Владата и дека ова Собрание никако да ја одигра улогата што според Уставот ја има. Значи ова Собрание, сепак тука сме да констатираме дека е претворено во делигитиматор на владиното неработење, јавашлук, незнаење, пропуст, па ако сакате малверзации и манипулации. Но, за овие прашања во некоја друга прилика. А сега збор, два во однос на Буџетот.

Предлагачот во образложението на предлогот, односно Предлог-буџетот за наредната година кажува дека при конципирањето на овој буџет земени се во предвид првенствено политичките околности, политичката,

безбедносната состојба во земјата, економската состојба и тн., што асоцира дека Владата, односно предлагачот признава на директен начин дека оди кон правец на милитализиран буџет или воен буџет. Дополнителни докази кон ова се енормното зголемување на средствата кои се предвидуваат за Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана за наредната година. Предлагачот кажува дека од фискален аспект се предвидува таков буџет од причина што се неопходни средства во однос на обновата на разрушените до-мови, одржувањето на мирот, пописот на населението кое се одложува, изборите, развојот, решавањето на проблемот на невработеноста и ред бројни првоаприлски ветувања својствени на оваа структура која ја води државата. Според предлагачот со ваков буџет се очекува пораст на домашниот производ некаде околу 4% при инфлација некаде 2,5% и одржување на стабилниот девизен курс на денарот, потоа структуралните реформи во стопанството и врв на се пораст на платите во стопанството 4,5% и 0% во нестопанството, или работниците кои примаат плата од буџетот на државата. Да одиме со ред. Констатациите дека ќе имаме, или се очекува барем така предлагачот мисли, пораст на домашниот производ за 4%. Јас не сум економист, мегутоа дури и како таков мислам дека дури како научна фантастика порастот од 4% е смешна работа од причина што ние минатата година имавме проектирано и предвидено пораст на домашниот производ некаде 6%, а тој заправо падна повеќе од 5%. И веројатно оправдувања можат да се најдат колку сакате, бидејќи во политиката и на јавноста се е можно да се сервира и за жал се е можно и релативно да се прифати од тоа што се сервира. Со ваква организациона структура, со ваква свест и совест кон стопанството, со ваква политика, со вакви даноци, ДДВ, акцизи и тн., данок на добивка навистина е незамисливо да се остварува проекцијата од 4% зголемување на домашниот производ.

Второ, стабилен курс на денарот. Тоа веќе сите го знаат дека тој курс вештачки се одржува со години, а сега уште на повидок е веќе нов старт, нов скандал, пад во овој аспект, така што граѓаните фактички се ограбени со своевиден грабеж од 50 милиони германски марки со своевидни манипулации и аминување од страна на Владата на Република Македонија каде фактички на мафијашки начин граѓаните беа ограбени со 50 милиони германски марки, девалвирајќи ги нивните пари за од 10 до 15% затоа што банките по нечие надворешно аминување не сакаа да ги примат девизите, а по црни канали тие девизи сепак беа примени и тука фактички се случи грабеж кој јас го нарекувам нов ТАТ со 50 милиони германски марки.

Трето, структуралните реформи во стопанството. Јас мислам ако Владата мисли да направи такви структурни реформи во стопанството како што беа во последниве две, три години, подобро е навистина да не ги направи. Од причина што тие не само што беа партизирани, политизирани, туку беа и непрофесионализирани, па ако сакате и криминализирани. И затоа најголема услуга на стопанството оваа Влада може да и прави, ако ништо не прави во доменот на стопанството. Така што студијата е многу покорисна од било која акција на сегашната влада.

Четврто, реформите во државната администрација, рационализација на вработените и тн. И тука се поставува прашањето кој до ден денеска од некоја држава која може да ни служи како мостра, направи реформа во државната администрација со пораст на плати 0%, а дури реалноста е уште пожалосна, тоа е паѓањето некаде 4 и 5% годишно. Значи да реформирате државна администрација е чувствителен сегмент на државата без финансиски стимуланс, тоа е апсурдно, па и смешно да се кажува за тие кои имаат основно знаење врз основа на државната администрација како се организира и функционира. Значи што да се направи и која е замислата на веќе неколку годишното замрзнување на платите за тие кои примаат плата од Буџетот и што се очекува од настанвиците кои со години примаат иста плата, а реалната вредност на таа плата опага неколку проценти годишно, а очекувате здрав воспитно образовен процес. Тоа никаде го нема. Тие луѓе се мизерија и тероризирани како такви и неможете од нив да очекувате креативна работа, а без образвоание нема да имате здраво општество. Што ќе правиме со тие професори кои исто така живеат од таква мизерна плата, или што ќе правиме со тие инспектори, или административци кои сакаме да ги реформираме со таква плата, а се знае дека корупцијата е првенствено резултат на слабо платени работници во државната администрација и јавните служби. Се кажа дека Владата домаќински и максимално ќе постапува со парите врз принципот на рационалност, ефикансост и екномичност и целосна контрола на бројот на вработените. И тука се поставува прашање, кој ќе ни верува на ова, ако некој се најде да верува кажете кој е тој за да го предложиме за шампион на наивците во светот. Мислам дека оваа Влада наспроти сите ветувања на ММФ и други финансиски институции таа фиктивно вработила некаде 10.000 нови луге во државната администрација, јавните служби, јавните претпријатија, со договор, без договор, со статус, или без статус и со тоа фактички ја дезинтегрира целокупната државна администрација, потоа ризикува стопанството што дополнително таа била принудена да отпушти некаде 100.000 луѓе кои останаа денеска на улица, или пак гревовите да ги прифати во неговите гради и партиите кои до вчера ја напаѓаа. Дали тие партии ги консултираа граѓаните, или како што популарно велиме избирачите, или не, тоа е нивно право и нивна одговорност. И секој може да се прашува колку среќни ќе бидат граѓаните кога велат дека нивните претставници навистина имаат неограничена љубов кон Владата.

Или да веруваме на циркусот што го правеше министерот за образование кој мислеше дека, за да се задоволи барањето за рационализација во администрацијата, треба да се отпуштат чистачките итн.

Потоа кај проекцијата на даночните приходи постои нешто невидено во тие што имаат елементарно знаење во однос на буџетот. Има едно чудо, се предвидува буџетот да се пополни од финансиски трансакции 8%, а од царините исто така 8%. Тоа од причина затоа што царината претрпува структурни промени или со некои држави имаме размена со 1% данок. Тој данок од 1% не е од денеска, тоа се применува веќе 3-4 години, тоа е факт. Дали ова е резервирање на криминалот кој треба да помине низ границите за потоа тие средства да не се каже дека царина-та не ги исполнува своите очекувања.

На крајот на констатациите дека буџетот има развојна компонента или раз воен карактер исто така е смешна работа од причина што ако се погледне буџетот најмалку 27% од ДДВ, 16,5% од акцизи, не можете да имате никаков развој.

Сосема на крај да кажам дека без оглед на тоа што со Охридскиот договор се придржуваше решавање на високото образование на албански јазик, не само што не е почнато барем политички да се решава, за жал не се предвидени ни резервни средства за тоа, а се работи за преземени обврски од страна на потписниците со посредство на меѓународниот факт.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Почитувани колеги, почитуван министре за финансии, дозволете ми да соопштам некои свои размислувања во врска со Буџетот целосно респектирајќи го сето ова што во текот на денешниот и вчерашниот ден а и другите наши колеги го истакнаа како загриженост за тоа која насока всушност се движи финансирањето на потребите на државата во Република Македонија.

Г-динот Таки Фити кажа дека ние практично се соочуваме со буџет за кој не добиваме образложение и кога го добиваме тоа е многу сувопарно, се кажуваат само крупните бројки додека за буџетот не можеме да видиме во основа, никакви детаљи каква политика се води. Тоа се одбегнува и во образложението, посебно се избегна во воведниот говор и практично сме доведени во позиција никогаш да не дознаеме однапред каква политика планира Владата да води во 2002 година, а уверен сум како и сите вие што сте уверени дека Буџетот на Република Македонија, не е просто и едноставно финансиски план за работа на државата во идната година, туку во основа е финансиски репрезент и индикатор за тоа каква политика мисли да води државата во идната година. Сето тоа наоѓа одраз во овој буџет. Ние тоа не го добиваме од оваа Влада како образложение и постојано се упатуваме на некои покрупни работи зад кои никогаш нема да видиме, она што и г.Гештаковски го зборуваше во одредени свери, а и г-Билали што всушност како замки се крие и зошто тоа се прави.

Дозволете ми на пример јас да дадам една сопствена опсервација на начинот на кој Министерството ни ги објаснува работите во врска со буџетот.

Прво, мислам дека буџетот оваа година по барање на ММФ е подготвен со малку поинаква методологија на упатување на вкупните приходи расходи и дефицитите, ние практично доаѓаме до една констатација која министерот некако не сака да ја изложи во овој парламент неколку пати.

Исто така би сакал само како исклучок ова да го направам, да упатам една критика и сериозна загриженост дека Министерот за финансии веќе трета година не наоѓа за сходно да се појави на матичната комисија за финансирање и буџет каде буџетот на Република Македонија се образлага. Првата година мислев дека е потреба да се снајде во новите услови, втората година дека нешто е зафатен, а денеска сум конечно убеден дека министерот не само по овој буџет, туку и по сите апсолутно сите закони кои ги има понудено во текот на својот две-три годишен мандат не доаѓа на Комисијата за финансирање и буџет и тоа претпоставувам е единственит министер на оваа, претходните и сите влади од 1990 година кој води ваква политика во однос на собраниските комисии со непојавување.

По законот ние ќе ги држиме и понатаму комисиите се додека има повереник на Владата, меѓутоа, ако министерот смета дека парламентарните комисии се нешто каде не мора да се појави, тоа треба да го соопшти во овој парламент, затоа што на телевизија гледаме дека секогаш има поважни работи од тоа. На пример да се појави на доверување на награди, парични приходи, дискотеки. Веројатно во тој приоритет на неговата работа Собранието е нешто каде по законот мора да се појави и затоа неволно се појавува, но на комисиите не се појавува. Кога не се појавува на комисиите и самиот треба да е свесен г.претсе-дателе зошто собраниските сесии личат на комисиски расправи. Зошто г-Таки Фити вчера мораше да го праша од каде тоа Централниот депозитар на хартии од вредност е буџетска институција, па тој да одговори дека е грешка, дека треб ада биде регистер наместо депозитар, работи кои во суштина се надминуваат на комисии во една расправа. Меѓутоа, ние овде сме изложени на сите грешки од Министерството да ни се укажув, на пленарни седници каде не му е местото.

Во тие рамки дозволете да дискутирам и за уште нешто друго.

Владата на РМ, оваа година ни понуди буџет во кој ги проек-тира вкупните расходи на буџетот на РМ, само на Централниот буџет без фондовите кои се составен дел да се на ниво од 66 милијарди денари.

Меѓутоа, кога ќе го погледаме дефицитот и начинот на кој се финансираат овие потреби ќе видиме еден фрапантен податок дека државата оваа година најдрастично си ги пружа нозете многу подалеку отколку е чергата што може да ги покрие. Од 66-те милијарди денари кои треба да се потрошат во расход, затоа што државата во последните години апсолутно не води никаква сметка за буџетската расходна страна туку само ја зголемува и ќе објаснам по кои основи, доведени сме во ситуација редовните функции на државата кои треба да се финансираат од редовните приходи на државата практично тоа не можат да го направат Ние, со редовната политика што ја води Владата, имаме приходи од 52,% милијарди и тоа се вкупните приходи, а со нив треба да финансираме 66 милијарди расходи. Како Владата во основа го решава проблемот во овој буџет со финансираше на тековните работи за 2002 година.

Прво, со 4,922 милијарди приходи од приватизација, каде што во огромен дел во 2002 како и во 2001 година веројатно со некој ребалаз пред изборите ќе добиеме и поголема сума доколку супеат да го убедат ММФ, ќе сватиме дека бесомучно ќе се потрошат парите од Телекомот кои се таложеле со инвестиции од 50-тина години во Република Македонија во текот на 2-3 години и тоа за финансирање на тековните потреби на државата, а тековните потреби се дадени во еден анекс водоводи, патишта кои апсолутно нема да има никаква корист никој затоа што знаеме начинот на кој се договараат и градат. Што значи, едниот пристап да се покрие тоа што тековно не можеме да го собереме, а сакаме да го потрошиме е со она што го акумулирале генерации и генерации наназад и сега треба да се потроши во една година.

Второ, донации 4,7 милијарди денари или двете заедно околу 10 милијарди денари, донации за кои на Комисијата зборувавме и го слушнавме повереникот на Владата кој апсолутно не не убеди дека овие данации се нешто на што можеме да сметаме. Меѓутоа, апсолутно сум убеден дека расходната страна на Буџетот ќе преземе обврски во текот на годинава и на крајот од годината особено по изборите некоја нова Влада да свати дека донациите не се реализирани и да го остави буџетот за 2003 година да ги покрива обврските од 2002 година кои повеќе се извршени отколку што треба. Тоа можеме да го потврдиме со фактот дека донациите на Македонија се ветуваат врз основа на некои политички чекори што требаше да се направат или допрва ќе се направат, дека тие донации ќе се случат во текот на договорите за донации во текот на календарската 2002 година и најголем дел од оние држави кои сакаат да донираат тие обврски ќе ги проектираат за некој свој буџет или ќе го извршат во 2003 година или 2004 година. Се раазбира дека сега ќе добиеме одговор дека тоа е договорено, но тоа беше договорено и за косовската криза, па не се случи, тоа беше договорено и во Владата на Бранко Црвенковски или во текот на неговите 1,5 мандати на неколку пати и тие приливи во основа се случуваат со неколкугодишно задоцнување или не се случуваат.

Третата работа која ја сметам за невообичаено финансирање на тековните потреби на државата е данокот на финансиските трансакции или популарно наречен двоен данок кој овде се планира во висина од 5,2 милијарди денари иако министерот кога го носевме законот за воведување на данок рече дека доколку во 2001 година приходите до проектираното се исполнат во еден момент тој сам ќе предложи на собранието укинување на данокот до 31 декември, но тоа не го стори приходите се надмашија, а сега ни понудува закон кој уште не е поминат, но тој закон го проектира во буџетот во висина од 5,2 милијарди во 2002 година. Само да потсетам на следното:

Прво, воената ситуација во Македонија е завршена.

Второ, одредени таканаречени безбедносни расходи во одбраната и во внатрешните работи и без воената криза заради тоа што се случи а власта не го очекуваше ќе мора не само во наредната година туку во наредните три четири пет и повеќе години да се проектираат на поинакво ниво отколку на тоа што било во 2001 година. Меѓутоа, исто така да не заборавиме дека наспроти ова што министерот овде го соопштува со Буџетот и со образложението во врска со воениот данок дека Министерот за одбрана на РМ, во едно свое неодамнешно интервју соопшти дека врвот на воената криза е надминат и дека треба да очекуваме многу брзо таа целосно да се заврши, дека само пред 7 дена г.Трајковски овде во своето уставно обраќање во парламентот го соопшти тоа што го сопшти во врска со воената криза кога бил врвот на амплитудата на воените дејствија, кога тој очекува да се намалува и кога тој практично очекува да се заврши. Меѓутоа, тие високи функионери на државата не го предвидуваа во текот на 2002 година истото што било и во 2001 година. Тие не предвидуваа дека ќе има големи воени дејствија, тие не предвидуваа дека ќе имаме ист број на резервисти кои ќе треба да ги финансираме и ист број на муниција и иста потреба за купување на оружје како во 2001 година. Н ие во 2001 година тоа го направивме во основа со резервите од државата и со воведување на воениот данок. Сега кога овие функционери кои се сега тоа го соопштија во едно интервју но неофицијално интервју на излегување од некаква изложба претпоставувам дека беше некоја

уметничка изложба г-Георгиевски кој кажа дека очекуваме воените дејствија во 2002 година да се намалат и постапно да ја преземаме контролата.

Сите овие функционери укажуваат дека потребата од зголемен обем на воен данок во 2002 година не е потребен, освен буџетот каде сега гледаме суштински дека тие изјави не важат и дека министерот односно Владата во овој случај ни предлага буџет кој треба исто толку воено да се подготвува РМ, како во 2001 година.

Дозволете колеги пратеници да соопштам дека тука нешто не ми оди како што треба. Ако предвидувањата за релаксирање на безбедносната ситуација се во насока за која зборуваат г.-та Поповски Владо, Трајковски и премиерот Георгиевски тоа треба да има соодветен одраз и во буџетот. Вака конципиран буџет со ваква бројка со малку покачување на средствата во одбрана и внатрешни и една огромна стафка во функција на Министерството за финансии во функциите на државата која зборува за безбедносните потреби укажува дека ние во 2002 година добиваме буџет и предвидувања од страна на Владата дека ќе се соочуваме со можеби исто толку сериозна воена криза.

Сега да го кажам она причините заради кои зборував за овие три вида на приходи кои државата ги планира.

Приватизации кои не се редовни приходи и кои за година-две ќе застанат во РМ, како извор на приходи на државата 4,9 а донации 4,7 воен данок 5,2, сите тие собрани 15 милијарди денари приходи на буџетот. 15 милијарди приходи по основ на некакви вонредни мерки во државата кои не можат да финансираат тековни потреби во текот на идните десет години, туку можат оваа година тоа да го направат и евентуално уште половина година до 2003 некоја донација, некоја приватизација некој нов финансиски намет под изговор воена криза. Меѓутоа, ние не можеме да ја финансираме државата со вакво темпо на расходи какви што оваа Влада зацртува на долг рок. Јас ќе сватев ако Владата може да понуди политика на собирање на даноци во висина од вкупни приходи 53 милијарди во кои се вклучени 5,2 милијарди воен данок кој јас би го тре-тирал во суштина во ставката на првата страница III-дефицит на финан-сирање затоа што тој за нас е вонреден данок кој не може да продолжи постојано да се зафаќа. Идната година ќе ни остане дупка кога ќе се укине овој закон или ако се промени Владата и претходно ќе се јави дупка од тие 5 милијарди во вкупните приходи од 53 милијарди кои исто така не можат да се финансираат постојано се преземаат обврски, нашите расходи се на 66 милијарди утврдени оваа година што значи 15 милијарди ги финансираме со вонредни приходи. Тие вонредни приходи се оваа го-дина идната и преку идната, но на долг рок не можат. Наместо Валдата да почне да води политика на собирање на расходната страна таа вове-дува постојано вонредни мерки. Оттаму не верувам дека овој буџет на долг рок може како политика да издржи. тој може во 2002 оваа Влада и понатаму да го спроведува, да зафати околу 200 милиони ДМ, за воен данок од стопанството и граѓаните, тоа се еве нека не се 200 нека се 170, може да троши средства за приватизација, меѓутоа, таа работа на долг рок не може да функционира.

Во врска со буџетот би сакал да го соопштам и следното: Буџетот е одраз на политиката на РМ, што Владата има намера да ја води во 2002 година. На Комисијата јасно и гласно се постави прашањето кои се приватизациите и политиката на давање на концесии на јавните овластувања на државата на приватни лица кои Владата има намера да ги води во текот на 20 02 година, и врз основ на тоа колку приходи планира во Буџетот. Ни беше соопштено дека по овој основ не се планира ни никакви приходи во Буџетот, а во исто време министерот за транспорт и врски секојдненво на телевизија и по прес конференции најавува дека Македонските пошти сака на крајот на мандатот да ги издаде под 20-годишна концесија на странска фирма.

Таа концесија подразбира финансиски средства. Во Буџетот не се предвидуваат, министерот ја предвидува. Значи се води една политика, од аспект на Парламентот гледано, која не ни дава слика што Владата планира во 2002 година.

Министерот за економија, директорот на ЕСМ и уште некои високи владини функционери цело време најавуваат дека во сверата на електроенергетиката ќе имаме ист процес на приватизација и процес на концесионирање на јавните овластувања вов рска со производство, дистрибуција и т.н. на електричната енергија, тука не се предвидува. Од тоа можам да сватам дека во 2002 година Владата ќе води атхок политика која не ја планира во Буџетот на РМ за 2002 година. Кога ќе дојдат изборите, ќе почне брзо брзо распродавање за да не остави нешто на идните генерации, ќе почне со брза приватизација на некои јавни дејности од сите страни сме соочени со тоа дека Владата апсолутно не мисли ништо да остави во јавна сопственост. Телекомуникациите отидоа, Електростопанство се најавува, го поттикнува процесот на погрешно приватизирање и концесионирање на јавните дејности на локалната самоуправа, Македонските пошти и ние практично сега секојдневно се соочуваме со прашањето, кога, кога ќе излезе некој министер што има во својата дејност јавни претпријатија, нема да ни соопшти, или јавна надлежност извршуваат, дека и тоа ќе го дава под концесија. На друга страна пак нешто Што треба прво да оди во процес на приватизација и да го снема од јавното овластување, го финансирааат дебело со кредити од Советот на Европа, за стамбена изградба, од Тајван, во времето на тајванската авантура на РМ и сега јавното претпријатие за стамбен и делвоен

простор наместо брзо да се внесе во приватизација, станува најголемито фактор на изградба на станови во РМ, трансфери, прифатизации и т.н. односно продажби. Наместо тоа претпријатие да влезе прво, тоа влегува последно. Ние од Буџетот не можеме да видиме една доследна политика во таа свера на Валдата на РМ. Исто так аи со концесиите.

Јас како пратеник, по втор пат од говорница на Собранието соопштувам дека апсолутно не ми се допаѓа концесионата политика што ја води Владата. Таа како да изгубила компас кои се тие јавни овластувања што може како концесија да ги даде на приватни и странски фирми. Сите такви досегашни обиди, со приватизација или со концесии завршуваа со еднаква или помала ефикасност, од страна на новиот концесионер и во исто време повисоки цени на услугите што се наметнвуаат на граѓаните. Ако треба за тоа ќе дадам примери, кои се тие фирми или дејности во РМ кои се концесионираат или продаваат на странци, ефикасноста не се зголемвуа, вработувањата не се зголемуваат, инвестициите не се зголемуваат, а цените на услугите што ги трансферираат до стопанството и граѓаните се зголемуваат непосредно пред концесијата или приватизацијата, со цел да се изврши приватизацијата во веќе оформени подобри услови, или непосредно после тоа најавување за зголемвуање. Ќе ги соопштиме, ако треба и кои се тие, затоа што се сметки кои секојдневно се добиваат или се плаќаат како услуга.

Сега претпоставувам следи истото и со Поштата. Државата не можејки да управува со Поштата, на начин кој ќе обезбеди ефикасност, гледа што побрзо да се отараси од неа, а после ќе се прашува таквото отарасување колку ќе не чини нас. Давање на концесија на 20 години на странски партнер ве уверувам дека не значи ништо друго, туку продавање на 20 години затоа што за 20 години одговорноста од сега не миожеме никако да ја проектираме. Концесија на 20 години. Впрочем зошто да веруваме дека канадската Валда преку своето јавно претпријатие ќе управува подобро со нашето јавно претпријатие. Имаме еден таков пример. Рафинеријата "Окта" се продаде на грчки партнер што е исто така јавно претпријатие, државна фирма, ниту имаме нови вработувања, ниту сериозни нови инвестиции. Цената отиде, пазарот се монополизира и т.н. Мислам дека во основа се води и погрешна политика со администрацијата која е сериозен дел од Буџетот на РМ, мислам потребите на администрацијата за нејзините плати и другите трошоци што е исто така една погрешна политика која сега можеме да ја сумираме, на крајто од мандатот на оваа Валда, како што е последниот Буџет што го нуди, дека всушност не успеа да обезбеди намалување на администрацијата, не успева да обезбеди намалување на трошоците, а во исто време од политички причини игра пинг-понг со институциите што ги отфрла и што ги прифаќа, на Буџетот на РМ. Еве дозволете да дадам неколку примери:

Од доаѓањето на власт на оваа Влада корисници на Буџетот кои се зголемиле, како раздели еве ќе кажам: Раздел 04007 - Агенција за развој и инвестиции, нова буџетска институција. Раздел 04008 - Агенција за државни службеници. Раздел 09006 - Национална платежна картичка. Советувањата што ги слушнавме овде, меѓутоа за тие ветувања, со оглед на тоа што Владата не издржала досега со своите ветувања, ќе зборуваме по шесте месеци, ког аќе видиме дали таа ќе се извлече од Буџетот. Сега е тука. Креираме нова буџетска институција и ја помагаме. Понатаму 09007 - Агенција за блокирани сметки. 09008 - Централен регистар за хартии од вредност. 12101 -Министерство за животна средина. 16002 - Биро за развој на образованието. 16101 - Агенција за млаи и спорт. 19101 - Министерство за локална самоуправа. 19201 - Агенција за иселеништво и ред други многу поситни.

Колку се тоа институции што ги наброивме а што не постоеја на 1 јануари 1999 година, кои сега државата ги финансира, во исто време кога ни се соопштува дека други институции треба да се намалат. претпоставувам затоа, од истите причини позицијата Раздел 25001 - Биро за судски вештачења, од 10 милиони кои се обезбедувале во текот на изминатите 2 години, се планира на 3,9 милиони. Претпоставувам дек аидејата е да се отфрли од Буџетот после 4-4 месеци, за што сега ни е понуден закон. Која е логиката постојано да исфрламе институции од Буџетот, а да креираме 7-8 пати повеќе во секоја година. Затоа апелирам, кога ќе дојде законот за органите на управата, ние пратениците да не гласаме за укинвуање на органот на државната управа, Биро за судски вештачења и оваа ставка да се врати на позицијата на која треба да биде. меѓутоа, отом потом откако законот ќе дојде на дневен ред. Сега Владата само го проектира. Сега се соочуваме со апсурдите, Владата несакајки да ни соопштува што се случува, Гештаковски зборуваиш за тие програми, ние финансираме државни органи на управата во кои повеќе инвестираме за администрацијата отколку за нам9ните за кои тие треба да функционираат. Еден апсолутен апсурт.

Сега дозволете ми да го поткрепам овој податок со следново: Имаме Агенција за млади и спорт. Во ерата кога ни се полнат ушите дека треба да се намалува администрацијата, ова е новокреирана агенција, со нови овластувања кои прет тоа не постоеле во оделен орган. Буџетот предвидува за вработените на оваа Агенција,

кои знаеме како се регрутираат од каде се регрутираат и со какви задачи а тоа ќе се соопшти еден ден, не може оваа Влада да опстане идните 100 години, ќе се соопшти од каде се регрутираат и каде се насочуваат парите, само тоа сега нема да го соопштиме. Јас ве уверувам, еден ден кога ќе се смени власта на оваа држава и ако биде власт во која ќе партиципира, и макар со еден министер СДСМ, тогаш овие позиции ќе ги образложиме: вработувањата, позиционирањето, трошоците, по детално. Сега нема потреба затоа што немаме моќ тоа да го направиме, бидејќи власта е на друга страна, меѓутоа укажуваме на време. Сега кој е апсурдот. Агенцијата за млади и спорт користи од Буџетот 14 милиони денари средства, подставка администрација. Толку се трошоците на администрацијата, а тие едновремено постојат за да потрошат од Буџетот 12 милиони денари за функцијата млади. Замислете каков апсурт, креираме орган во кој 14 милиони се трошат, со цел тие 14 милиони што ја троши администрацијата, да распределат 12 милиони за функција. Тоа е целосно изврртена логика. Може да е обратно, да финансираме администрација со 1 милион денари, коај е потроши 20 милиони денари за програми. Но, да финансираме 14 милиони во администрација која ќе распредели 12 дополнителни милиони, што значи повеќе од 50% од стапката тука, е за финансирање на администрацијата односно за финансирање на потребите кои ќе ги соопштиме кога ќе дојдеме на власт. Апурдот да биде ушт епоголем, сите 12 милиони се содржани во една потстапка, во категоријата тековни трансфери и субвенции која е 12 милиони има потставка 442113, трансвер Здружение на граѓани. Значи овие 14 милиони денари ќе ги потроши администрацијата, со цел некој на чело на таа администрација да расредели 12 милиони, по негова воља, по Законот, на кого тој сака, а во исто време никогаш не ни се доставува овде список на кого се поделени овие средства, на кого се делат средствата од Министерството за финансии кај државните функции кај здруженијата на граѓани што се поинакви. Кај кого се делат средствата за медиумите, па после екпост да добиваме извештај каква политика води Владата спрема медиумите. Оние што имаат две три иљади тираж добиваат по 30% од средствата. Тие што имаат 50 иљади тираж добиваат по 10% од средствата. Меѓутоа тие со 3 иљади ја водат владината проагандистичка политика и се задолжени да пишуваат против опозицијата и против се друго што не мириса на Владата на Љубчо Георгиевски.

Сега да прашам уште нешто. На пример Министерството за образование е со помалку средства за финансирање на нижите музички училишта. Никој во образложението или во овој Буџет што сме го добиле ако треба да има образложение од 500 страни, не пишува дека таа ставка таму е помала заради тоа и тоа. Пред пратениците нема потреба од тоа. Треба да се побунат професорите за да дознаеме дека нижите музички училишта се бришат од финансирањето на Буџетот.

Сега јас поставувам две прашања.

Прво зошто не ја симнеме администрацијата на младите регрутирани од одредена структура, на подносливи граници, па со тие пари малку да ги стимулираме младите што не се партиски определени, за нижите музички училишта.

Второ како може Агенцијата за млади и спорт да се согласи финансирањето на нижите музички училишта да отпадне од Буџетот, ако се грижи за младите. За кои малди се грижи? Една од грижата за младите е таа Агенција да побара официјално, ако е веќе во состав на оваа лада, младите да имаат можност во нижите музички училишта кои ги финансира РМ, да можат да се запишуваат. Сега ќе може да се запишуваат по критериуми кои не ја засегаат државата. Тоа за свои пари може секој да го направи. Значи се води многу дискретна политика, скриена политика. Не се кажуваат позициите, не ни се најавува политиката, не се кажува зошто една ставка е помала, не се кажува што се неја се исклучува од финансирањето, освен законски преземените обврски кои Владата не може да ги заобиколи. Тие се толку колку што се. Ако сме донеле закон со кој финансираме социјална помош под критериуми, Владата тука има врзани раце во Буџетот. Имаме и ние врзани раце, се додека законот постои. Се работи за оние дискрециони политики со кои Владата функционира. Ќе финансира училишта, нема да финансира училишта. Потребни се 12 милиони за здруженија на граѓани, или потребнис е за нижи музички училишта. Кои се приоритетите на оваа држава. Сега такви примери можат безброј да се кажуваат, за што зборуваат и многу други пратеници. Меѓутоа основата е дека ние се соочуваме со образложение ко9 не држи затоа што ништо во основ ане кажува. Ние овде сме апрламент кој води грижа за сите сегменти во државата, не само дека вкупните расходи и приходи биле толку и дека врз осно ана тоа ќе се финансира едно или друго, а на почетокот кажавме дека вкупните расходи сме ги димензионирале 15 милијарди повеќе отколку што тековно во годината обезбедуваме со даноци и другото го финансираме од фондови кои се атхок. Идната година, или за година две тако тие фондови ги снема тогаш некоја нова влада ќе треба да се соочи со еден надуен балон од 66 милијарди денари трошоци, а приходи 50-тина милијарди. И тогаш ќе се чудиме како тоа царините паднале, како тоа во структурата на даночните приходи на Буџетот, наспроти целата логика растат доаноците кои со

индирекно оданочување, директните оданочувања паѓаат. Персоналниот данок се намалува. Директно оданочување. Данокот од добивка и од капитални добивки се намалува, директно оданочување. Данокот на додадена вредност незначително се намалува, односно стагнира. Акцизите не правилна политика се намалуваат, затоа што знаеме кои се наши акцизни стоки.цигари, алкохол, неправедно кафето се симна знаете зошто се симна, тоа го кажа самата Влада. Ние не можеме на границите да го контролираме шверцот на кафе, кога веќе не можеме и се јавува дискрапанција на пазарот, оној што успева да прокриумчари низ царината и низ оилицијата, кафе, има многу ниска цена. Тој што го плаќа акцизниот товар и на пазарот е нерамноправен. Сега наместо да ги фатиме тие што шверцуваат кафе, како да е игла па се става во новчаник, се шверцуваат камиони со кафе, ние го укинуваме акцизниот намет на кафето и за сите други и сега ќе ни паѓаат акцизите. Царините паѓаат и се изедначуваат, дури се и помали од военито данок. Апсолутен апсурд, за кој зборуваа и другите. Меѓутоа, затоа имаме еден резервен балон кој се вели данок на финансиски трансакции, така наречен воен данок, 5,2 милијарди и сега ќе кажуваме намалуваме персонален данок, намалуваме данок на добивка, намалуваме акцизи, царини, водиме светска политика, а сето тоа го компензираме со еден друг данок, во висина од сите тие намалувања и плус повеќе, 5,2 милијарди. Сега на кого ние му соопштуваме, намалуваме даночни оптоварувања за оние кои ќе купат, еве, Законот чека на дневен ред, апарати за регистрирање на готовиски плаќања, 25 илјади денари ќе му олесниме од данокот за да го купи апаратот, но во исто време со данокот за финансиски трансакции, извинете на изразот, ќе го заколиме на секоја финансиска трансакција со 1,5 или 2%, како што кажуваат стручњаците, прими ги парите префрлиги, испатиги, половина процент од секоја трансакција. Подобро на човекот не му го давајте овој воен данок, оставете му го персоналниот данок и данокот од добивка да си го плаќа редовно, повеќе ќе заработи, мислев на правното лице, кога кажав на човекот. Од овие причини од причини што ги кажаа другите говорници, јас можам да констатирам дека Валдата со Буџетот не ни нуди политика, нуди една бледа копија на финансирање на потребите кои ги има владеачката ВМЕО-ДПМНЕ, а по малку и државата, води дискретна политика на несоопштување на политиката со финансиите, генерално во наредната година, а тоа се прави заради тоа што годината која следи е изборна, нема јануари, нема април, во септември мора да биде. Тука ќе треба уште нешто од овие 66 милијарди да се потрошат или од приходите кои ги планираат по други основи, да ни ги дадат како ребаланс во последните 3-4 месеци од мандатот. Го дадовме вториот мобилен апаратор, ги дадовме макеоднските пошти, ќе дадеме уште нешто во меѓувреме, ќе направиме уште некоја приватизација, брзо ќе добиеме ребаланс, брзо брзо ММФ по втор пат ќе ни ја прекине соработката, ќе не врати на нивото кое го доби Србија откако 10 години беше исклучена од Меѓународната заедница и ние ќе се фалиме тука, видете успеавме да се избориме со ММФ. Успеавте да се изборите со ММФ, ама за тоа аранжманот ви е таков.

И од тие причини не сме уверени или јас лично дека Владата има некоја конзистентна политика што ни ја нуди на ваков начин. Таа ќе биде во корист на Владата, како што кажа владиниот портпарол, пред 3-4 месеци, мислам дека таа политика несвесно соопштена се влече до ден денес. Дека од оваа политика државата нема да има никаков проблем. Проблем ќе имаат граѓаните на Република Македонија, како што соопшти тогаш со овие цени што Владата ги одобри. Дека, проблемот ќе го имаат граѓаните, а државата нема да пати. Мислам дека ова е токму таква политика. Владеачката партија и тоа потенцирам, владеачката партија, а не сите владеачки партии, владеачката партија ќе има добри инструменти за манипулирање со финансиите на државата, нејзините партиски фондови ќе се полнат, не сакам да изговорам и нешто друго што ќе се полни, а меѓувреме сето друго на товар на граѓаните ќе се празни. Така, државата ќе биде супер, граѓаните ќе бидат финансиски лоши и ќе живееме срећно 100 години на таков начин, колку што предвидуваат дека ќе владеат на таков начин.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? Господин Гошев Петар.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани колеги,

Има многу пратеници што зборуваа и денес не мислев да дискутирам, ама ме поттикна некоја дискусија, ме испровоцира некоја дискусија и така решив да дискутирам. Јас не сум поттикнат од некоја дискусија за да дискутирам, ама мислев да не дискутирам, заради тоа што работиве сме ги дискутирале повеќе пати, едноставно се повторуваат и се прашувам често пати дали воопшто вредат било какви укажувања на пратеници за промена на влијанието на однесувањето на луѓето во извршната власт. Овде не се работи само за буџетот, централна тема е буџетот, се работи, нели, за економска политика за идната година. Иако ние сега имаме од овие материјали кои се доставени, главно, перцепција на економската политика за идната година и тоа преку буџетот и преку некој ситенж околу буџетот што се нуди,

Некои работи, би сакал сепак, да ги повторам, затоа што сум ги зборувал по

слични поводи, иако овој пат ќе се потрудам да биде мошне кратко.

Прво, што мислам дека е добро во оваа ситуација во целава недобра ситуација во Република Македонија. Добро е што и дури можеме за успех да го сметаме во вакви околности, со вакво управување во земјата што оваа година ќе усвоиме буџет, а тој ќе се усвои, затоа што такви сме и така се однесуваме, можеше да ни се случи и да не донесеме буџет во оваа година. А и не би било тоа некоја новина, затоа што и во многу понормални ситуации одговорните не супевале да направат навреме буџет низ целокупната буџетска постапка за конечно усвојување на таков важен државен акт. Значи, добро е што ќе усвоиме буџет што ќе има Република Македонија, централен буџет и овие другите буџети.

Добро е уште нешто во оваа ситуаицја, што сепак останавме под контрола на ММФ, што е многу, многу важно за нас какви што сме, што доведе до планиран дефицит од само 350 милиони марки, а не од 600 или 700 милиони марки и тњ, колку што сакаше да ни направи Владата со првичните проекции со разговорите во летото со ММФ. Значи, многу е добро, иако звучи парадоксално што туторот ни остана тутор, инаку ќе направевме којзнае колкава дупка дефицит во буџетот и за наредната година.

Добро е и тоа што немаме баш многу избор за менување на вкупниот обем на средствата овде во Парламентот, бидејќи тоа е мачно усогласено со таа моќна институција, да речеме ММФ. Инаку, без неа и овде е во Парламентот исто би биле способни да направиме дар - мар со буџетските големини, со буџетските ограничувања, фискалните ограничувања со фискалната дисциплина и тн. Значи, добро е што сите овие години тие луѓе ни ја одржуваат каква - таква фискалната дисциплина на генерално ниво, како глобално димензонирање на буџетската и вкупната јавна потрошувачка.

Што не е добро? Што ММФ ни прави програма за штедење преку вкупните ограничувања на буџетот, на обемот, а ние во оваа сиромаштија немаме програма на штедење во државата. И, што нашето штедење се остварува преку тоа што тие ќе ни речат само толку пари можете да соберете и толку пари можете да планирате за трошоци и ништо повеќе од тоа и ништо понатаму од тоа. На целокупната сиромаштија на граѓаните и стопанството, тие се грижат за штедењето во македонската држава. Македонската држава, македонската власт нема алармантна програма во вакви ситуации на заштеди на сите нивоа. Или, ќе ни биде одговорено, има ние водиме сметка, ама вие тоа не можете од каде да го видите по кои стапки, по кои анализи и тн. Не е добро што нема елементарна, а за тоа зборуваа и други колеги, пристојна еволуација на ефикасноста и рационалноста на потрошените средства во ниту една од претходните години, па ни на средствата во оваа година, што дополнително е потврдено и од фактот што завршната сметка за 2000 година уште не сме ја усвоиле, таа допрва ќе треба да се утврди на оваа седница. Што исто така е недопустливо за една сиромашна земја, која постојано просјачи по светот и чувствувам дека почнува да се гордде со тоа што успеала да закаже и да одржи донаторска конференција, за да ги покрива своите дефицити, своите дупки, своите нерационалности, своите неефикасности, своите неодговорности.

Не е добро што нема квалитативна анализа за евалуацијата на предложениот распоред на предложените средства. Онаа анализа што е таму дадена односно онаа информација, оној извештај и друг пат сум говорел, апсолутно не е доволен. Тој може да биде подобар од некогаш направен, но тој не е доволен, тој не информира, тој не дава јасна слика за тоа како се потрошиле, како морале да се потрошат и како не морале да се потрошат толку големите средства со тешка мака собрани од сиромашните граѓаии и од сиромашните фирми од Република Македонија. Тоа не е доболоно. Таму треба да сте рексперт за да си направите сопствена анализа, сопствени индексации, да бурички многу по контраверзните податоци од различните институции и да дојдете до некаква приближна, до некаква апроксимација за трендовите што ни се случуваат за секоја ставка од буџетот.

Не е добро што не функционира ниту еден контролен механизам за попречување, констатирање и санирање на злоупотребите на јавните средства, на јавните пари. И понатаму, нашиот министер на нашата Влада се грижи само за приходната страна, а не се грижи за расходната странас. Се грижи тогаш кога нема пари и кога ќе го притиснат да даде таму - ваму и дека останала дупка ваму или таму и сега како да се задоволат тие потреби, за да се намали некој социјален гнев од некоја интересна група. Само во тој случај проработува грижата за таа страна. Инаку, во ниту еден друг случај нема контролен механизам, нема повторувам за тоа како се трошат парите.

Еве, имаме државен ревизор. Јас до сега слушам дека тој државен ревизор има направено некои анализи во некои сектори, во некои фондови, но извештај не верувам дека некој пратеник прочитал од тој државен ревизор. Па, може преку некои специјални канали некој да има, меѓутоа, по нормални канали, објавени, разгледувани, констатирани, оценети извештаи, верифицирани извештаи, нема. Тоа е некоја државна тајна. А, знаеме колкави се злоупотребени средства се случуваат во изминатиот период. За ниту еден

расход нема аргументација дека тој морал да биде толкав и таков. Едноставно, толку е запишано и готово. Така процениле луѓето во министерството или министерот, или некој во Владата и толку. Зошто толку, зошто помалку, зошто повеќе, зошто не дупло повеќе од тоа, зошто исто, како и за некои други работи, не знаеме нема анализа за тоа. Не верувам дека ниту една земја која што претендира да биде добро организирана земја, на овој начин ги подготвува ваквите крупни одлуки, кога се работи за третина или четвртина или за повеќе од третина или за близу половина од националното богатство, со сите вкупни собирања во државата. Меѓутоа, заради сето тоа што го нема, затоа имаме дефицити, кои се правдаат со некакви лаконски одговори. Па, војната беше присутна. Па, добро, војната беше присутна, знае секја домаќинка во Република Македонија и дека во војна работите се лоши, дека во војна има помалку пари, дека војната голта пари и тн. Меѓутоа, нема ниту еден аргумент зошто толку чинеше војната, колку што чинеше. Зошто таа војна, на пример, или на таа војна и се товари толкав дефицит, колкав и се товари. Нема ниту еден аргумент по кои цени ги плаќаше Владата стоките и услугите. Нема ниту еден аргумент, а знаеме од некои конкретни примери и информации дека се плаќаат многу, многу високи цени за производи кои што се наоѓаат со ист квалитет по многу, многу пониски цени. Нема ниту еден аргумент како се набавува и по која цена се набавуваше оружјето во Република Македонија. Зошто баш толку пари се потрошија, по кои цени, зошто така се набавија, дали можеше поинаку и слично на тоа, за да зборуваме за тоа дека дефицитот е дадена големина толкава и ние не можеме тоа да го проблематизираме и тн. Нема ниту еден аргумент колку нерационално се потрошија пари за резервните состави во Армијата и во полицијата.

Вчера министерот лаконски одговори дека националната безбедност е пред се. Точно, јас ќе гласам за тоа дека националната безбедност е пред се. Меѓутоа, дали се потрошија тие пари сите, затоа што мораа да се потрошат за тие резервни состави, употребени, неупотребени, држани без потреба, во состави, во бројки какви што не морало да се држат, во моменти кога не морало да се држат и слично на тоа. Дајте ни некој одговор во врска со тие праања, за да кажеме дефицитот што сте го направиле може да се проголта, може да се аргументира. А, се вели дека најголема ставка за она што се потроши, па дури и за она што ќе се троши идната година се токму трошоците за безбедноста. Дајте ни ја аргументацијата. Ако е тоа доверливо, дајте ни во доверлива процедура да го видиме сето тоа. Дајте ни анализа на трошоците на тие пари комплетно што се направија. Се разбира, нема никогаш да го добиеме тоа, затоа што се мучките и мучкарошите во орото врзани тука и секој нашол свој мегдан да копа по празните џебови на фирмите и на граѓаните и ние тоа никогаш нема да го дознаеме точно колку било и како било, освен тоа што некои поединци ќе дознаат со кого се договориле и како се договориле, кој отпатувал и кој ја договорил зделката и слично на тоа. А, ќе правдаме дефицити и ќе бараме дополнителни приходи и ќе бараме продолжување на законот за финансиски трансакции и слично на тоа, бидејќи е тоа најлесниот начин. Да земеме од тие што уште нешто имаат. И ќе треба овде да кренеме рака за Завршната сметка за 2000 година, потоа за завршната сметка за 2001 година, со мирна совест ние тоа треба да го направиме, за некој што знаеме како стопанисува со јавните пари, кои што се денар по денар собирани од луѓето денеска кои што копаат по контејнерите од армијата контејнерџии во Република Македонија. Е, тоа го нема и ние треба сето тоа да го аминуваме. Добро господо, да аминувамд се, однапред бланко имаат се што трошат на најрационален начин и во Македонија нема ниту една афера. Овде нема аргументи и прашањата се прескокнуваат, иако тие се јавна тема.

Зошто јавната администрација не се рационализира, институционално и кадровски, а тоа е политика усвоена неколку години наназад. Политика, верглана од Владата, промовирана од Владата. А, на крајот бројките што ги гледаме покажуваат дека таму продолжува нерационалноста, лумперајката на државен трошок продолжува. Повторно нема анализа. Сто пати сме говореле кои институции треба конечно да заминат во историјата. Не можете да го оправдате бројот со тоа што ќе ни кажете, е сега се примија во Армијата и во полицијата уште толку луѓе и ќе се примат идната година и затоа нас ни се зголемуваат парите за плати во буџетот, како лош структурен елемент, кој што е констатиран и одбележан одамна. Ама нема ниту една мерка како да се поправи тоа. Напротив, има мерка тоа да се растури. Се разбира, за сето ова не е виновен министерот за финансии, бидејќи одлуки носат други, а преку Министерството за финансии треба да се плати сето тоа. Тоа нам ни е јасно и мене ми е јасно, ама некој мора да се спротивстави на тоа. Мора да каже, а не може исто така тој некој што исто така не е директно одговорен, да земе, пак со сета доблест да го брани тој таков буџет и така структурирани трошоци кои што овде ни се продаваат како дефинитивни, неизбежни, неваријантни, такви и никакви други.

Ние слушаме информации, на пример, по директорот на државната администрација, еве и минатот пат провоцирав, дајте ги точните бројки во јавната администрација. Да видиме дали само во безбедноста е зголемувањето на луѓето на плати во државата или се зголеми на други сектори, во кои фирми, дајте ги да ги видиме. Не можеме ние пратениците да бидеме

статистичари, не работиме сите во Заводот за статистика, не работиме сите во институции кои што имаат друга надлежност и тн.

Нема аргументи зошто по неколку пати повеќе се плаќаат односно помалку се собираат пари од продажба на капацитети, кои што знаеме како се делат во овој период. Преку приватизацијата на државните објекти. Се разбира, нема ни мерка за тоа, нема никаква политика. Се молчи и се чека, всушност ни се соопштува, сега е ноќ, сега е мрак, кој ќе собере, ќе собере и потоа ќе видиме што ќе правиме.

Дали знаете како е земен под контрола од партијата на власт Тутунскиот комбинат во Куманово. Знае и министерот како е земен. Знае ли министерот како е продадено сега Угостителското претпријатие "Метропол"? Метропол не е саниран за 800.000 марки, само. Попречено е тоа за да може да се распредели на конкретни личности. А Тутунскиот комибинат како е приватизиран? Со изуми на кои луѓе од Владата? Еве, го молам министерот да ми одговори, знае ли нешто за тоа или не знае? Тутунскиот комбинат од Куманово побараува 25 милиони марки од МакедоЅија табак. Голдмак побарува 15 милиони марки од Тутунскиот комбинат. А, Голдмак знаете од кого е формирана. Владата што направи и гарнитурата на власт? Ја формираше "Македонија табак 2000". И ги пренесе сите имоти таму, сите побарувања, а сите обврски ги остави на "Македонија-табак". И сега, 25-те милиони побарувања на Тутински комбинат Куманово, со манипулација Владата му ги згасна побарувањата од "Македонија табак". Но,не му ги згасна обврските спрема Голдмак, што е формирано од истиот тој должник. Тие 10 милиони побараувања од Голдмак стануваат 51% учество во Тутунскиот комбинат Куманово. Така се грабнува, се лапа буквално, извинете на терминот што го употребувам, една фирма од една група што е тука на власт, што е блиска до власта и тн. Тоа е само еден пример. Можеме да наброиме колку сакате такви манипулации. Може ли во нормален правен систем, во држава, да се случуваат такви очигледни манипулации? Да изгорат побарувањата на маките на многу, многу луѓе со манипулација? Договорена со судови, со судии, со стечајни управници и тн! И, да се награди некоја група таму, да и се додели едно цело незаслужено богатство.

Ние ќе зборуваме за економска политика, ние ќе зборуваме за економски амбиент, ние ќе зборуваме за труд како основен услов за хиерархија во општеството, како единствен начин да се напредува во општеството. Господине министре, ги знаете ли овие примери?

Јас знам дека ги знаете, а вие немора да одговорите. Затоа ќе ни се множат дефицитите, затоа ќе преговара во Германија за монополски организации, нема да се преговара овде. И, ќе бидат криви и лоши тие што ги поставуваат овие прашања. Дури ќе бидат дрски и безобразни како тоа им го нарушуваат мирот и спокојството на тие кои толку се грижат за државата и се жртвуваат држејќи ги функциите што ги стекнале на таков начин.

Не е добро што нема ништо ново во структурата на Буџетото. Се разбира дека оваа година е тешко да се прави поинаква стурктура на Буџетот. Ама, не се прави ни промена на структурата на Буџетот ни то-гаш кога имавме подобра година, кога немавме војна. Вака ако се прави, нема никогаш да се прави ни после војната псцобра структура на Буџетот.

Две работи беа постојано укажувани од сите дека се лоши, покрај другото во структурата на Буџетот. Тоа се платите и капиталните издатоци. Констатираме дека платите растат, капиталните издатоци се намалуваат. Ако може да се наречат сите тие стапки таму капитални из-датоци, книговодствено или незнам како, формално, семантички можеби да, но суштински не, затоа што во капитални издатоци таму се третира и канцелариските мебел што го набавуваат секоја година по 200 до 300 милиони денари најмалку. Тоа е капиталне издаток, нели? Ама, тој не прави пари. Тој троши. Капитални издатоци се и моторните возила и тие од Америка што ги купуваме и делови за тие од Америка што ги купуваме, трошоци што прават и тоа е капитален издаток, што не прави ништо, што не влиае на трошокот туку напротив, влиае на растот на бруто општествениот производ.

Значи, немаме ништо, имаме влошување, немаме подобрување. Разбирам дека оваа година е незгодна за тоа. Ама, изговор ни е војната. Лани имавме нешто друго. Неможат капитланите издатоци во Буџетот да се прават само тогаш кога Владата има да продаде капацитет, тие пари да ги земе, да направи некои програмчиња да го потроши капацитетот за некоја друга дејност од таа за која што служел капацитетот, како што беше Телекомот, како што сега ќе бидат некои други капацитети, Електростопанство и некои други.

Според тоа, нема промена.Ние расправаме на крајот на годината за идната година што всушност ќе биде, како ќе биде. Немаме целосна економска политика. Таа,додуше никогаш не била понудена, оваа година исто така нема. Зошто не се работи на тоа незнам. Намерно или ненамерно, не знам. Имаме монетарна политика што ни ја договара ММФ и фала му. За разлика од некои кои го пцујат што ни ги држи тие дизгини, инаку самите дојдовме до монетарен борд, сигурно. Имаме нетранспарентна фискална политика, што главно на основниот лимит исто така ни ја држи глобалната сума тој ММФ и Светска банка. И ним треба да им бидеме бла-годарни за тоа и да бидеме благодарни на овие два елементи што сеуште имаме макроекономска монетарна стабилност во државата. Инаку, за час би бил хаос, за час би била невиден аинфлација, за час денарот би станал ништо повторно. А, се она друга што денес треба да го направиме, за тоа

има по некое чепкање,измена на пропис, некој закон што мораме да го донесеме да го усогласиме со законодавството на ЕУ и ништо од тоа.

Со години се констатира надворешен трговски дефицит, платен дефицит..Со години се констатира дека немаме надворешно-трогвска стратегија, со години се запишува дека се прави надворешно-трговска стратегија.Со години се констатира дека ќе се усвои, ќе се подготви стратегија на задолжување на РМ. Сега не ја прочитав. Можеби не сум прочитал се. Бидејќи не се прави се избришала таа обврска и не сака да си ја пишува повеќе како обврска да не ја потсетуваме Владата. Ја нема. Нема. Повторно нема.

А, трговскиот дефицит сите знаеме колкав е. А, знаеме исто така колку проблеми само на царината, со сите тие ујдурми таму и оној извозен капацитет што го има ова стопанство неможе да го реализира, заради ујдуирмите на луѓето кои се таму. Тие ујдурми се познати на целата македонска јавност, познати се министерот, на премиерот, на сите членови на Владата. Претпоставувам и на многу луге во Парламентот. Едвај да имаме некој производ да го извеземе да го понудиме и тоа што го имаме наидува на стотици пречки затоа што не се вклопува во партиската шема, фирмата што треба да извезе или да биде малку поттикната да го реализира сето тоа. Нема мерки за таа работа. Овде неможеме да видиме ништо од сето тоа.

Сиромаштијата рапидно се зголемува. Само во последните три години 4% поени е повисока од 19 на 23. Не по наши мерења, по мерења на Светската банка. Се разбира никој не се бави со тоа прашање. За нашата сиромаштија се бави Светската банка. Светската банка ќе ни прави проекти за тоа, ама ние нема да работиме, ќе чекаме проект од светската банка и парички ќе чекаме од неа, ние ништо нема да предложиме сами за тоа. Против нашата сиромаштија некој друг треба да се бори или само некој друг треба да се бори. Нема проект. Сега, Владата ни вели преку овие материјали во април ќе подготвела стратегија. Стратегија ќе подготвела во април. Нема да подготви во април ништо. Ќе биде преокупирана со изборите и со изборните манипулации. И, загубена ќе биде.

(дофрлање од место)

Може да нема. Какви сме може да нема и тоа. Потоа ќе го кривиме светот, дека сме ние домократско општество, значи во април ќе донесеме тогаш кога ќе раправаме за законот за избори тогаш овој Парламент нема да се состане и таа Влада што ќе биде преокупирана само со тие математики. Нема ништо секторско. Неможеме да видиме ниту една секторска политика. Да не набројувам сега што. Имаме сообраќаен сектор. Имаме лоша состојба во сообраќајот.

(дофрлање од место)

Не само снег. Ниту еден пропис не се почитува. Неуреденоста е комплетна. Ајде, да не претерам комплетна, лоша. Навистина лоша. Што ќе правиме? Ке се поправи состојбата? Не? Жртви има се повеќе во државата. Ќе има некоја мерка за тоа од сообраќајните инциденти? Во Македонија настанува Колумбиска ситуација. Имаше една информација 100 и неколку луѓе таму се испукале, се отепале. Кај нас иам информација дека тоа се случува. Има некоја мерка, има некоја политика, идната година нешто ќе прави Владата за тоа? Ќе ни каже нешто да почувствуваме грижа дека ќе има барем напори да ни се намалува стравот од живеачката и шетањето по македонските улсици, патишта, независно завеани или незавеани? Ќе има нешто?

Да не бројам. Имаме буџет. Само е важно парите да се соберат од населението и од фирмите, тие да пари да се дадат на располагање на гарнитурата што е на власт, таа да каже како ќе ги распоредиме и никаку поинаку, за другото нема што ние да одговараме, нема што вие да прашувате нема ревизорски извештаи, нема анализи, нема одговори, нема ништс. Е, нема економска политика и идната година ако се подобри безбедносната ситуација таа самата ќе даде некаков позитивен ефект врз бруто општествениот производ, но со вакви дополнителни мерки нема да има стимуланси. Ќе чекаме само на тоа прашање и на Господ кој е поприсутен мегу нас.

Благодарам на вниманието.

**ИЉАЗ ХАЉИМИ:**

Му благодарам на Г. пратеник Петар Гошев.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави Г-пратеник Стојменов Златко.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседатле, почитувани колеги пратеници, почитувани колеги претставници на Владата на РМ,

Пред да почнам со темата, ќе кажам само збор-два за процедурата, околу начинот на работа на Парламентот на РМ, бидејќи тој момент навистина не тишти и чувствувам дека и покрај целовремената маргинализација на Парламентот на РМ во настаните што поминаа во минатиот период продолжува тактиката на манипулирање со Парламентот и поигрување со неговата демократска моќ дадена на избори на граѓаните. Имено, се манипулира со можноста Парламентот сеуште да расправа за точката безбедност, безбедносна состојба во РМ, што е недозволиво во државата после 10 месеш од кризата, каква што беше во РМ и што за мене е зачудувачки како можат луѓето одговорни, посебно претседателот на Парламентот одговорен за составување на Предлогот на дневниот ред да дозволи една таква состојба на РМ на претходно доставени најмалку 10 предлози на пратенички гурпи за истата точка. Тоа е

суспендирање на Парламентот, тивку воведување на протекторат на РМ, суспендираше на демократијата. Јас тврдам дека во овој момент во РМ во прашање е постоењето на вистинска парламентарна демократија, вака како што функционира овој Парламент на РМ. Не е ни чудр што оваа институција има волку ниско ниво на углед меѓу граѓаните.

Пример,составувањето на дневниот ред, дека стана серија, набрзина составуваме дневен ред во кој набрзина изгласуваме, го суспендираме правото на пратеникот да го дополнува дневниот ред со надгласување на мнозинството. Значи, со деловничките прав,а дадени на пратеникот се суспендираат со едно брзинско гласање на мнозинството и тука неможеме ништо да сториме. Но ако мнозинството изгласа дека водата не е мокра, нема да биде мокра.

Втора работа што не функционира во овој Парламент за да доликува во нормален Парламент од етаблираните држави со демократија, тоа е институцијата на пратенички прашања што е по традиција во сите парламенти, а не функционира во РМ. За тоа нема оправдување бидејќи нема реконструкција на Владата, имаме само замена на три - четири министри. Нема реконструкција.Тоа не е нова Влада. Институтот пратенички прашања мора да функционира во овој Парламент и навистина многу од дискусиите што се овде и многу од ширењето на дискусиите ќе биде намалено ако се овозможи на пратениците на народните избраници проблемите од секојдневниот живот да ги изложат пред оваа говорница, бидејќи сите ние чувствуваме пртисок од граѓаните, со многу прашања што ги мачат во овој и тежок живот што македонскиот граѓанин го живее овие денови.

Да поминам на буџетот.

Војната во РМ сеуште не е запрена. Иако беше еден од условите а и обврска на потписниците на Охридскиот договор и на меѓународниот фактор, за да можеме денеска, во нормални услови да расправаме за буџет Причините за оваа војна се различни, во зависност од која страна доагаат анализите за оваа војна и за албанскиот фактор, како што кажуваат, тоа е војна за поголеми човекови права. Меѓународната заедница беше конфуз-на во оценката на ова прашање...

**ИЉЈАЗ ХАЉИМИ:**

Ве молам Г. Стојменов до сега што кажавте тоа е надвор од точката на дневниот ред.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Сега ќе чуете за Буџетот, зошто е военит данок...

**ИЉЈАЗ ХАЉИМИ:**

Овие работи можевте да ги кажете пред да почне седницата, пред да го усвоиме дневниот ред, за да можеме тоа ваше барање да го уврстиме во дневниот ред.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван Г. потпретседателе,

Ни забранивте за процедура да зборуваме, ни забранивте да го прошириме дневниот ред со гласање, изгласајте да не дискутираат одредени пратеници, гласајте и да тече седницата и вака нека течат работите во државата.

Ќе ми дозволите да се доискажам?

**ИЉЈАЗ ХАЉИМИ:**

За точката што е на дневен ред ве молам.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Еве, ќе ви кажам зошто зборувам за воениот данок кој е дел од буџетот, може?

**ИЉЈАЗ ХАЉИМИ:**

Може.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Значи, за албанскиот фактор во државата, тоа беше борба за повеќе човекови права, Меѓународната заедница беше конфузна во оценките во почетокот оценуваше дека се работи за меѓународен тероризам, за да има после прогресии во одредени меѓународни фактори кои тврдеа дека се работи за востание и слични некои квалификации, а за Македонскиот фактор мислењата биле поделени. Едни политички фактори во РМ прифаќаат дека се работи за борба за човекови права и тоа го покажаа во минатиот период, додека за најголем дел од политичките фактори, за еден дел од политичките фактори во РМ тоа беше борба за територии и поделба на Македонија.

Зошто го зборувам ова од аспект на буџетот? Во врска со пичините за војна ќе цитирам еден од најголемите економски мислители, кој вели дека за војните има неколку причини, меѓутоа, над сите нив се економските причини, посебно демогравските притисоци и борбата за пазарите. Според тоа, почитувани дами и господа, оваа војна е војна за територии, за нови пазари, за ширење на нелегалниот бизнис, за шверцот на дрогата, за власт над шверцот со дрогата, оружјето, цигарите и други акцизни стоки, шверц со луѓе и слично.

Зошто го зборуваме ова кога зборуваме за буџетот за 2002 година?

Ова прашање е многу важно бидејќи има силно влијание врз предлогот на буџетот за 2002 година. Имено, во овој буџет се предвидени приходи од воениот данок, кој беше воведен поради оваа војна и кој изнесува 10% од вкупните приходи во буџетот. Покрај тоа над 8 милијарди денари се наменуваат за безбедноста, за завршување на војната и имплементација на Рамковниот договор. Ако се има предвид дека дел од расходите кои се врзани за оваа војна не се предвидени со овој буџет, може да се каже дека овој буџет е воен буџет. Во прилог на ваквата констатација е и самата процедура и начинот на донесувањето

на буџетот во една скратена постапка, бидејќи и самото министерство знае дека во членот 18 од Законот за буџетот е пропишано дека Предлогот на буџетот за 2002 година требаше да се донесе до почетокот на октомври 2001 година. Со оглед на тоа што роковите не со запазани во пропишаната постапка од законот за буџет за 2002 година, недоволната транспарентност за која навостивмо со промената на точките на поч9токот околу завршната сметка која требаше да оди напред и другите моменти кои боа кажани од другите говорници, да не се повторувам, Собранието во вакивите случаи, кога би било на ниво на својата задача, би размислувало за одговорност на сите учесници во постапката на донесувањето на буџетот за 2002 година, па и за 2001 година бидејќи транспарентно не се дадени сите елементи од трошењето пари во 2001 година.

Колку што сум информиран, Завршната сметка на буџетот за 2001 година не е усвоена. Значи, тој рок за усвојување истекол. Низа дубиози во постапките од овој дел и кршење на законот за буџетите. По самиот увид на предлогот на буџетот, недостасуваат следните делови:

- проценка на обврските за наредните две години на ниво на поткатегории,

- проценка на максималниот износ до кој може да се земаат заеми и издаваат гаранции во текот на тековната фискална година,

- лимитот до кој можат единиците на локалната самоуправа да земаат заеми во текот на тековната фискална година,

- предлози за можните начини за надминување на дефицитот на буџетот.

Според тоа, покрај кршење на самата постапка, пред нас е доставен и непотполн предлог на буџет.

Ваквиот начин на донесување на буџетот спречува Собрание на Република Македонија да ја врши својата контролна функција врз донесување на буџетот, што значи суспендирање на Парламентот на Република Македонија, уште едно суспендирање и дезавуирање на самиот Парламент и можеби она што најмногу беше експлоатирано, меѓутоа мора да се повтори и овој пат, транспарентното донесување на буџетот како еден од главните фактори за контрола од страна на Парламентот за потрошувачката на народните пари односно денарите на граѓаните на Република Македонија.

Во услови на висок буџетски дефицит, кој е искажан во Предлог буџетот во износ од 6,89 милијарди денари, не се дадени изворите и начинот на покривањето на дефицитот, во согласност со одредбите на член 4-6 од Законот за буџети, во кој се кажува дека дефицитот се финансира со земање на заем од земјата и странство и издавање на благајнички записи и обврзници. Донациите како такви не се сигурен извор, бидејќи ако се сигурен ќе бидат предвидени и во самиот Предлог на буџетот како приходи. Приходите од приватизацијата исто така не се сигурни, бидејќи ако беа сигурни и тие ќе беа предвидени во овој буџет.

Според тоа, почитувани пратеници, дами и господа, имаме непотполн и нејасен буџет со огромен дефицит и немаме предлози за покривање на овој дефицит. Според тоа, од овој Предлог буџет јасно е едно. Овој предлог буџет за 2002 година не ни дава јасна слика за економскиот живот на македонскиот граѓанин и на Република Македонија за 2002 година, и покрај тоа што сме вака затрупани во овој момент со снег, ова е една голема економска магла за економскиот живот во 2002 година.

Во дискусијата за буџетот не можам а да не се осврнам на два до три делови на буџетот кои можеби не зависат само од Министерството за финансии, кои се комплементарни со други министерства, посебно со Министерството за образование и Министерството за здравство, меѓутоа, сметам дека е момент да се продискутира за овие елементи од буџетот бидејќи финансирањето на тие функции зависи и од овој буџет.

Дами и господа, во овие моменти преку вака проектираниот Предлог на буџет и наредбата од Министерството за образование му се одзема можеби една од најголемите компаративни предности и едно од најголемите оружја на македонскиот народ во однос на другите народи на светот. Она со кое се гордее и со кое може да се мери и да ги победува можеби најголем број од нациите во светот македонскиот народ, тоа е музиката. Не треба да се зборува колку е тоа силна карактеристика признаена на сите меридијани на македонскиот граѓанин, врежана во гените на истиот. Сега, во овој момент се укинуваат средствата за основните музички училишта во Република Македонија. Значи, во годините кога воведуваме образование, образование за права, високо образование во Република Македонија, се укинува или се воведува во нејасни води, води не транспарентно кажани, образованието, основното музичко образование во Република Македонија. Ако така се размислува, а алтернатива, солуција за вакво нешто досега не е дадена од ниедно министерство, ако така се размислува, јас ќе ви дадам еден пример со кој треба да се гордее секој македонец и за што треба да размислиме, бидејќи ова ни е црта и традиција со која можеме да се гордееме каде и да одиме и да ја споменуваме. Имено, првото музичко основно училиште во Македонија е формирано во Штип

во јануари 1924 година. Значи, пред 78 години во рамките на Радио - театарот. Согласност дало тогашното Министерство за просвета и неговото Уметничко одделение во Белград при Кралството СХС. Значи, ова што го укинуваме тогаш е дадено. На иницијативата дадена на русинот Сергеј Михајлов во 1923 година е дадено позитивно решение и 1924 година е изведена првата опера во Република Македонија во градот Штип. Формирани се оддели за изичување на клавир и изучување на виолина, како и изучување на пеење.

Она што сакам да го нагласам, кога ја кажувам величината на овој чин, традицијата и значењето за формирање и профилирање на музичкиот ген кој постои кај нашиот граѓанин, самиот чин бил финансиран и дотиран од Министерството за просвета и и изнесувало 108.400 динари, во 1924 година. Тоа е уредба број 2742/5-3 од 1924 година, во Архивот на Белград, а и сега се наоѓа таму.

Во 1946-1947 година ова основно музичко училиште е верифицирано, но повторно како Основно музичко училиште за дувачки и гудачки инструменти и пијано и е врежана големата љубов на сите просветни работници кон оваа наука и ова дејание кое сега се укинува од финансирање од буџетот на Република Македонија.

Не треба да ги кажувам големите амбасадори на музичката уметност, меѓутоа, ги знаете сите на дувачки инструменти, а и сите големи музичари од Македонија се потекнати од ова основно училиште и се амбасадори на македонската култура, традиција и талент во светот. Дали оваа Влада со овој акт мисли да ја прекине оваа традиција и овој просперитет што е настанат врз основа на талентот и генот кој постои кај нашиот народ. Ако Владата на Република Македонија, Министерството за образование, ова го зборувам бидејќи во бууетот ги нема средствата за Основното музичко училиште, не мислат да учествуваат во финансирањето на македонските музички таленти, тогаш го избрале најлошиот момент односно моментот кога навистина сакаат до крај да ја уништат оваа дејност, бидејќи во моментот македонскиот граѓанин е можеби најсиромашен за да може сам да ја финансира ваквата дејност. Да завршам, докажано е во светот дека македонскиот дух и македонскиот народ е познат по својот слух, ритам и музикалност. Добриот музичар се селектира на 6-7 годишна возраст. Тоа сега се укинува. Ние имаме разбирање за реформите во образованието, за немањето финансии, меѓутоа газењето на нешто што е во суштината, од Господ дадено на овој народ навистина не можам да го разберам или пак Владата има некоја нејасна проекција која не ја кажува, меѓутоа, и тоа нема право да не го кажува. Затоа, кај народот има една изрека која вели дека музиката е лекот за душата и да не дозволиме како луѓе и како граѓани на денешницата, овој добронамерен културен код да изгасне, зашто на многу луѓе од Македонија можеби тоа им остана единствена утеха.

Истото се однесува на ученичките домови, на доградба на предочилишната и училишната возраст, оние популарно наречени пионерски домови. Тие се оставаат на некое самофинансирање и мислам дека за надоградбата за идните генерации ниедна нација не штеди. Тука треба со добар проект и начин на транзиција од оваа состојба да се оди во другата. Се друго ќе биде геноцид врз образованието или осакатување на една идна генерација.

Втор дел кој сакам да го кажам од содржината на буџетот, тоа е делот за примарната здравствена заштита, здравствената заштита, Фондот за здравство, а тоа е една актуелна тема која и сега е на преговори меѓу Министерството за здравство и преговарачкиот тим околу законот за локална самоуправа, кој го формира новиот проект за локалната самоуправа.

Гледам дека во буџетот не се предвидени некои големи средства за некои нови реформи, тврдам дека реформите во примарната здравствена заштита што треба да оди на локално ниво, нема вложено средства досега, и ако некој размислува во тековната година, па не мора и во тековната 2002 година туку и 2003 и 2004 година да ја внесе примарната здравствена заштита во локалната самоуправа, а не сака да предизвика несреќа во здравственото здружување на нашиот народ, мора уште сега да вложи во една таква акција. Не ни почната реформата во јавното здравство во примарната здравствена заштите, не е екипирана, значи Ќ9 треба големо екипирање на примарната здравствена заштита со опрема, информатичка опрема, со инструменти. Такво нешто не е почнато во Република Македонија, а камоли да се размислува таа да се доведе на ниво на финансирање на општините. Тука е еден чекор за кој треба да се размисли во буџетот и тоа го оставам со проекциите и размислувањата на Министерството за здравство тоа во преговорите околу размислувањата за локална самоуправа добро да го осмисли и да го постави на вистински нозе.

Јас и минатата година се заложив за една програма која очигледно ја нема Министерството за здравство предвидено. Многу пратеници кажаа тука, ние залудно зборуваме овде во нашите дискусии и бараме, меѓутоа, како да се нема слух за демократија за нашите предлози. Јас сметам дека во Република Македонија добро е што ги има тие превентивни програми финансирани од буџетот на Република Македонија, меѓутоа, таму имаме 3-4 програми, за сида, за бруцелоза, за заразни заболувања,

со што кажуваме дека сме една од најзаостанатите европски држави што води сметка само да немаме заразни заболувања. Смрноста во Република Македонија, на прво место на смртноста на граѓаните во Република Македонија се кардиоваскулараните заболувања. Најголем дел од денешната популација на граѓани на Република Македонија, сигурно е над 50%, а можеби и 60%, умираат од кардиоваскуларни заболувања. Ако сакаме да сме во тек со современите превентивни текови во светот и со она што актуелно се случува во Македонија, време е Министерството за здравство да воведе превентивна програма за спречување, заштита и просвета за кардиоваскуларните заболувања. Ние сме должни да ја едицираме оваа нација, бидејќи со тоа ќе вложиме во идната работоспособност на граѓаните, што е најефтино, отколку инвалидноста и болеста на граѓанинот и тоа е вистинската превентивна програма, па се надевам дека од оваа говорница конечно ќе ме слушнат експертите кои се задолжени за реформите во здравството и можеби во текот на формирање на овој буџет ќе најдат начин да дадат амандман и да воведат барем за почеток симболично една ваква програма која ќе го штити здравјето на граѓанинот, на работоспосбниот граѓанин на Република Македонија и Македонија ќе ја приближи кон современото здравство и здравствените текови.

На крајот сакам да кажам, посебно пак кажувајќи дека ние како пратеничка група поднесуваме во неколку случаи повеќе амандмани, тврдиме дека многу од амандманите кои ги дадовме во минатиот период не беа прифатени заради недостаток на демократско разбирање, меѓутоа, од практиката беа прифатени. Пример, еве, последните разговори на Владата за К-15. Ние имавме амандман со кој тврдевме дека на јавната администрација во Републиката треба да и се даде К-15, овие денови Владата во цајтнот предложи пред Божиќ, во една минута до Божиќ го гои прасенцето и преговара со синдикатот на администрацијата за К-15, иако тоа можеше на време да се реши. Значи, слични беа и нашите предлози.

Нашите предлози беа во разни владини акти преку Владата на Република Македонија, подоцна инкорпорирани во економската политика на Владата како што се отпишување на енормните трошоци на министерствата и слично. Јас се надевам дека во овој случај Владата ќе има слух и ќе го прифати Парламентот на Република Македонија како партнер за преговорите и ќе ја прифати конечно неговата контролна функција да разговара околу амандманите, а она кажаното за транспарентност на потрошените пари ќе остане на товар на минатата политика во минатата година. Парите на граѓанинот на Република Македонија останаа мистерија, в^ројатно се во големата корупција во државата која се случува, енормната корупција, лошата приватизација, грабежот на граѓанинот на Република Македонија и тука треба да се бара причината за нетранспарентноста, непознатиот правец кад9 замина денарот на граѓанинот на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор г. Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Во голем број на земји кога ќе се усвојува буџетот би рекол е еден вид не само ритуал, туку многу голема одговорност, а не како ова што се случува денес, едвај да изборјам 20 пратеници. Доколку не се усвои Буџетот во најголемиот број на земји од светот Владата паѓа, се менува Владата. За жал нашата Влада не постои сила која може да ја смени, освен самата ако не се смени. Господине министре, завршната сметка требаше да ја дадете пред да дојде овој буџет заради јавното работење сите ние бараме јавно да се работи и да се одговара во работата. Заради наведеното имам право на недоверба каде се тие пари потрошени? Должност ни е како пратеници да прашаме, бидејќи овој народ нас не бирал и имаме обврска да прашаме каде се потрошени парите од ланскиот буџет, не само ние како пратеници, туку и граѓаните имаат право да знаат каде се нивните пари потрошени. Откако ќе дознаат каде се потрошени нивните пари и тие ќе имаат и поголема доверба во нас, а истовремено и во вас како Влада и министри, ако се потрошени наменски.

Господине министре, вие нагласивте дека буџетот ќе овозможи да се продолжи со започнатите реформи. Јас гласно и јавно прашувам од оваа говорница, кои реформи, за какви реформи зборуваме. Бидејќи предежно јас ќе се задржам во мојата дискусија во образованието, во спортот и младите и културата каде што дејности ми се попознати од економијата. Незнам јас во ниедна дејност дека има некои реформи, а најмалку во образованието дека постојат било какви реформи. Бидејќи реформа значи нешто да оди кон подобро, а не да оди кон полошо. Во образованието ви тврдам дека сега како што се работи од основното, средното, а посебно во високото образование, ова го кажувам како професор во високото образование, никогаш не било полошо, ниту може да биде полошо. За какви реформи зборуваме кога знаеме дека наставните планови и програми не се чепнати, ништо не е изменето во нив. Сеуште постојат главни предмети како што е предметот ОНО, можеби сега само насловот му е променет на предметот, тие се главните предмети без кои не може да се замисли ниеден факултет. Исто така, има и други предмети кои се многу помалку значајни за одредени струки. А клучните предмети се застапени, или некои предмети се бришени, или воопшто не постојат. Јас ќе ви кажам една споредба, да не ги навредам другите факултети, ќе го земам за

пример Факултетот за физичка култура на кој предавам. Колеги, предавам на факултет за спорт, а замислете си најпопуларниот спорт тенисот не постои, а школуваме тренери за автомобилизам. Ние немаме коли со волови, а уште ќе школуваме стручњаци за некаков си спорт за автомобилизам. Со други зборови, делиме дипломи. Факултетите си зедоа сега за право со овој хаос кој владее, ние често пати знаевме да кажеме: во едноумието владее хаос. Сега во ова безумие каде што не постои ниту инспектор. Јас повеќе пати му покажував на министерот за високо образование, дека е хаос на Факултетот за физичка култура, дека царува митото и корупцијата. Каде се инспекторите, каде е таа финансова полиција. Никој ништо не превзема. Тоа им одговара на луѓето кои не бираат средства да дојдат, или да се назначат за Декани или директори. За жал кој страда? Најмногу страдаат студентите, а потоа државата, или со други зборови, сите ние. Да кажам еден уште пoсликовит пример, ние школуваме и тренери по фудбал. Јас како професор доктор по науки по фудбал деканот ми ги прима студентите. И тоа 50% се од полицијата. Дали оваа наша полиција треба да се специјализира и да се добива образование од фудбал, или треба да добие образование од нејзината дејност. Откако ќе видат дека немаат квалитет и дека не можат да положат фудбал, се префрлуваат на другите предмети се со интриги на нечесен начин. А целта е да им земеме 2.000 ДМ. Каде води оваа политика ве прашувам вас господо, тоа ли беа реформите кои ги ветувавте. За овие 10 години од ден на ден само тонеме. Дали има крај тонењето? Дното го допревме. Треба ли да одиме под дното? Ако буџетот е граден врз плеќите на сиромаштијата на овој сиромашен граѓанин, а уште повеќе овој буџет исто така е граден врз плеќите на осакатеното стопанство кое е доведено до неликвидност. А доволно потврда за ова што го кажав зборува податокот со воениот данок. Зарем и тој воен данок им требаше да падне на грбот на граѓанинот и на ова осакатено стопанство кое не може никако да се исправи. Лесно е да се дотолчи и да се уништи. По се изгледа целта е да се уништи и граѓанинот и стопанството. А уште ако прашам, каде е суфицитот од претходниот буџет од 450 милиони ДМ. Се удиравме во гради дека заштедивме, гол9ми домаќини сме. Само не знаеме каде се потрошени тие пари. А сите знаеме дека не треба да се биде голем економист и домаќински ако се работи, трошиме онолку колку што имаме, не се откажуваме ниту од јадење, ниту од пиење, ниту уништуваме нешто, образование. Ние го уништивме стопанството со нашето штедење, ги уништивме граѓаните, а заштедивме односно почнаа граѓаните и да умираат и да се самоубиваат и да ја напуштаат земјата. Тоа ли е нашето заштедување? Некој сакал да ја научи кравата да не јаде, па туку што помислил дека ја научил, таа му умрела. Па не треба да се докаже г. пратеници дека ако влеземе во вода, ќе излеземе водени. Тоа на секого му е јасно. Такви експерименти ли треба да правиме. А знаемд дека, ако го спомнав веќе овој експеримент, за жал науката дојде до тој степен сега, дури такви експерименти смешни се прават за доктори на науки, и се сечат крилјата, или и се кинат крилјата на мувата и да се докаже дека мувата нема да лета. Тоа е присутно во денешното образование. Не ни требаат такви доктори на науки. По секоја цена само да се докторира. Нас ни треба квалитет. Никој, ама баш ништо и не покажува интерес кон науката и кон образованието. Ова многу тешко ми паѓа и затоа го кажувам со ваква голема горчина. Јас им се извинувам на граѓаните и на слушателите, затоа што можеби сум за некој поостар, можеби за некој и вулгарен, но тоа е вистината, не смееме да бегаме од вистината. Мораме да престанеме веќе да тонеме, сега треба да одиме под земја. Каде се парите од Телекомот? Не убедувавте и многу ми е криво и сега мора да кажам, влезе министерот, точно јас туку што дојдов на ред за дискусија, требаше да кажам зошто не треба да се продаде Телеком, Амди Бајрам почна да прави некои циркуси и не успеав да дојдам до збор, влезе министерот, кажа дека е продадено. Посмешно не можеше да биде и поголем циркус не можеше да се случи. Ние овде дискутираме, предлагаме решение, укажуваме, а некој го продал. Каде се тие пари? А знаеме дека тој Телеком секоја година на Македонија кеш и носеше 150 милиони ДМ, а ние питаме. Господинот Гештаковски ме исправа кој многу подобро ги познава од мене работите дека Телеком секоја година на Македонија и носеше 200 милиони ДМ, а ние молиме се и сешто за некои 20, 30 или 50 милиони марки да ни даде. Мораме да питаме, а никој не дава џабе. Мора нешто да отстапиме за да ни дадат. Кое ни е достоинството, што отстапуваме? Можеме да отстапиме она што ние сме го купиле лично, а не да отстапуваме од државните интереси или од интересите на граѓаните. Нас граѓаните не бирале да ги штитиме нивните интереси, и интересите на државата.

Кога веќе ја спомнав продажбата, па уште што остана? Се продадовме што вредеше, да не зборувам за мермерниот Комбинат. Само работната рака повеќе вреди ако тој мермер се продаваше со нашите работници и нашите градежни претпријатија да работеа, отколку парите што се вложени во него, или за неговото купување. А да не зборуваме со тони како камен се носи, наместо да се продава во разни форми, или да се развие некое производство од мермер. Жално е како се разграбува и уништува стопанството и нашето жолто златоисто така се уништи кое не е сега тема на разговор. Само едно ќе кажам, пак ќе се навратам на една поговорка, љубител сум

на поговорките затоа што тие се проверени во праксата и докажани дека се вистинити. Една поговорка, барем така сум ја слушал како дете ја кажувавме дека е еврејска, бидејќи во Битола живееја голем број на евреи и можам да се потсетам, ги сметавме за многу паметни евреите и искусни и големи трговци. Се продава многу лесно она што не е спечалено со пот и оној што купува прво ќе праша, дали ти го градеше, или татко ти, или ти е наследство од некого? Господо, се ова беше градено 50-тина и повеќе стотици години. Некој дојде и го продаде. Многу лесно е за продавање. Последиците се многу лоши. Не случајно ја кажувам оваа поговорка и не случајно ја знаат сите граѓани на Македонија и верувам дека сите граѓани во Македонија ке ја прифатат поговорката, но последиците ќе бидат големи.

Акцентот на моето излагање ќе биде колку во предложениот буџет заедно со предложената даночна политика за 2002 година се застапени образованието, науката, културата, спортот и младите. Колку оваа Влада мисли на горенаведените области и каква политика води спрема нив? Може точно да се види од предложениот буџет и даночната политика за оваа година, затоа што средствата за функционирање и развој на образованието, науката, културата, спортот а посебно младите се обезбедуваат токму од овој буџет. Оваа Влада како може да кажува дека во овие области има реформи и дека води силна политика. Тој збор "силна" многу е силен, многу е јак. Под сила разбираме нешто моќно, нешто силно. Лесно е да се употреби зборот сила, но таа сила мора нешто да покаже, мора да имаме некој прогрес, некои реформи и дека тие ќе донесат подобар благослов, подобро утре, подобар стандард на граѓаните, подобро живеење, повеќе вработувања, а не отпуштања од работа. Ако наведените дејности не најдат место во буџетот, тогаш тоа се обични лаги и замаглување на очите на носителите на тие дејности, обично, често пати го употребуваме овој збор замаглување на очите. До кога ќе се служиме со замаглување на очите. Крајно е време еднаш да почнеме со стварните реформи.

Во продолжение ќе се задржам на политиката која е инкорпорирана во буџетот за 2002 година. За овие дејности како и за младите а посебно ќе дадам видување и предлози за финансирање на наведените дејности.

Би тргнал од образованието, дејност без која не може да се замисли ниедна цивилизација. И ако можеме да му бидеме благодарни за се ова што до сега постигнал светот и што се качил на месечина, што освојува други планети, е благодарение токму на образованието, токму на науката, токму на ова за што зборувам јас. И ако народите се натпреваруваат во спортот, а не во убивања, она што нас ни се случува и во купување на оружје, ние треба да се натпреваруваме во спортот да се натпреваруваме во образованието и во науката и културата. Реформите во политиката и економската сфера ги наметнуваат и реформите во системот на образованието. Тие се испреплетени. Нашето образование сеуште се заснива, се гради на стариот едноумен систем. ВМРО-Вистинска, системот на образованието го гледа како приоритет и бара образованието во своите негови сегменти и степени да биде ослободено од партиска идеологија. За жал го критикувавме СДСМ, дека го партизира образованието, оној момент кога мислевме дека се спасивме, образованието уште повеќе е партизирано. Денес многу тешко може да се дојде до квалитетен стручњак во образование, да се дојде до работно место, доколку не се поседува соодветна книшка со лавчена сликата. Идеолошки основи рековме не треба да има образованието. Целта негова е хумана, и по секоја цена образованието мора да гради хумани личности, лочност која сака, која знае само за добро и која сака да помага на секој и на секого а најмногу на својата Татковина. Личност која ќе има критичка свест и стекнување на знаење за квалитетно вршење на професионалната дејност за која се школувал. Оваа критичка свест сакам малку да ја образложам.

Господа, дали има право некој денешен вработен да има критички став спрема работата што ја врши.

И критизерство по секоја цена, туку да укаже на некои непра-вилности, аномалии со цел да се зголеми дали продуктивноста потоа да се скрати неквалитетот, да се отстрани неквалитетот, а да се скрати времето на производство на производот или да се донесе поквалитетна настава и поквалитетни стручњаци да школуваме. Не, тоа никој не смее да го каже и ако го каже некој ќе го изгуби работното место, може би тоа единствено право го имаат до некаде професорите на високото образование, за жал, се помалку ги има и кај нив прави личности кои се преокупирани со науката и кои сакаат да пренесат знаење на студентите. Професорите во високото образование поминаа во биснисмени не бирајќи средства да ги експлоатираат своите студенти преку продавање на учебници, обични фотокопии 100 или 200 ДМ. Ако студентот не го купи учебникот нема право да полага или ќе биде паѓан до бесвест. Само да се потсетиме како сме се школувале ние. Морам да тргнам од себе. Најголемиот број на учебници ги земав од библиотека. Никој не ме прашал од каде ти е учебникот или од каде си учел. Сум имал прашања пред да го полагам испитот, професорот ми ги давал прашањата кои прашања моравме да ги подготвиме и кога ќе дојдевме на испит тие прашања што ќе ми паднеа мораше да ги одговориме. Не го интересираше професорот од каде учиме. Дали знаеме или не знаеме, а денес

има и такви студенти кога професорот ги прашал дали имате учебник купено, студентот ќе одговори професоре имам, ама не го носам. Е, треба да го носите. Еве професоре ќе купам. Може да купите. Студентот купува и истовремено му е дозволено да положи кој не учел, а го положил испитот. Такви ли стручни кадри ни требаат, со такви ли стручни кадри влеговме во XX1-от век? Со такви ли стручни кадри сакаме да отвориме нови работни места или висока технологија. Господа, без висока технологија нема прогрес на државата, а висока технологија е можна, ќе нагласам може да се оствари висока технологија само со квалитетна настава и со наука. За жал, се помалку се цени науката се повеќе се цени шверцот и тргувањето. Не е мал број професори кои имаат пиљари и дуќанчиња, а се помалку има такви професори кои се занимаваат со научна дејност и истражувачка дејност. За жал, некој треба да се замисли, нам ни е должност овде да укажеме на овие аномалии. Затоа укажувам.

ВМРО-Вистинска бара образованието, на него да му се обрне најголемо внимание, а посебно на неговите многу важни сегменти како што се ученикот, студентот и наставникот кои взаемно се во висока корелација и создаваат креативна личност, самоиницијатива, достоинство и квалитет. На сите ни е познато, но тоа не го оствaруваме. За да се оствари сето тоа потребно е некој да му помогне. Ние такви кадри имаме, имаме добри ученици, талентирани, но треба да им се даде можност да го покажат својот талент, а не да му се затвораат вратите и да ги бркаме надвор од државата.

Затоа во Буџетот треба да се обезбедат средства за образование. Без средства нема образование.

Како прво, треба да се изедначи и да се обезбедат стандардизирани услови почнувајќи од објекти, нагледни средства и друга модерна опрема пред се сега се мисли на компјутерите.

И изведувањето на воспитно-образовниот процес низ различни нивоа на образование треба постапно да се надградува, а за да се надградува треба да се има програми, програми кои ќе бидат засновани на квалитет, поточно адекватни на западните земји кои се докажале дека имаат квалитетно високо образование. Стандардизираше на наставните планови и програми веќе е пторебно и тоа ни го бара Европската заедница. Ние ветуваме дека тоа ќе го сториме, но за жал сеуште тапкаме во место.

Посебно како држава треба да водиме грижа за талентираните ученици студенти, за создавање на разни форми за нивно откривање, средства за нивно стимулирање, бидејќи само со такви ученици и студенти можат да се постигнат високи резултати.

Господа, ако не го знаете вие тоа во образованието потсетете се на спортот. Од најмладите години се откриваат таленти. Не вреди ако не е талент да се вложува во него. Таквите бргу отпаѓаат од екипите само талентирани спротисти и талентирани ученици можат да ја оправдаат инвестицијата, во спротивно ќе бидеме во загуба. За да се откријат талентираните потребни се адекватни стручни кадри, а не партиски војници.

Неминовно, за да се оствари горенаведеното потребно е статусот и социјалната положба на наставниот кадар да се подигне на едно повисоко ниво. За жал, можеме да видиме и во овие денови каде наставникот на училиште оди на настава со точак, а неговите ученици се возат со автомобили. Би било добро кога сите би го имале тоа, можеби не е ни трагично да имаат учениците, но да нема наставникот е голема трегедија.

Изградбата на ученички и студентски спортски сали, мора да се задржам на салите. Ќе направам само една споредба. Имаме школи во кои има сала, имаме школи кои немаат сала. Имаме школи каде четири па и повеќе паралелки истовремено изведуваат настава по физичко.

Господа, не заслужуваат таквите наставници да земат плата. Дали може да се оствари наставен план, посебно наставната програма каде има четири паралелки во една мала сала од едвај 200 м2 прво тие ученици не можат да дишат чист воздух, некој треба да се замисли да им се овозможи на тие деца да спортуваат. Само во здраво тело има здрав дух. За такво здраво тело можеме да зборуваме кога од најмладите години децата ни се со најразлични деформитети. Тие деца со тие деформитети ќе бидат последица на оваа држава. За тие деца подоцна ќе мора да одвојуваме големи средства за лекови, па на крај ќе бидат социјален проблем, наместо да вложиме од најмалите години да не се дојде до тие деформитети, тие деца ќе бидат продуктивни само, како што напомнав, здравото тело и здравиот дух создаваат квалитет и чист бистар ум. Доколку бевме домаќини, а како партија бевме декларирани дека ќе работиме чесно, домаќински, ќе го земам за пример министерот Наумовски кој позајми, ова е еден термин од едноумието не украде, туку позајми 12, 13 или 15 илјади ДМ не знам ни јас колку, сретнував најразлични бројки и цр една моја груба пресметка колку чини една сала, а балон би коштал многу помалку требаше да се изградат од 120 до 150 сали. Само со еден нечесен потег се уништени 150 сали, а замислете колку деца и колку генерации ќе бидат уништени. Мислам дека нема пторeба повеќе да збо-рувам за салите за основното и средното образование, околу градењето и нивната потреба.

Да биде уште поголема трагедијата салите се затворени за децата по завршување на часовите, по наставата, а дали знаете за кого се отвараат. Се отвараат за бизнисмените да рекреираат или за некои клубови кои перат пари или за некакви рекреативни и други цели, а

најмалку тие сали се отворени за децата на кои најмнобу им треба и за подигнување на своите физички способности, а посебно за развивање и откривање на таленти во оваа наша млада држава. Дека спортот никогаш не бил на पониски гранки доволно зборуваат досегашните резултати што ги постигнува нашата репрезентација, тука ќе ја земам нашата ракометна репрезентација која срамно се врати од учеството на еден висок турнир, а јас тврдам дека Македонија ако се работи како што треба за седум осум години може да биде европски или ако не светски барем второ или трето место да носи медаљи од европските или светските првенства. Тврдам во ракомет дека Македонија може да го постигне. Ова го тврдам и господине министре дајте ми можност јас без пари ќе работам само дајте ми можност осум години само програмата да ја финансирате. Ова ви го тврдам и стојам зад ова дека без пари ќе ви работам и ќе ме наградите откако ќе донесам медаља. Не е тука Харуни да праша за фудбалот, но еве кога го спомнавте фудбалот да ви кажам дека спортските игри се во висока корелација, а прво ќе ви кажам што е дефиниција односно што е интелигенција, бидејќи дофрлувате што е интелигенција, колку што се сеќавам од мое време кога учев психологија дека интелигенција е снаоѓање во непредвидени услови, значи непознати услови, тогаш спортските игри создаваат такви услови кои никогаш не се повторуваат. Треба да ја негуваме и развиваме интелигенцијата. Не случајно ние балканците сме многу креативна нација и многу интелигентна нација. Но, за жал, никој не вложува во интелигенцијата, напротив се вложува во нечесноста и во снаоѓањето, јас не знам која е таа особина снаодливост што кај нас се цени.

Уште поголема е трагедијата кога веќе зборувам за салите во високото образование. Замислете си двата универзитети во Битола и во Скопје немаат ни една сала, ни еден покриен објект (од место дофрлаат и тетовскиот) не знам, можеби има, јас зборувам за овие што знам дека немаат. Сега Штул ќе ви изгради и сала.

Дали некој треба да изгради сали одговорот е да. Кажав и можен начин од тие 12-13 милиони ДМ ќе изградевме не една, две, три дури секој факултет ќе имаше сала. Покрај универзитетот што ги користеше ќе ги користеа и средните школи и ќе развиевме спорт во високото образование. Но, за жал спортот не постои во високото образование освен некоја кошарка што постои, но за жал деканот на Факултетот за физичка култура сака и тој спорт да го уништи кој постои како таков дури факултетот за физичка култура нема своја екипа. Зошто? Затоа што биле спречени репрезентативците. Ако ние не можемне како факултет за физичка култура да се натпреваруваме со Економистите или со Електро, Машински или Земјоделски факултет што тогаш остана од нас, зошто ни е факултет за спорт, Факултет за физичка култура, но за жал таков декан имаме кој милува да каже јас - деканот на Факултетот за физичка култура. Треба да го смени министерот за кој повеќе пати му укажува дека направи ршун на Факултетот, дека царува митото и корупцијата, дека му го пушти инспекторот, кои воопшто не се заинтересираа, а зошто не се не знам можеби им запишал одреден број на студенти, ние примаме 60 студенти, деканот запишал 200, а ние имаме училници кои собираат 40, па замислете си каква настава изведуваме, а ни завидуваа пред другите факултети како што е Медицинскиот каде има пракса алал да ви е, секоја чест, единствен факултет кој имате пракса. Ние претежно изведуваме само теоретска настава. За жал ние сега немаме ни минимална пракса, но да не се оддалечувам од темата.

Целта ми е да кажам само на аномалиите дека нешто мора да се менува, мора да има инспекција, мора да има контрола, мора да одговара оној што погрешил, оној што работи против интересите на студентите, рпотив интересите на учениците и против интересите на државата. Доста вака.

Како нација мора да водиме беспоштедна борба против злото на денешницата дрогата, наркоманијата која е многу раширена кај нас, за жал, додека бев како кандидат за пратеник на ВМРО-ДПМНЕ секаде на големо зборувавме што се ќе направиме против наведените зла. Не само што не направивме, туку тоа се повеќе и повеќе се шири. Дури внесовме и други зла како што е оружјето во многу поголем обем, бидејќи и претходната власт не успеа да го спречи.

Ветувавме исто така дека кафаните ќе ги затвориме. Не само што не ги затворивме до 24,00 часот, туку тие работат цела ноќ. Само колку да бидам поубедлив да се сетам на еден пример. Летоска бев за моја среќа прв пат во Грција на одмор, бидејќи имам дипломатски пасош, инаку грците не ме пуштаат, кафаните работеа до 24,00 часот. До 24,00 часот кафаната работеше во хотелот, а газдата живее од тоа, а кај нас и тоа летен период замислете кај нас во овој период кафаната цела ноќ работи. Каде го има ова? Зошто им го переме мозокот на тие деца? Нам не ни требаат такви деца. Нам ни требаат деца кои ќе инвес-тираат не во седење во зачадени простории, ако треба да седат нека седат покрај компјутер, нека вежбаат или барем нека спортуваат седејќи оти има и такви спортови како што е шахот, нека се натпреваруваат во нешто барем ако не друго барем нека решаваат крстословки ќе бидат по-корисни и за себе и за државата.

Учеството на буџетските средства во партиципација за уписот на учениците и студентите на посебно социјално загрозените ученици и студенти како и учениците и студентите кои потекнуваат од фамилии кои се прогласени за сиромашни или социјални случаеви. Ним треба да им се овозможи нагласувам со закон упис без партиципација, а не упис на факултетите со пријатели, како што е кај нас. Верувам тоа е и на

сите факултети. Без партиципација. Таке колега (дофрлување од место) не треба да бегаме од вистината. Од Буџетот да се издвои зошто имаме програми со Европската Заедница, таа доделува помош, зошто се деклари-раме дека сме социјална држава кога не водиме грижа. Зарем талентите се раѓаат само во богатите фамилии? Ќе го земам за пример Дарко Панчев. Сигурно тој не беше најбогатото дете, но најмногу постигна и најмногу ја афирмира македонската нација и македонскиот фудбал. Можеби да беше Ламбе Арнаудов немаше да биде ни тој Дарко Панчев, тогаш ќе немавме ни репрезентација оти не може да се соберат играчите, но кој е виновен. Кога спомнав за ова морам да кажам од оваа говорница.

Од оваа говорница ги повикувам сите, на чело со Флоровски со Управниот одбор да си дадат оставка и да си одат, бидејќи не се способни да ги соберат..., почнувајќи од претседателот на Фудбалскиот сојуз, Управниот одбор и тренерот, сите како неспособни. Не им се криви играчите. Треба да се изградат критериуми за вреднување.

За жал, какво такво во едноумието имаше некакви критериуми. Само еден критериум неможам да му го заборавам и морам да го спомнам, тука го гледам Љупчо Поповски, морам да го спомнам како претседател, нека ме исправи ако грешам бидејќи не бев член на СК не ги функциите, мислам беше претседател на Општинскиот комитет Центар, кога се работеше за мојот најценет професор, најголем стручњак, Барбакот што Македонија уште сто години нема да роди еден таков професор. Тој беше еден од најаките, најсилните, најспособните професори на просторите на поранешна Југославија, заедно со Ацо Николиќ остана без работа, затоа што како критериум го земаат терминот подобност. Љубоморните и неспособните професори го направија неподобен затоа што беше квалитет. За жал исклучок во едноумието беше тоа што се бараше подобност. Сега нема подобност, туку книшка. Колку понеподобен, понеспособен, толку полесно до работа.

Често пати, знаеме да се пофалиме дека училиштата се компјутеризирани. Има такви училишта, тие што имаат жена, маж, пријател, директор што може да донесе средства во училиштето. Што да кажеме за ти училишта кои неможат да обезбедат. Зарем нема таму таленти. Зарем на тие деца не им треба осовременување и следење на високата технологија. Знаеме денес без познавање на основните законитости на компјутерската техника секој стручњак е слеп. Дури и тренерот треба да има такви познавања.

Отварање на странски приватни училишта и факултети? Мораме еднаш да се споредуваме со квалитетот. Доста бевме затворени, ние и никој друг, никој друг повеќе од нас не знае. Господа мораме да донесеме квалитет и да се натпреваруваме. Нека се отворат приватни училишта. Тогаш ќе видиме каде ќе одат и учениците и студентите. Дали ќе бараат квалитет или ќе бараат неквалитет, школување на курсеви. Кога го велам тие курсеви да кажам и ние имаме курс за тренери каде им даваме дипломи за да им земеме по 2000 марки. Тоа со полицијата го кажав. Еднаш кога во Кумровец затворивме, друга отворивме во ова безумие.

Реков, ако сакаме да го зголемиме квалитетот мораме да изградиме критериуми. Како се градат критериуми? Критериуми се градат само ако имаме мерни инструменти. На времето, додека беше Југославија тешко беше да се докторира. И тогаш постоеше мислење да се направи еден центар на ниво на Југославија кој ќе го оцени квалитетот и проектот, дали може да се дозволи одредена докторска десертација. Денес тоа го нема. Мораме да бараме квалитет.

Исто така треба да бараме квалитет и кај стручните кадри во образованието. Квалитет треба да ни биде просекот. Дали се ценат студентите кои имаат висок просек? За жал овде некој ќе ми каже и верувам слушателите веднаш ќе помислат, бидејќи има такви без број, ама го знам тој висок просек го имаше затоа што имаше нему кој да му помогне. Да тоа го имаме. Но и тоа треба да го отстраниме. Крајно е време да бараме и да градиме критериуми, доколку сакаме да градиме и правна држава и пазарна економија. Во спротивно тешко ќе ги оствариме наведените цели кои ги имаме зацртано. Не случајно горните реформи ги нема во буџетот и даночната политика, предложени од Владата за 2002 година, а се знае со дека во Буџетот даночната политика не се обезбедуваат средства за реформи во образованието. Тогаш и реформи ќе нема. Единствено се обезбедуваат минимални лични доходи, какви такви, да преживеат наставниците, да работаат со тие 200-300 марки кои ги земаат и да преживеат, а за некакви си нагледни средства, верувајте има училишта каде што креда неможе да купат, или сунѓер. Уште со крпи бришат. Знам, во мое време, тогаш се појавија сунгери, но тие беа природни од море вадени, но повеќето се служевме со крпи. Но, за жал и денес гледам во училиштата крпи, долен веш кој се користи за бришење на таблите. За какво 21-век зборуваме.

(Од место реагира пратеникот Мевљан Таири)

И вие требаше да ги осудите убијците. Неможе во 21-век да се оди со убивање и со терористи. Вие требаше да ги осудите, а не ги осудивте. Исто како со ова што не се оди не се оди и со оружје во 21-век.

ВМРО-Вистинска бара да се зголема средствата наменети за реформи, во образованието. Но во овој буџет место реформи ни нудите отпуштање од работа, намалување на платите на образованието, обезличување на просветните работници. Ќе ве потсетам господа

пратеници, а посебно граѓаните на Македонија, а најмногу сакам да ги потсетам и јадните наставници, ги купија, ги залажаа синдикалците, наставниците сигурно не се, за канта сирење, а исто така можам да го сватам и нивното стравување, ако не ја примат таа канта сирење ќе бидат сменети од своите работни места затоа што директорот мора да прифати, затоа што директорот е партиски определен, тој таа канта сирење мора да ја донесе и подели на наставниците. Но, до тој степен е истоштен наставникот кој кандата сирење може-би нема да ја земе првиот ден, но другиот ден пак ќе си ја однесе до дома до кој степен е доведено образованието. За минатото знаеме дека најценети беа учителот и попот и лекарот. За жал, денес, ни учителот ни попот ни лекарот и поповите почнаа со бизнис, можеби имаат причина, за жал, поелинци не сите. Да кажам неколку зборови за науката.

ВМРО-Вистинска се залага за ревидирање, го нагласувам ова, ревидирање на досегашниот однос на државата кон науката. Кога еднаш оваа држава ќе свати дека науката е крајно време да не се третира како потрошувачка. Не е науката општествена потрошувачка. Науката е производство со највисока технологија. Нема технологија без наука. Кога ќе и го дадеме правото значење и третман на науката? Нека барем се каже до тогаш и тогаш, а оттогаш луѓето кои се занимаваат со наука ќе ги добијат, своите непривилегии, туку можности да работат и да се докажуваат во науката. Нека се стрпат уште малку, нека не ја напуштаат државата, бидејќи и за нив ќе дојдат убави денови каде ќе имаат можност да се занимаваат со наука. За жал, симболични се средствата наменети за науката.

И во предложениот буџет за 2002 година, на што ние сме обично против, ВМРО-Вистинска бара преку средства од Буџетот да се спречи одливот на македонскиот научен кадар. За жал, единствен спас тие бараат во напуштање на државата, а не постои поголема инвестиција од инвестицијата во научниот кадар. Ако ги избркаме и тие луѓе кои се занимаваат со наука, кажете какво стопанство ќе развиваме. Да не ги навредам другите, се знае како, кој ќе остане само во државата, а со такви држава не се гради.

Да кажам неколку зборови за културата и уметноста, како творештво, како нешто генијално што се раѓа во одделен временски период, феномен кој се раѓа на секои 50 или 100 години, кој треба да се открива, да се негува а ние сакаме по секоја цена да го потрупаме како што снегот ги потрупа нечистите работи што досега ги направивме, еве и јас да се ставам таму, иако не сум,да не испадне дека само напаѓам. Не господо. Снего ќе се топи. Нечесните работи пак ќе останат. Но, треба да се покаже со прст кој ги прави и зошто ги прави и еднаш да се одговара за тоа. ВМРО-Вистинска бара да го промени односот Владата кон оваа дејност, посебно кон третирањето на културата, исто така како потрошувачка. Културата и уметноста треба да се третираат како своевиден можен производ со кој Македонија има реални шанси брзо да се вклучи во европскиот простор, а такви врвни личности имаме безброј, познати на европската, дури и на светската јавност, кои ја презентираат Македонија на многу високо ниво. Културното наследство на Македонија е своевито, создавано низ повеќе цивилизации. Тоа треба да се надградува, исто како и во спортот. Кај нас спортистите напредуваат, не затоа што имаме надградба, туку затоа што се постари, а како млади ќе речеме дека се таленти. Истото се случува и во уметноста и културата. Господо, се се заснива на одредени законитости на науката. Мораме да имаме постојана надградба. Ако имаме надградба немаше да останеме и немаше да дојдеме на ова ниво до кое сега дојде државата и за жал да завладее голема апатија и немотивираност кај сите. Крајно е време, наместо со математичко пребројување на вработените потребно е да се изврши реорганизација и стимулирање на креативните личности кои работат во културата и уметноста.

ВМРО-Вистинска бара реформи во културата. Меѓутоа, бара и средства од Буџетот за финансирање на тие реформи. Истовремено бара и зголемување на средствата за развој на културното творештво, бидејќи не е доволно некој само да се роди талент, туку треба да му се овозможи тој постојано да се надградува. Тоа ќе се исплати, ќе ја афирмира и реафирмира нашата држава. ВМРО-Вистинска има јасна визија за сеопфатно, систематско и трајно стимулирање на спортот во Република Македонија.

Крајно е време да кажам неколку зборови и за спортот, и тоа во трите негови сегменти: училишниот спорт, врвниот спорт и на крај рекреативниот, да не ми забележат и оние кои сакаат да се занимаваат со спорт.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за Буџетот зборувајте.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Цело време за буџетот зборувам, од каде средства и што се прави.

Господине Андов, незнам што сте по професија, економиста сте мислам, но треба да знаете дека неможе спорт без пари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Те молам продолжи, зборуваш, немој да се занимаваш со мојата професија. Зборувајте за точката на дневниот ред.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

За точката зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, но ја плеткаш работата. За се друго зборуваш, само за тоа не. Продолжете ве молам.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

За тоа ќе кажат граѓаните. Најмалку вие и квалитет имате да оцените.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Доста со мене се занимаваш. Ти не смееш со мене да се за-нимаваш. Јас морам со тебе. Разбери го тоа.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Се повлекувам. Се извинувам ако немам право. Јас ве почитувам и вие треба да ме почитувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Престанете со тоа дали јас ве почитувам или вие не. Вие само да ме слушате, тоа што ќе го речам да правите. Така е редот. Зборувајте за буџетот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Треба да се обрне внимание на училишниот спорт, од намалите години. Зошто? Затоа што дете што ќе пропушти во најмладите години, неможе да го надокнади, во спортот. Моториката се развива во најмладите години. Мускулатурата доволно е снажна, развојот го следат мускулите и коските. Затоа темелите на спортот се удираат во училиштата, а не да ги затворате школите. Од тие причини барам да се обрне најголемо внимание на училишниот спорт и да се отворат салите за децата, а не тие да бидат затворени за децата а за сите други отворени.

За студентскиот спорт да кажам дека треба да им се помогне на студентите да формираат свои клубови, да се изградат сали и да се формира натпреваруваше во студентски лиги. Државата мора да изнајде средства и да помогне. Ако сакаме квалитетни студенти ќе ни треба и физичка култура без епорт неможе да имаме и квалитетни студенти.

Да кажам нешто за врвниот спорт.

Каков таков, донесен е некаков закон за врвниот спорт. Никој тоа не го почитува. Во спортот работат и слаткари и кондураџии. Крајно е време во спортот да дојдат луѓе кои ја познаваат науката, и кои се школувани и квалификувани за водење на спортот. Помина времето на луѓе кои можат да работат по сеќавање. Што е најбитно, еднаш засекогаш треба да се најдат извори за финансирање на спортот. Владата спортот го гледа како општествена потрошувачка и така го третира спортот. Тоа се почуствува и во самиот буџет. Меѓутоа ВМРО-Вистинска нагласува, спортот нег го гледа и не го третира како потрошувачка, туку напротив покрај неговото воспитно-образовно и здравствена влијание што го има, спортот го гледа и како високо доходовна вредност.

Ако направиме споредба колку пари во Македонија донесоа спортистите за овие последни десет години, бидете сигурни дека, но не објектите и фабриките кои ги продадовме, стопанството на Македонија ни една третина од тоа не донесе. Било кој спортист, кој ќе излезе надвор од својата татковина тој се враќа најмалку со десетина милиони марки. Ние кредити земаме толку. Но не само како доходовна гранка да го гледаме спортот, спортот мораме да го гледаме и да го следиме како афирмација на нацијата. Не постои поголем амбасадор од спортистот и од спортската екипа која настапува, кога ги брани боите на државата. Се вее македонското знаме во салите каде што спортвуваат нашите спортисти и химната се пее. Само спортот може да има и негативно влијание ако се претставиме како лоши спортисти. Затоа ќе треба да се претставуваме како добри спортисти, доколку сакаме и со гордо кревата глава да го напуштиме теренот и да ги принудиме и гледачите од другата држава кои не се непријатели, туку пријатели на спортот, кои ќе навиваат за нас и за нашата држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Концентрирајте се на тоа за што дојдовте на говорница.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Затоа, средствата наменети за спортот од буџетот имаат развој на компонента. Се ова што го зборувам е во контекст на Буџетот и спортот.

Но, јас ќе се задржам...

Г.-не Мијајловски, не сте вие тој кој треба да ми каже да си одам на место. Читате весник, најмалку вие имате право да ми кажете да си одам. Вие треба да слушате и нешто да научите и да измените.

Изградбата на спортски објекти во училиштата и во факултетите треба да имаат приоритет на задача и, неколку зборови за ученичкиот стандард а и за студентскиот стандард.

Морам да потенцирам дека Владата тргнувајќи од аспект на буџетска и даночна политика што ја води има, би рекол, несоодветен однос кон ученичкиот и студентскиот стандард. ВМРО-Вистинска смета дека условите кои ги имаат студентите и учениците се на најниско скалило. З наеме дека безброј ученици и студенти спијат во подрумите. Не е мал бројот и кои се здобиваат и со одредени, не само времени оболувања, грипови, туку и со крајни заболувања. Не е ретко каде што студентите не можат да дојдат до соба, поради партиските книшки, затоа што немале црвена книшка, иако се работи за квалитетни студенти.

Г-до, крајно е време да изградиме критериуми, приоритет треба да имаат студентите кои се со висок просек и учениците кои се исто така со обичен успех во сместување и во добивањена ступендии и кредити. Државата мора да направи поголеми напорџ да вложи поголем труд, да им се овозможи на студентите кредити, како би можеле да го продолжат своето студирање. Голем е бројот на студентите кои се отпишуваат, затоа што нивните родители останале или стечајни работници или без работа,

или се пензионирале. Поради наведеното не се во можност да го продолжат своето студирање, без разлика на своите квалитети што ги поседуваат.

Затоа, предлагам државата да преземе енергична мерка, за да им овозможи на нив, барем кредити, кои кредити ќе ги вратат студентите за да продолжат со своето школување.

Благодарам за вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Г-дин Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Навистина, немав намера да станам и да зборувам.

Господине претседателе, бев спомнат повеќе пати, ова е реп-лика, реплики на некои претходни говори, затоа што г-динот Вангел симев многу работи кои денес овде ги кажа, спомнати се десетици пати. Но, тоа е работа веќе на потсвест, она што денеска јавно го манифестирг Тоа не е моја работа, тоа е работа на посуптилни инстанци. Сега, јавно би прашал, г-дине Андов, случајно да не имате распишано предвремени избори?Затоа што г-динот Вангел Симев денес презентираше партиска програма на ВМРО-Вистинска реформска опција. Очигледно, не сум знаел дека имате распишано избори, но, според излагањето на г-динот Симев, претпоставувам дека предизборната кампања е во тек.

ВМРО - Вистинска цело време бара нешто, а никаде не нуди решенија. Во вашето делување од Вашиот пребег од ВМРО-ДПМНЕ во новата фантомска партија ВМРО-ВМРО никаде не нудите решенија и кога на тема се економски прашања, г-динот Стојменов ви спрема говори, доаѓате, ги презентирате, освен оној спортскиот дел, кој секогаш на десетици пати овде го презентирате. Но, немате работа овде со неуки луѓе кои не го следат спортот и не се доктори по фудбал, сепак, нешто знаат, ќе ви одговориме на некои други работи случајно да не ви се повтори по 11 -ти, 12-ти или 15-ти пат, да ни продавате ум за спортот на село и за вашите фудбалски движења.

Зошто цело време барате оставка на членовите на ФСМ? Од едноставна причина, затоа што вие не сте таму кооптирани. А, не е чесно во отсуство на луѓето кои ги спомнувате овде, да давате квалификации. Тоа говори за вас како личност, говори за вашиот однос и на крај за вашиот дигнитет. Нека ви суфлираат, ќе ви реплицирам и по петти пат ако треба.

Г-дине Симев, секаде се нудите, ова значеше и јавна понуда, според она што го презентиравте, но никој не ве прифаќа. Незнам зошто. Мое лаичко видување зошто не ве прифаќаат, од едноставна причина, затоа што секаде онаму каде што работевте, апсолутно немавте никакви резултати, освен запалена мускулатура на фудбалерите, кои после маратонско трчање, мораа да се враќаат со такси до дома или на стадионот. Во случајот со фудбалерите на Вардар. Мислите дека се е во маратонското трчање. Нели некогаш и умот царува. Цело време говорите за умот и за спортот како научно достигнување. Божем од тие спортистите ќе правиме астронаути, па мора да се надлуѓе или космонаути.

Имам уште едно чувство. Кога нема со кого да се расправате, претпоставувам дека вие ќе застанете пред огледало и ќе се расправате самиот со себе. Што имаше потреба да го спомнувате Флоровски, како еден обичен член на ФСМ, кој има минорно влијание или никакво влијание. Што имате воопшто потреба да ме чепкате. Јас ви кажав, ако сум сигурен дека ќе во кооптираат, јавно ќе дадам оставка само да ве става Но, било кого прашајте во ФСМ и во македонската спортска јавност што ќе кажат за вас. Претходно кажав, ако има со кого да се расрпавате, се расправате со самиот со себе. Мислам дека тоа е лоша навика, ако е навика. Ако не е навика, веќе предполага нешто друго, за кое вие треба да размислите. Што е тоа што се случува во вашиот ментален склоп.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Поминаа пет минути.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Цело време нешто не учите, се извинувам господине Андов, многу, пати не сум реплицирал и не ми дававте шанса, ве замолувам уште две до три минути. Цело време велите дека она што го говорите да молчиме и нешто да научиме. Па, кого вие успеавте да научите како спортски работник. Цело време велкте дека ние треба да си одиме, а нели се преиспитавте во вашата куќа на вашиот факултет колку од вашите колеги сакаат вие да си одите. Дали се запрашавте? Па, никогаш јавно нема да ви кажат, тоа е нормална работа. Очекувате јавно да ви каже дека Вангел Симев е ваков, таков, или незнам што. Не се чепкајте со секого. Не сте толку умен, мудар и паметен и нема секој да ви премолчи.

Велите дека спортистите донеле многу пари.Апсолутно се сложувам со тоа. Сакам јавно да ве прашам, дали меѓу тие спортисти што донеле многу пари во РМ, има некои од вашите кадри. Вие како професор по фудбал, д-р на науки, го спомнавте и Панчев, случајно да не е ваш ученик и Панчев? Или онаа низа плејада на фудбалери македонски кои успеале надвор? Дали има меѓу нив ваш ученик или останавте на оние трета, четврта, шеста или оние маалски фудбалери.

Уште едно сакам да кажам, сметам дека е доблесно, сепак, вие сте возрасен човек, лошо е пред оваа македонска јавност, пред македонските медиуми да ги личите јсопствените фрустрации. Некогаш е подобро да се премолчи, отколку јанво да се настапи.

Ако имам потреба ќе реплицирам, доколку сметам дека нивото е тоа што треба да

ви одговорам. Не дека се плашам дека не можам да ви одговорам, ако сметам дека е нивото да ви одговорам, ке одговорам, а, ако не, ке се повлечам во холот и ќе ја сметам вашата реплика за ништожна, непостоечка или небитна да ви одговорам. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве, г-дин Симев сака уште еднаш и се надевам дека со ова ќе завршиме со фудбалскиот сојуз, па да минеме и на Буџетот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитуван г-дине Флоровски, ред е да се вратите. Ако малку имавте култура и ако завршевте факултет во Македонија ќе имавте барем култура и ќе седевте овде. Според ова се што го знаевте, што го кажавте, а ако сте интелектуалец истиот момент ќе се повлечевте од Фудбалскиот сојуз. Таму не ни е местото. Ке остапевте место, не мене, туку на некој кој повеќе од нас знае. Вие, не верувам дека во Бугарија завршифте факултет за физичка култура и дали имате факултет, незнам дали го завршивте и се ова што го искажавте овде, а посебно зборот "склоп" што го спомнавте, нема ваша реплика или реферат, незнам вас кој ви ги пишува рефератите, да не го употребивте овој збор, незнам на што ве асоцира тој збор или толку голема силина гледате во тој збор, што постојано го употребувате. Но, тоа не е толку битно. Битно е она што ми рековте дека нешто ме мачи. Она што јас нешто сум сакал да кажувам или да станам. Мене ништо не ме мачи. Јас немам комплекси. Во животот сум постигнал она што сакав. Јас сум д-р на науки, со вложен труд. Немам ни роднини, ниту некој да ми помогне при завршувањето на факултетот. И, ако ве интересира не докторирав и не магистрирав овде плус имав и специјализација. Не сакам за тоа да зборувам толку за себе. Бидејќи, спомнавте за сали, зошто зборуваш. Уште во античко време, античките македонци и Спарта и Атина имале сали. подруми под земја ги копале каде што тренирале и спортистите и војниците. Затоа, јас спомнав сали. Но, не сакам да одам до ситници да образложувам зошто се потребни. Јас само накратко кажав зошто.

Спомнавте, г-дине Флоровски, па вие воопшто немате меморија, воопшто не се сеќавате ни до претходниот буџет дека ние имавме над 130 амандмани, дека сега ќе поднесеме 105. Тоа нешто кажува г-дине Флоровски. Дека имаме достоинство и како пратнеици, и како луѓе.

Потоа, исто така, ме критикуваше дека сум се нудел. Разликата меѓу мене, не сакам да се споредувам со вас, со други ќе се споредам, е таа што јас се нудам без пари. Верувам во мојот квалитет. А, вие што се нудите, колку ие заработивте за овие две, три години, тоа треба да се преиспита г-дине Флоровски. Што и колку вие заработивтем, колку јас заработив, колку вие вложивте за овие три години, колку јас вложив за овие три години. Ќе ги отвориме компјутерите и ќе видиме кој колку напишал трудови и кој колку листови и непреспиени ноќи, тоа не може да се провери, но, труд е вложен.

Зошто не ме прифаќаат, тоа е м ногу силно прашање и е многу интересно. На тоа треба да се даде одговор. Господа, јас спомнав за критериуми. Денес, за жал, најтешко успеваат квалитетите. Денес има идеални услови за полтрони, за неспособни кои заеднички ќе делат со тие кои се претпоставени да ги бираат или кумства или што се, незнам.

Затоа, г-дине Флоровски не ми даваат и не сакаат. Затоа и во Вардар не сменивте пред да одиграм еден натпревар. Се плашевте од резултатите, се плашевте од работата. Јас однапред гарантирав, дека Вардар излегува на Европска сцена. Да ви кажам само тоа, дека кога бев во Вардар во 1988 година со Методија Спасовски, тогаш Вардар беше петти на ниво на Југославија, без отидените Савевски, без Дарко Панчев без Канатларовски и единствено Црвена Ѕвезда која стана светски првак, Вардар ја победи овде. За тоа не сакам да зборувам.

За тоа што рековте фудбалерите зошто трчале, само едно и не треба да должам, ќе кажам, кој е паметен, а целата македонска јавност доволно е паметна и ќе свати, како и најголемот број на пратеници дека фудбалерите колку што трае натпреварот од 90 минути, само две минути играчот е со топка, додека 88 минути игра без топка. Што тоа значи? Се се гради, се заснова и се надградува на трчање, господине Флоровски.

Немој да се мешаш каде што не ти е местото.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да се разбереме и околу репликите. Сите овие интервенции, реплика, па реплика на репликата итн., треба да се задржа во рамките на точката што е на дневен ред, т.е. ако некој со своето излагање се повика на некое претходно излагање на некој друг дека е недоволно јасен пак во врска со таа проблематика која е на дневен ред, да мдојде да објасни и тоа мора да го прави. Инаку, на овој начин, ако вие доаѓате овде еден на друг да си раскажувате биографии кој како учел, што учел, зошто учел, каде учел, таа работа нема врска со точкатг на дневен ред и нема врска со правото на реплика што произлегува од Деловникот. Затоа, ви велам, понатаму, еве уште еднаш ви укажувам, кога ќе се застрами таму, ќе ве замолам да ја напуштите говорницата ако атака настапите. Да се држите за тоа што овде станува збор, сега што ние сме се собрале да го раз гледуваме.

Господине Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Господине претседателе,

Господинот Вангел Симев не слушав да реплицира на се она што го повтори и во таа смисла се повлекувам, така што нема место за мојата реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не ја слушал репликата и г-дине Симев немате право на реплика, па ве молам седете на своето место. Нема реплика и нема што да му одговорите. Ве спомна, но за вас не кажа ништо. Не ви давам ниту една минута реплика, па зтоа седете си таму. Седете си на своето место и нема што да кажувате. Не може да расправате и Ве молам седете таму. Седете си на своето место. Не сте вие повикани да објаснувате дали тој слушал или не слушал. Човекот самиот рече дека не ве слушал и готова работа. (Господинот Вангел Симев и понатаму се обидува да реплицира.

За збор се јави г-динот Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани членови на Владата.

Последните години, имаме големи осцилации на приходите и расходите на Буџетот, така што и во 2000-тата година Владата не планираше толку огромен суфицит, посебно после воведувањето на данокот на додадена вредност. Како што некој тогаш мислеше дека тој суфицит е плод на домаќинско и одговорно однесување или од парите од Телеком, јас мислам дека тој суфицит беше директно поврзан со воведувањето на ДЦВ и високите акцизи. Или како што оваа година, 2001 година, се појави огромен дефицит сигурно поради големите трошоци, поради воената криза, така што ни во првиот Предлог буцет, ни во вториот Владата не планираше такви големи разлики односно суфицит и дефицит во Буџетот. Така, и во предлог буџетот во 2002 година се предвидува дефицит што треба да се полни од донации и внатрешни и надворешни кредити.

Јас мислам дека Министерството односно Владата немаа доволно сознанија и добри претпоставки или финансиски движења точно или приближно да планираат приходи и расходи на буџетот.

Сигурно, последиците од политичко-безбедносната криза и воените дејства во оваа година ние сега ќе ги почувствуваме како граѓани, стопански субјекти и други трговски друштва, како и прекумерниот и неконтролиран увоз на тешкото оружје со многу сомнителен квалитет со прилично високи цени, непознати за нашата јавност. Дирекно ќе го почувствуваат граѓаните стопанките усбјекти ид руги трговски субјекти.

Затоа оваа Влада и овој Парламент беа принудени во второто полугодие на 2001 година да го воведе таканаречениот воен данок односно данок на финансиски трансакции, што дополнително беше товар за сите граѓани. Или Владата или фиансиските инспекции принудени се да направат непопларни мерки како што беше пред неколку дена акцијата во Старата чаршија кога собраа 17-18 килограми злато и во другите поголеми претпријатија, со единствена цел можеби да ги полнат дупките што се појавија во нашиот Буџет.

Во 2002 година ние ќе се соочиме и со имплементацијата на Рамковниот договор. Договорот е многу значаен за иднината и опстанокот на оваа држава. Но, за жал во овој Буџет не се предвидени средства за имплементација на Рамковниот договор, освен во делот каде што се плаира вработување на нови полицајци албанци во МВР и нови вработувања во АРМ.

Ме интересира, посебно тука во Собранието, каде дел од Рамковниот договор сме обврзани да донесеме нов Деловник за работа, кога ќе биде во употреба албанскито јазик во Собранието и ќе требаат дополнителни трошоци во Собранието како за вработување на нови преведувачи, а за опремата мислам дека таа е инсталиран аод порано. Затоа треба тука да издејствуваме, можеби и амандмански овој проблем тука во тој контекст да го решиме.

За спроведување на Рамковниот договор требаат дополнителни средства како што се обнова на разрушените објекти и враќање на сите бегалци. Би рекол прво за оние кои живеат надвор од Макеоднија, и другите раселени лица внатре во Макеодонија. Верувам дека овие последните нешто се обезбедуваат со донациите, бидејки очекуваме донаторска конференција во почетокот на наредната година.

За жал имаме лоши индикатори, што стануваат уште полоши. Во моментов, во РМ имаме да не кажам најголем, туку голем број невработени луѓе. Во овој момент 90% од популацијата во Македонија живее во сиромаштија. Не сум сигурен што презема Владата односно Министерството за финансии, какви програми има да го намалат бројто на невработените и да го зголемат стандардот на граѓаните кои живеат во РМ. Мислам дека Владата треба да направи повеќе напори да го реши проблемот на невработеноста, бидејќи во Макеоднија, за жал, имаме најголем број невработени од сите соседни држави што ги имаме, посебно од државите на бивша Југославија.

Во образложението на Буџетот, при концепирање на Буџетот за 2002 година да се имаат предвид неколку глобални претпоставки, како што е реалниот пораст на бруто домашниот производ за 4% што е реален само доколку се спроведе Рамковниот договор. Одржување на годишна стапка на инфлацијата од 2,5% мислам е нереално и таа ќе биде повисока во 2002 година. Одржување на стабилноста на девизниот курс, на денарот, мислам дека курсот на денарот ќе биде стабилен од повеќе причини бидејки имаме прилив на девизи од надвор привремено вработените во странство, како и поради менувањето на

европските валути со евро и поради присуство на огромна количина на девизи на пазарот. Затоа мислам дека курсот на денарот ќе биде подолготрајно стабилен.

Што се однесува при концепирањето на Буџетот да се имаат предвид и неколку други претпоставки што ги дава предлагачот во образложението што апсолутно не соодветствуваат со реалноста. Како што е продолжување и на натамошнито тренд на одлучување на структурните реформи, решавање на проблемите со загубарите. Сами знаеме дека секоја власт доаѓа, сите овие фирми ги оставаат прво да банкротираат тотално, па после да ги продаваат за багателна цена.

Како втора претпоставка што досега практично не се покажуваше е создавање услови за зголемвуање на извозот на стоки и услуги. До сега незнам Владата да превзела некоја мерка да го стимулира и да го зголеми извозот.

Како последна претпоставка се предвидува зголемена инвестициона активност и тоа претежно во приватниот сектор. Во ваква турбулентна ситуација и во вакви услови многу малку ќе се инвестира во приватнито сектор. Затоа концепирањето на Буџетот со вакви претпоставки е погрешно.

Проекцијата на вкупнит еприходи на Буџетот за 2002 година се 66 илјади милиони денари, од кои 13.222 милиони денари се планираат приходи од донации и од внатрешни и надворешни кредити за финансирање на дефицитот. Како доминантно место имаат даночните приходи, а во тие раки ДДВ од 27%, како и значајно место зафаќа данокот за финансиски трансакции, од 8%, односно воениот данок што мислам дека е како времена мерка. Тоа е голем товар. Тој данок се донесе во второто полугодие од 2001 година и сега пред некоја недела се донесе Закон за целата 2002 година. ислам дека Владата прави погрешна проекција за годишното воведување на данок на трансакции, односно воениот данок за што се планира 8% од приходите на Буџетот на РМ од друга страна намалување на царински приходи околу 30%.

Царините се намалуваат базирајки се на оваа година. Мислам дека тука Владата има погрешно проектирање затоа што царинските приходи не се намалени оти се намалени царинските стапки којзнае колку. Туку, царинските приходи се намалени зашто во 2001 година имавме конфликтна ситуација и увозот беше многу намален. Убеден сум главната причина дека заради тоа се намалени тие приходи. А, Владата, како основ аза намалување на приходите од царина во 2002 година ги зеде оваа година, 2001 година. Мислам дека состојбата кај царинските приходи ќе се нормализира посебно во второто полугодие на 2002 година. Затоа јас мислам дека воениот данок односно данокот за финансиски трансакции треба да се укине во второто полугодие на 2002 година што беше воведен како времена мерка заради зголемвуање на царинските приходи во 2002 година.

Во неданочните приходи релативно висок процент се очекува од такси и казни во износ од 1200 милиони денари што е учество од 1,8% во вкупните приходи, штио мислам дека е сепак превисока сума. Значи, во 2002 година луѓето ги очекуваат големи казни, што е повисоко спроедено со 2001 година.

Што се однесува до буџетските расходи, вкупните расходи на Буџетот на 2002 година проектирани на 66.310 милиони денари, што е за 12,6% помалку од 2001 година, а од друга страна ме загрижува фактот зошто се предвидува зголемени трошоци за безбедноста на РМ околу 6,2%. Ако овие трошоци за безбедносните сили некој мисли да ги зголеми, да ја стабилизира ситуацијата, мислам дека во погрешна насока се трошат парите. Ситуацијата може да се стабилизира само доколку ние, нашите политички договори ги почитуваме и ги реализираме до крај. Затоа мислам дека тука треба во оваа свера да е однесуваме по домаќински и по одговорно.

Благодарам за вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да ве известам за текто на седницата. Ќе работиме вечер до 22,00 часот. Утре ќе работиме исто така од 11,00 часот, а не од 12,00 часот. Намера ни е као можеме да ги минеме најважните, неодложни работи да завршиме во петок да не работиме. Ако сакате да работиме во петок, ќе работиме и во петок. Ако сакате да завршиме утре, ќе завршиме утре. Пратениците ќе ноќеваат тука па ќе нема проблем за почнување во 11,00 часот.

Седницата може нормално да се одвива, не е потребен кворум за овој дел, можат пратениците да излегуваат и влагаат, пауза за ручек нема да дадам, но тие што ќе излезат потоа да влезат овде, да не се заджуваат надвор од салата.

Има збор г-динот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Дозволете на почетокот неколку зборови околу општиот економски амбиент во кој Владата го предлага овој, за мене, оптимистички конципиран Буџет за фискалната 2002 година.

Само до пред некој месец сите ние на кризата во РМ гледавме низ призмата на безбедноста, но истата сега на површина ги исфрала и социјо-економскиот притисок врз севкупнот живеење во Република Македонија.

Ако само низ неколку бројки се направат реални согледувања на штетите од таа криза и на социјалните импликации врз граѓаните, состојбата во РМ е навистина поразителна. Обемот на економски штети, како дирекна последица од војните дејствија изразени низ загубата на бруто домашниот производ огромните буџетски расходи кај полицијата пред се и одбраната, зголеменито буџетски дефицит, ја доведуваат во прашање натамошната тековноекономска политика што еден подолг период во изминатите 2-3 години се базира на цврста кредитна-монетарна политика и релаксирани јавни расходи.

Убеден сум дека ваквата политика што се протежира и со новиот концепт на Буџет за 2002 година не може да издржи на подолг период бидејки и натаму ја влошува веќе присутната огромна нелихвидност на стопанството, што преку домино ефектот натаму ја влошува лихвидноста во банкарскито систем.

Сето тоа, господо пратеници, доведува до огромни ризици за отворање на една поголема поинтензивна инфлациона спирала забрзана од натамошното непродуктивно трошење на буџетските средства собрани од продажбата што немилосрдно се врши на државниот капитал. Оваа година од телеком, утре Поштата, задутре можеби Електростопанство и т.н. Исто така таа инфлациона спирала во секој случај ќе биде потпомогната од големата индифирентност на странските инвеститори што се обесхрабрени од нашите внатрешни нестабилни состојби.

На микро план сме сведоци дека во последнито квартал од оваа година, во 2000 година, дека е евидентен порастот на цените на мало кои кон крајот на годинава се надевам дека нема инфлацијата да биде двоцифрена. Меѓутоа од претходно наброените причини оправдан е стравот од натамошни негативни тенденции во овој сегмент, ако и е оправдан стравот од зголемување на и онака регистрираниот огромен број на невработени што има тенденција на пораст.

Исто така, господо пратеници, како импликација од овие состојби, во пораст е бројто на вработените кои со месеци, можеби и со години не примаат плата, а одат на работа. Сведоци сме и на тоа дека се отвора нов круг на стечајни постапки и тоа кај фирми загубари со преку 10 илјади вработени. Исто так агледаме дека се намалуваат буџетските средства за социјални трансвери и на некој начин ги погодуваат огромната армија социјални случаеви што е регистрирана во РМ. Сето тоа продуцира натамошен континуиран процес на невработеност, што веќе станува наш секојдневен феномен.

Дозволете воа да го поткрепам со неколку реални цифри. Индексот на сиромаштија во 1994 година, бидејки од таа година имаме податок изнесува 9%, а во 2000 година веќе е забележан индекс на пораст на сиромаштијата од цели 21%. Според најновите показатели на Заводот за статистика скоро 50% или поточно 48,2% од населението се наоѓа на работ или во зоната на сиромаштија, а половина од овие луѓе се наоѓаат на работ на егзистенцијалните потреби. Сега како нужни секундарни последи од овие економски процеси и од овие економски состојби се процесите на духовно пропаѓање и морално растечување на целиот народ, кој така духовно пропадаат и морално растучен не и пречи на Владата со уште поголем и пожесток интензитет, и допушта на власта таква каква што е уште поизразено да го криминализира општеството во сите сфери на живеењето и доаѓаме до една навистина неподнослива состојба, во која не се суспендирани само одредени вредности и критериуми, туку го доведовме нашето македонско општество во состојба на т.н. аномија или во состојба на целосно отсуство на било какви состојби, а не на суспензија на одредени вредности на општеството. Во таква клима, господа пратеници, сведоци сме дека цветаат само криминалот, корупцијата, непотизмот, партизацијата на државата до најниските сегменти, проституцијата, наркоманијата, зголемен е бројот на самоубиствата и на многу негативни тенденции на кои секојдневно сме сведоци.

На крајот од оваа 2001 година оценка е на многу економски, политички и социолошки аналитичари, дека нике господа за жал нема да ја избегнеме квалификацијата која многумина странски експерти ја даваат за Србија пред падот на Милошевиќ дека тоа е држава оценета со следната квалификација, дека секоја држава си има своја мафија, а овде мафијата си има своја држава. Можеби е пресилна оваа квалификација, меѓутоа, сите претходно наведени фактори и состојби водат во тој правец и Република Македонија да се втемели во тие рамки за кои претходно говорев. Тоа значи дека нашата држава Република Македонија минува низ длабока и комплексна криза. Ако не се надминат сите овие негативности на микро и на макро економски план и тоа во еден р^лативно краток период, истите можат да го поткопаат и онака кревкиот мир во државата, и тоа не можеби преку оние состојби на теренот што ги имавме во изминатите месеци и да не даде господ да ни се повторат, туку напротив, против една социјална експлозија која е наречена праг на издржливост. Реално и ништо повесело не не очекува бидејќи прелиминарните економски штети од воената криза, утврдени преку проценката на загубениот опортунитетен приход се движел меѓу 450 и 500 милиони американски долари. И покрај ваквите катастрофални состојби кои предизвикуваат загриженост и кај последниот граѓанин во Република Македонија, сведоци сме дека и натаму

немилосрдно продолжува процесот на невиден грабеж на државниот имот преку процесот на нетранспаре^нтна приватизација. Тој процес, за жал, не беше запрен ни во месеците на најинтензивните воени дејствија во Република Македонија. И покрај посочените надворешни објективни фактори, овие посочени внатрешни субјективни слабости и натаму ја зголемуваат опасноста од продолжување на процесот на постепено губење на државата, што е директна последица од целосното губење на кредибилитетот на државните органи и целосно изгубената доверба веќе во правниот поредок на оваа држава. Затоа, сега веќе е јасно дека 2001 година ќе биде оцендта како најлоша година во секој поглед од осамостојувањето на Република Македонија до денес, а по мое длабоко убедување во наредната 2002 година не очекува влез во најниската зона на рецесиониот циклус, ако веќе овде рецесијата е најадекватниот збор што може да се употреби, кога веќе претходно е дадена квалификација дека сме во длабока економска криза.

Зошто сето ова го говорам во воведот во расправата за проекцијата на буџетот за 2002 година? Го говорам од проста причина што на крајот од секоја фискална година е најповолниот момент да се направи билансот на нашите активности како политичари, особено на активностите на власта и да се даде отчет пред сопствениот народ односно оној што не плаќа а оваа работа што ја работиме да ја работиме. И второ, ова е најдобрата прилика да видиме дали Владата има намера барем во наредната година да ги смени старите и лоши навики и да му понуди на сопствениот народ барем нешто што во него ќе подгрее искра надеж за поубаво утре. А со добро конципиран буџет може да се санира барем дел од напред наброените катастрофални состојби.

Господа пратеници, по правило во нормалните држави буџетите се мерки на смислена фискална стратегија на Владата. Но во некои земји како во нашата понекогаш се поднесуваат и вакви буџети, кои пред се, се израз на политичкиот волонтаризам и содржат само декларативни заложби за постигнување на некои зацртани цели. Погледнетего само образложението од законот за Предлог буџетот за 2002 година. Конципиран во макро економска рамка од планиран пораст на бруто домашен производ од 4%, зацртана инфлација од 2,5%, зацртан стабилен курс на денарот во 2002 година и планиран буџетски дефицит од скоро цели 7 милијарди денари или 2,7 % и од проектираниот бруто домашен производ, предлагачот сака да ги постигне следните цели.

Прво, макроекономска стабилност, вели во образложението.

Второ, да ги продлабочи структурните реформи сака. Сака да го р9ши проблемот на загубарите, сака да создаде услови за поттикнување на извозот како основна претпоставка за зголемување на производството, а преку тоа и на бруто домашниот производ кој треба да порасне за цели 10 индексни поени бидејќи за фискалната 2002 година веројатно ќе забележиме пад за цели 6% на бруто домашниот производ. Потоа сака да ги зболеми инвестиционите активности и натаму, се вели во образложението, да даде поддршка на преструктуирањеот на претпријатијата, зголемување на ефикасноста на државата, реформите во јавната администрација, намалување на сиромаштијата, сервисирање на внатрешните и надворешните обврски итн. Ве молам господа колеги пратеници, за се ова според моја лична оценка нам ни недостига и буџетот на САД и Европската унија заедно да ни го донесат овде и да ни го дадат на располагање за цела 2002 година. Затоа проекциите во буџетот и намерите на фискалните стратези мора да се реални и да се темелат на цврсти подлоги бидејќи во спротивно добиваат призвук дека се волонтаристички или самодекларативни. Ако во истиот текст во истото образложение за исти буџет стои дека и натаму ќе продолжи да се собира данокот на финансиски трансакции за цела 2002 година, не може во тој ист текст да се каже дека се преферира извозот, се преферира зголемување на производството и зголемување на бруто домашниот производ. Ве молам, дете од прво одделение да прашате дали тоа е можно, ќе ви одговори дека преку високи даночни оптоварувања и висока цена на банкарскиот капитал кој ги следи сите репродукциони процеси во државата, дека овие два елементи битно влијаат, имаат профитибилно дејствот врз зголемување и на производството, а и на бруто домашниот производ. Ако не го зголемите бруто домашниот производ, тогаш ви се руши основната концепција дека базична претпоставка за еден ваков буџет е дека ќе имаме пораст на бруто домашниот производ од цели 4% при регистриран пад од 6% во фискалната 2001 година.

Затоа, господине министре немојте во образложенијата да ја искривувате реалната слика на нашето секојдневие и почесно е да излезете пред Собранието и преку нас пратениците да му ветите на народот во фискалната 2002 година и ова што му ветувате во образложението дека се и сешто ќе санирате во Македонија, напротив, да му ветите на народот пот и солзи, јас се надевам дека крвта веќе е минато за нас, бидејќи овие декларации напишани во форма на некои неокомунистички манифести овде ги имате напишано и во буџетите за 1999, 2000 и 2001 година. И не случајно денес излегувајќи на говорницата, на еден од колегите на ВМРО му

велам, јас за буџетот за 2002 година не морам ништо ново да читам, истиот текст од минатата година да го земам, можам да го прочитам и пак да биде актуелен, бидејќи истите образложенија ги давате во сите овие буџетски проекции. Зачудува фактот, и кога проектирате дефицит, а на крајот од годината ви се случува огромен суфицит, и кога проектирате само дефицит или кога проектирате само суфицит, така ги затворате буџетите без да се случуваат некои поголеми ломови, имате за постигнување исти цели. Ве молам, таква финансиска матрица само фискални алхемичара може да им успее, инаку кај реални економисти не може да се затвори буџет, ако се планира дефицит, а се сака со тој дефицит во буџетот да се остварат одредени економски параметри во текот на годината и да се задоволи некоја макроекономска рамка, а ви се случува сред годината суфицит во буџетот, вие во образложението ги давате истите цели што сте сакале да ги постигнете со планираниот суфицит. Затоа, кај повеќето пратеници кои не се економисти можеби држат таквите образложенија, меѓутоа, за мене како економист ми даваат полно право да се сомневам во едни вакви образложувања дека сето ова се заснова на некои реални концепти. Затоа, желбите и намерите изразени како цели во буџетот не коинцидираат според мое длабоко уверување со можностите и во еден таков волонтаризам брзо ќе бидеме сведоци, уште можеби во стартот на 2002 година, на ребаланс на истиот буџет, бидејќи конципирате скоро цели 7 милијарди буџетски дефицит, а посочувате три нестабилни извори на покривање на дефицит. Нема никаде спомнато аранжман со ММФ и Светска банка, што значи дека немаме никаков фиксен и стабилен извор кој би ги задоволил тие потреби да го покрие буџетски планираниот дефицит за фискалната 2002 година. Затоа, по мое длабоко уверување има голема дискрапанца меѓу желбите и намерите и можностите на оваа Влада да го конципира и затвори буџетот вака како што е конципиран.

Дозволете на крајот и неколку конкретни забелешки, изразени низ одредени квантификации дадени во буџетот.

Дали господине министер сте погледнале во проекцијата на приходите. Ако не сте погледнале, ве молам погледнете таму дека во вкупниот износ на проектирани приходи за 2002 година проектирате приход од царината во висина од 5,3 милијарди денари, или 7,9% од вкупната структура на проектирани приходи. Исто така, со воениот данок или т.н. данок на финансиски трансакции проектирате износ од 5,3 милијарди или цели 8%, значи нешто над царинските приходи и исто во вкупната структура на приходната страна на буџетот. Дали знаете што значи ова за еден просечен економист? Ова значи суспензија на еден фиксен и стабилен фискален извор на приход во буџетот со еден несакано наметнат и времено практициран данок, кој ние го нарекуваме воен данок, или како што вие го нарекувате данок на финансиски трансакции, каде висината се изедначува? Ве молам, кој ви даде право и под чиј притисок ве молам одговорете овде, приходите од царини како стабилен извор во буџетот на Република Македонија ги спуштате од 7,5 собрани милијарди во 2001 година за цели 30% и ги сведувате во висина еден ад хок воведен данок, кој можеби до средината, дај 6оже да е порано, но ете нека биде и цела 2002 година, меѓутоа, во еден одреден момент мора да престане да биде извор на приходи во буџетот. Сега еден стабилен извор на приходи го изедначувате со еден ад хок воведен воен данок. Ако вака продолжите, јас мислам дека воведувате многу лоша практика во конципирање на приходната страна на буџетот, затоа што може некому да му падне на ум дај уште еден данок да воведеме и тоа во висина на данокот на додадена вредност и да го компензира или на некој начин да го дополнува данокот на додадена вредност во својот полн износ. Тоа се некои економски нонсенси, кои навистина на долг рок ако се.практицираат даваат негативни резултати, а ќе ви објаснам кои се тие. Не е примерно само со пола реченица образложение да кажете дека поради предвидена смена на структурата на увозот во 2002 година, а висината претпоставувате дека ќе остане иста на увозот во 2002 година, 30% да се намалат приходите од царина. Вие господине министер, простетеми, меѓутоа, априори му давате простор на првиот човек на царината на протежира сива економија во државата, затоа што за 30% тој да спие 2002 година овие буџетски приходи од 5,3 милијарди ќе ги собере. И онака оваа служба не е прославена во својата добра работа во државата, а сега вие како министер за финансии отворате поширок простор во тие 7,2 милијарди собрание да го вратите царинскиот приход на ниво од 1994 година. Затоа би требало да се води поголема сметка околу овие фиксни стабилни приходи, без да ги жалите тие служби кои се задолжени да ги прибираат тие приходи во буџетот, а не да им отворате простор за ширење на сивата економија, а од друга страна на расходната страна не знам дали сте погледнале, јас не видов никаде некоја драстична стапка за намалување каде што државните органи или буџетските корисници ќе го стегаат колонот, како што армија невработени, или армија вработени кои не земаат плати го стегаат ременот во оваа држава 3-4 години наназад. Никаде нема драстичник намалувања на јвната потрошувачка, освен во двата ресори на безбедноста, во полицијата и во војската, меѓутоа, ќе се согласите со мене дека тие два ресори не се предмет на статистичка анализа, бидејќи имаат некој податок како база, ако се база за анализа

оние пари што се потрошија кај нив во 2001 година визави безбедносната состојба во Република Македонија. Тоа значи не се гледа кај ниеден буџетски корисник дека имаме драстично намалување на оние основни трошоци што треба секоја власт во една ваква прилика или неприлика што ја нашла државата заеднички или солидарно со сите граѓани на Република Македонија да го понесат товарот. Затоа, овие расходи ако мислите дека ви се во некоја нормална рамка во јавната потрошувачка од 32%, споредени со бруто домашниот производ, убеден сум дека ова ќе биде многу поголем износ, бидејќи како што на почеток спомнав вие нема да го постигнете во 2002 година посакуваното ниво на бруто домашниот производ. А штом нема да го постигнете проектираното ниво на бруто домашниот производ од 4%, во никој случај јавната потрошувачка не може да ја браните во износ од само 32% од бруто дамашниот производ, туку овој износ можеби многу поголем. Затоа, се сомн една ваква волонтаристичка концеп понудениот буџет и мислам дека ќ прилика и во амандманската расправа конкретни бројки да се вклучам. За с би кажал.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван господине претседател, почитуван министер, почиктувани колеги пратеници, на почетокот на мојата дискусија веднаш да кажам дека јас не сум некој експерт од обласга на економијата, а особено буџетот многу слабо го разбирам. Ни беше прекратко време дадено од доставувањето на буџетот за да можеме и ние кои не го разбираме доволно да изградиме одредено мислење, бидејќи сепак претставуваме Н9кој дел од народот кој не испратил тука во Собранието. Меѓутоа, се обидовме во нашата партија да го анализираме предложениот буџет кој што оди во итна постапка, и јас ќе се обидам еден дел од нашите видувања кои експертите ги согледаа, со кои ние располагаме да ги презентирам во ова Собрание и пред јавноста.

**<u>Економската политика</u>**

**<u>Буџетот на Република Македонија</u>**

Почитувани дами и господа пратеници!

Буџетот е еден од основните инструменти на економската политика и неговиот обем и содржина е резултат на економската политика што се води.

Составни елементи на економската политика се макроекономската политика, монетарно-кредитната политика, политиката на курсот на денарот, итн.

Македонија од 1992 година наваму тргна на патот на трансформацијата на некогашната самоуправна економија во модерна пазарна екоомија. Тој пат го нарекуваме транзиција. Транзицијата на македонската економија се одвиваше под покровителство на ММФ и Светската банка. После 10 години транзиција крајните цели: пазарна економија, демократизација, стабилност на политичкиот систем, економски и социјален развој, стана неостварен сон, односно повеќе личат на „фатаморгана", отколку реалност.

Економската политика во овој период се темелеше на два постулата, а тоа се <u>неокласичниот либерализам и ортодоксниот монетаризам</u>, што претставува <u>економска бесмислица</u> со која се <u>скрши р'бетот на македонската економија.</u> Таа економска политика, всушност преставуваше програма за стабилизација и структурно прилагодување.

Таа програма за стабилизација се одвиваше преку следните политики:

1. Рестриктивна фискална политика,
2. Рестриктивна монетарно-кредитна политика,
3. Политика на стабилен курс на денарот,
4. Структурно приспособување,
5. Либерализација на економијата.

Во продолжение ќе ги дадеме последиците од таквите политики.

1. Зголемување на јавните расходи,
2. Зголемување каматните стапки во енормни висини, односно енормно високи каматн стапки,
3. Зголемување на внатрешниот и надворешен долг,
4. Капитулација на стопанството,
5. Отпуштање на работници и енормна невработеност,
6. Претварање на Македонија во шверцерска транзит зона и буење на корупцијата и криминалот,
7. Буење на увозот и стагнација на извозот,
8. Пропаѓање на домашното производство.

Еве некои податоци за горите констатации:

1) Општественкиот производ во периодот 1992 - 2001 Година има негативна вредност од просечно - 2,7%
2) Голем пад на инвестициите од 30% на 8%,
3) Индустриското производство во периодот 1991-2001 година има просечен пад по стапка - 7,5%, месечно,
4) Стапката на невработеност од 21% во 1991 година во 2001 година се зголеми на 52,3%.
5) Стапката на сиромаштијата од 9% во 2001 година се зголеми на 23,4%. Македонија денес се наоѓа меѓу трите најсиромашни земји во светот или меѓу

двете
најсиромашни земји во Европа, прва е Чеченија, а втора
Македонија.

6) Стапката на надворешна задолженост од 21% се зголеми
на 52,1% во 2001 година.

7) Стапката на внатрешната задолженост од 69% се
зголеми на 153% во 2001 година.

Како последица на горните појави, место афирмација на пазарната економија, ни се случува јакнење на државниот интервенционизам, односно командна економија.

Во Република Македонија државата непосредно или посредно управува со капитал од над 5 милијарди DEM и ако се има предвид дека провизијата од 5% е најниска, значи годишно се „заработуваат" 250 милиои DEM. Тие пари се предмет на мито и корупција.

Поради горните причини буењето на државните расходи веќе не се прашање на издржливоста на општеството на даночниот товар, како и товарот од војната, туку прашање на амбициите на таканаречената реформска власт. Порастот на јавните расходи се случува во услови на постојано разводнување на фискалната одговоронст, преку нетранспарентната буџетска потрошувачка, преку појавата на голем број незаконски и неидентификувани ставки, кои што буџетот го прават на класичен пример на решето.

Според тоа, изминатиот пат на транзиција од фиансиски и буџетски аспект се одвиваше во три фази

1. Во првата, земјата брзо се задолжуваше во странство со цел да се обезбеди економски развој, но тоа не се случува, бидејќи место развој имаме економски пад и разболување на македонската економија.

2. Во втората, земјата е презадолжена и заради плаќање на надворешните долгови се врши распродажба на претпријатијата и капиталните објекти, односно се врши распродажба на домашната економија (телекомуникации, електростопанство, итн).

3. Во третата фаза земјата се наоѓа во економска и социјална сиромаштија. Сега Македонија сганува предмет на грижа на Меѓународната заедница, со барање на донации, со губење на економскиот политички суверенитет.

Почитувани дами и господа,

Горните појави се отсликанки во досегашните буџети правени во овој период. Еве зошто:

Структурата и обемот на буџетите во овој период, се следните:

1. Постојано зголемување на обемот на Буџетот. Така, во период од 3 години, Буџетот од 36.451 милијарди во 1994 година, во 2002 година пораснува на 66.310 милијарди или зголемување за 66%.

Во тој период БДП, бележи намалување по просечна стапка од -2,9% месечно.

2. Платите на корисниците на Буџетот за последните 8 години се ограничени, односно стагнираат, а платата по 1 работник се намалува. Учесгвото на платите во структурата на Буџетот постојано се намалува и тоа од 38,2% во 1994 година, во 2002 година изнесува 27,1%.

3. Социјалните програми, односно финансирање на сиромаштијата постојано се зголемува, заради отпуштање на работници во стопанството, така во 1994, за оваа намена се издвоени 7,5 милијарди; во 2002 година се издвојуваат 23 милијарди, односно над три пати повеќе, или учеството
на овие расходи во вкупните расходи од 20,69% во 1994
година, во 2002 година да порасне на 62,7%.

4. Поддржка на курсот на денарот, односно плаќање на надворешните долгови.

Во сите последни 8 години од средствата на Буџетот, постојано се зголемуваат средствата кои се наменети за поддршка на курсот на денарот, односно плаќање на долговите во странство.

Така во 1994 до 2001 година се издвоени средства во износ од 13,5 милијарди денари, или во противредност од над 400 милиони OEM.

Меѓутоа, во 2001 година веќе почна големата распродажба на домашната економија за плаќање на долговите во странство.

На надворешниот долг во 2002 година се плаќа и со дефицитот во Буџетот што посебно загрижува. 6. Инвестициите (развојната компонента) на Буџетот постојано во периодот од последните 8 години, сенамалуваат, така од 12,1% во 1994 година, во 2002 година тие се намалуваати изнесуваат саамо 8%, што е далеку од просекот во земјите во транзиција.

Според тоа, досегашната економска политика за 2002 година имаше и има единствена цел стабилен курс на денарот, и редовно плаќање на долговите спрема странство. Таа цел се остварува бидејќи и буџетот е наменет за постигање на таа цел.

Последица на таквите цели на Буџетот се:

1) Постојан процес на распаѓање на македонската економија,

2) Постојано зголемување на невработеноста,

3) Постојано зголемуваењ на сиромаштијата,

4) Губење на економскиот суверенитет на Македонија,

5) Војна и потенцијални процеси за поделба на државата.

Според тоа, почитувани дами и г-да, се наоѓаме пред избор да ги постигнеме целите на

Буџетот и да ја изгубиме македонската економија, и Македонија како држава, или да се потрудиме сите заедно овде без разлика кој на која политичка опција припаѓа да направиме одредени интервенции во предложениот Буџет од страна на министерот за финансии и да направиме посериозни напори сите заедно во ова одговорно време да си ја спасиме државата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Г. министре, почитувани колеги, јас не сум експерт за финансии, за економија за фискална политика и почитувајќи го принципот да не зборувам за работи за кои што еве во овој случај во салата на Собранието на РМ има толкав број на експерти кои што многу подобро ја познаваат проблематиката. Никој пат и не зборувам за работи кои што не ми се доволно познати, или кои што не ги владеам, кои што не ми се довол-но познати барем на тоа ниво на присутните на кои што им се обраќам. Меѓутоа, во овој случај со оглед на обврската што ја чувствувам сите заедно да придонесеме за 2002 година донесе што пореален, што прационален буџет толку колку што имавме време со големо внимание го анали-зирав, или можам поточно да кажам се обидов да го проанализирам целокупниот буџет, посебно во областите на образованието, науката, таму каде што делувам и каде што ги познавам состојбите. Меѓутоа, во исто време подготвувајќи се и за седниците на комисиите кои што расправаа по Предлог буџетот, а исто така подготвувајќи се и за доследна одбрана на амандманите што ги поднесоа комисиите во кои што членувам, ги прочитав и извештаите на сите комисии кои што расправале вп Предлог на буџетот.

И констатирав дека практично нема комисија која што неконстатирала дека Владата задскривајќи се зад новиот метод на прикажување на буџетските средства според меѓународните стандарди оваа година за прв пат не ги прикажа средствата по корисници, раздели, програми, ставки и потставки за претходните години, или барем за 2001 година што е ми се чини дури и законска обврска за да може да правиме било какви споредувања со тоа како се реализирани средствата од 2001 година и што со билансираните сретства во 2002 година во однос на билансираните и потрошените средства од 2001 година. Така и Комисијата за образование, можете да го погледате извештајот кој што ви е поделен констатира, цитирам: "Новиот метод на прикажување на буџетските средства не овозможува преглед на средствата по корисници според претходните години и одтука произлегува неможноста да се согледаат целите и задачите и приоритетите врз кои е конципиран предлогот на буџетот".

Во Предлог буџетот ни во глобала, или генерално, ниту пак во поедините раздели, програми, или ставки не се дадени никакви, а камо ли барем минимум потребните образложенија зошто се оди со предложените зголемени, намалени, или едноставно избришани износи на средствата за поедини дејности , за поедини програми и тн. Зошто се така структурирани средствата во буџетот и др. Можностите за каква, таква анализа на Предлог буџетот на политиката што ја заговара Владата за 2002 година, дополнително се намалија со тоа како што беше веќе кажано и како што на сите ни е познато до денеска не е усвоена и завршанта сметка за 2000-та год. Одтука тие што чувствуваат потреба и обврска и во општата расправа и со донесувањето на амандманите да придонесат да усвоиме еден што порационален буџет, буџет кој во овие кризни времиња ќе ги покрие оптимално реалните и приоритетни потреби во поедините области, требаше да се претворат во детективи и да копаат по буџетите за минатите години по завршната сметка за 2000-та година и декларираната, или декларативно искажаната стратегија за фискалната, економската, или на пример образовната политика која што ќе се води во оваа држава во наредната 2002 година И покрај тоа од анализите што моравме сами да ги правиме може да кажеме дека со Предлог буџетот или не се води некоја политика, се немаат јасни цели, задачи и приоритети, или дека се води политика ама не таа што јавно ја заговара Владата и не таа што во преден план ги има во предвид потребите на одбраната, стопанството, невработените, здравството, науката, образованието, учениците, студентите или во целина на пример на младите што подоцна се некои примери ќе ги илустрирам. Таа затскриена политика изгледа има за цел да одговори на некои други, а не на општите и заеднички потреби на сите граѓани на РМ. Како инаку да се протолкува податокот дека средствата за образованието која што е набитна дејност и за младите и за нивните родители и за државата се намалени за речиси 6% во однос на средствата за 2001 година. Многумина со право тврдат, затоа шшо тоа одамна стана емпирија дека само доброто образование влече силно напред, дека средствата вложени во образованието на младите се најисплатливата инвестиција, дека добро образуваните кадри се основен фактор за развој на сите други гранки и дека само тоа и науката заедно со сите други мерки можат да не извлечат од оваа длабока морална, политичка, економска, финансиска и каква сакате се криза во која што се наоѓаме. Тоа што го мисли Владата за овие две основни полуги за севкупниот развој во државата може да се види од средствата финансирани за финансирањето на целокупната научно-истражувачка дејност кои се намалени за повеќе од 26% во однос на 2001 година, или од средствата билансирани за ученичките кредити и стипендии кои се намалени за повеќе од 20%.

Тие изнесуваат околу 2000 денари. И мене ми е навистина непријатно да зборувам за тоа дека тие 2000 денари што талентираните ученици ги добиле преку стипендиите имајќи ги во предвид критериумите, затоа што на државните натпревари освоиле едно од првите три места, или како што тоа се почесто се случува со што можеме да се гордееме, на меѓународните натпревари и олимпијади освоиле едно од трите први места. Сега со овој предлог за намалување на средствата за ученичкиот стандард можат да бидат доведени во прашање, или во најмала рака редуцирани за толку за колку што се намалени средствата за ученичкиот стандард. А министерот добро знае дека се намалени за повеќе од 42милиони на еден просечен износ од одприлика 240 милиони денари.

Овие деца сигурно со приближно ист процент за тоа што талентираноста апсолутно не е врзана со материјалниот статус на нивните родители потекнуваат од оние 40% невработени граѓани на Република Македонија и затоа и за нивните родители и за тие млади талентирани ученици на кои лежи иднината на оваа држава овој минимален износ со кој успешно успеваат не само да покажуваат одлични резултати во редовната настава, туку да покажуваат извонредни резултати и на домашните и меѓунаеодни натпревари. Овие средства од прилика 2000 денари кои сега можат да бидат доведени под прашање им значат иднина или можеби се.

Слични заклучоци можат да се изведат и од анализата на средствата билансирани за дејноста образование и во сферата на основното, средното и во високото образование посебно кога станува збор за оваа 2002 година, за која како што ви е познато на сите, а тоа го знае и Владата, го знае и министерот за финансии Груевски, сите вработени во образованието имајќи ги во предвид последиците од кризата преземаа дополнителни обврски. Пос9бно дополнителни обврски преземаат вработените на универзитетите во Република Македонија, затоа што знаете со посебни одлуки оваа година е овозможено посетување на настава на сите запишани студенти на универзитетите кои не ги исполнија условите за премин во наредната година. Како резултат на тоа, фактичката состојба на унивдрзитетите во сферата на високото образование е дека моментално и во текот на целата учебна 2001-2002 година и со оглед на некои резултати кои до сега ги имаме, затоа што се прилично позитивни дека поголем број на студенти со овие мерки што ги превземавме ќе продолжат и во наредните учебни години. Имаме поголемо оптоварување на универзитетите за повеќе од 100%. Морам да ви кажам само еден пример, зградата на Електротехничкиот и Машинскиот факултет, која е солидно градена 60-тите години е градена за 50 со 50 студенти на Електро и на Машински факултет, односно за од прилика 600 студенти на сите семестри на студирање. Моментално во таа зграда циркулираат околу 8.000 студенти.

Тоа е преоптоварување повеќе од 10, 12 пати и нема материјал кој нема да попушти, да настрада или да издржи едно такво преоптоварување. Сакам да ви кажам дека почнаа скалите или степениците на скалилата на факултетот да се излижуваат. Во една таква ситуација кога е зголемена дејноста за скоро 100%, кога се зголемени сите трошоци и оние кои едноставно не можат да се едуцираат на пример трошоците за осветлување скоро сите факултети работат во три смени, да ги згрижат сите тие студенти што ги вклучивме во наставата. Само за електричната енергија каде со максимално штедење имаме зголемени издатоци за повеќе од 30-40%. Е, во такви услови, фиксните трошоци, трошоците за електричната енергија, не зборувам господине министре за поштенските трошоци за телефони и телефакси, каде што само дисциплинирано високообразовните институции изврšија максимална редукција. Можам да ви кажам конкретен пример. Високообразовна институција која плаќала за тие трошоци просечно или трошела во изминатите години преку 3.000 ДЕМ денарска противвредност на месечно ниво, ги редуцира тие трошоци на од прилика противвредност од 1.000 ДЕМ. Меѓутоа, има трошоци за комунални услуги како што се трошоците за електрична енергија. Во услови кога работиме во три смени, со дупло зголемен број на студенти во оваа учебна година, како што реков со зголемен број можеби и во наредната, и покрај сето штедење не можат да се намалат тие трошоци. Доаѓаме во ситуација што може да се доведе под прашање дејноста.

Слични заклучоци, како што реков, можат да се извлечат и за средствата кои се билансирани и за некои други многу битни дејности во сферата на образованието и науката, а посебно во сферата на научно-истражувачката работа. Вие знаете дека во 2000 година направивме голема грешка која подоцна Владата ја призна и реагира. Од од прилика 170 милиони вкупни средства што ги трошевме за целокупната научно-истражувачка дејност, дојдовме со тој Буџет со една редукција од 50 милиони, со што за една година навистина станавме научна провинција во светот. Оваа држава беше целосно изолирана заради тоа што не можевме да набавуваме научни списанија, заради тоа што не можевме да ги работиме научно - истражувачките проекти, да ги презентираме резултатите на меѓународната научна сцена. Оваа година во Предлогот на Буџетот, како што знаете, заради тоа јас сум бил член на Влада и знам дека сите министри се трудат да обезбедат барем минимум потребни средства за министерствата со кои раководат. Знам дека за тие средства за научно - истражувачка

дејност сте билансирале само 100 милиони денари, што е намалување за 70% со што повторно стануваме научна провинција и со што едноставно не можеме да држиме чекор ни со земјите во транзиција, ни со земјите во развој, а камоли со развиените земји. Сега во Предлог Буџетот што го имаме пред нас, сте ги редуцирале средствата од поранешните 170 на 130 милиони денари. Вие знаете дека научно - истражувачките проекти траат две до три години. Моментално во државата се работата неколку стотини научно - истражувачки проекти и посебно проектите на природно научните факултети, на техничките факултети чинат средства. Науката е скапа, науката е фактор кој најпозитивно може да влијае на севкупниот развој на државата и ние во една таква ситуација одиме со редукција од 30 милиони на 160-те кои ги потрошивме минатата година.

Затоа, на Комисијата за образование ми се чини потполно едногласно, верувам во текот на расправата понатаму ќе се искажат и другите членови на Комисијата, констатиравме дека има неколку пункта во сферата на образованието и науката, каде едноставно средствата кои сте ги билансирале за поедини програми, ставки и потставки, не смеат да останат такви какви што сте ги предложиле, затоа што ќе се доведе во прашање едноставно функцијата, ќе се доведе во прашање дејноста. Оттука, заедно како Комисија, предложивме неколку амандмани во кои таму каде што се работи за покривање на средствата потребни за да не се прекине дејноста за комуналните услуги, за електричната енергија, каде навистина се работи за ситни пари, гледајќи колкав е Буџетот за 2002 година, или гледајќи генерално колкави ни се буџетите, сакам да ви кажам дека во некои од амандманите, бараме префрлање од некои други програми, ставки и потставки, еден милион, два, три милиони, затоа што многу реално оценивме дека без тие еден милион што е пониско некои 30 илјади марки ќе биде доведена во прашање дејноста, па ќе ги замолиме сите пратеници, ќе ја молиме Владата да има разбирање и да дадат поддршка за амандманите кои Комисијата за образование ги поднесе како предлог да бидат усвоени и заедно да се обидеме да најдеме решение за оние критични точки во сферата на образованието, каде сметаме дека може да направиме голема грешка ако помине вака Буџетот како што минатата година направивме грешка, кога не беше прифатен амандманот на Комисијата за образование, па господине министре месец дена после тоа моравте дас поднесувате закон за измени и дополнување на Законот за буџетот, што го усвоивме месец дена претходно, со еден таков пропуст.

На крајот сакам да ве потсетам зошто уште еднаш бараме таква поддршка. Затоа што овде апсолутно не станува збор за тоа дека бараме да се префрлат средства во сферата на образованието и науката такви какви што се предвидени со развојните документи на државата на пример со стратегијата за реформи и развој во образованието, каде што, како што знаете, предвидено е во 2002 година оваа држава за да држи чекор не со развиените земји, туку да држи чекор со земјите во транзиција, или со оние земји со кои заедно чекориме до целосна интеграција во евроатланските структури. За науката минимално мора да се издвојува 1% од бруто националниот доход, а за образованието минималниот праг е 6% од бруто националниот доход.

Вие знаете господине министре, а колегите пратеници ќе бидат дека за науката наместо 1% кој е минимум, да го држиме тој чекор, во Предлог Буџетот сте билансирале само 0,2%, што е пет пати помалку од тоа што е потребно да држиме чекор со земји во транзиција. Или за образованието сте билансирале нешто помалку средства од 3% учество во бруто националниот доход, а минимумот за држење на чекор е 6%, што значи повторно два пати помалку средства.

Оттука чувствував потреба со вас да ги споделиме овие загрижувачки согледувања и да бараме поддршка од колегите пратеници и од Владата и од министерот Груевски овие ситни промени во поедини програми, ставки, потставки кои ги бараме да бидат денеска поддржани и да не се доведеме вло ситуација за неколку месеци повторно вие од страна на Владата да предлагате закон за изменување и дополнување на Законот за Буџетот за 2002 година. Минатата година го менувавме законот за буџет месец дена по неговото донесување. Точно е господине министре, можете да си кажете во вашето излагање, па ќе ви одговориме. Го имаме и амандманот предлаган за време на донесувањето на Законот за Буџет, ги имаме и измените кои дојдоа после тоа со измените кои вие ги предложивте.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Како што гледате, навистина, и мојот настап на оваа говорница без Буџет пред себе и без никакво пишување можеби некој ќе заклучи дека само излезе да каже нешто и од тоа нема ништо фајде.

Морам да ви кажам дека јас почнав односно Комисијата која ја водам за животна средина, млади и спорт, на еден начин не само што се изборивме да имаме поголеми

средства за Министерството за животна средина и просторно планирање и за Агенцијата за млади и спорт, туку дури со ризик дека ќе испаднам и наивен на еден начин сакам некои мои пораки во однос на тоа што значи предлагање на буџет и начинот на троење на средства кои се, се разбира, значајни зависно од тоа во која ставка колку е ставено и во кое министерство и во која институција.

Јас воопшто не се сомневам дека во Министерството за финансии, односно во Владата, во државата имаме луѓе кои екстра и одлично го подготвуваат бууетот за државата, земајќи ги предвид сите ситуации, вкупната ситуација. Но, некако овие денови ми лежи една мисла и мое размислување дали е дојдено време некако приодот кон подготвувањето на самиот буџет во исто време да изискува, да провоцира промени во нашата свест во трошењето на средствата на државата. Ние одиме по некој терк, на некој начин ни се повторува некои ставки во некои министрства, или некои сфери од самиот живот ни се повторуваат со мала разлика ако било 115, 106 милиони, сега се повторува како што е кај Агенцијата за млади и спорт, или некоја друга сфера од животот, но крајно време е без разлика што имавме напната ситуација каква што ја имавме и тука се исцрпени многу аргументи, за да може да се оди со еден буџет и понатаму кој обезбедува средства за безбедноста на државата.

Меѓутоа, кога ги гледам бројките колку се големи, понекогаш, тоа се мои размислувања, не како експерт, не како човек кој знае многу како се прави буџет и како се користи буџет, но мислам дека треба полека во нашата свест да се вгради тоа помалку средства да трошиме во тие сфери, каде се манифестира на еден начин сила. Свесен сум, а и многу мои колеги тоа го кажале и го кажуваат и во сите тие буџети што ги донесовме, не велам само за оваа Влада или само за овој министер, откако знам и откако сум во ова Собрание, на еден начин имам впечаток дека каде се манифестира сила, таму се манифестира и начинот на делењето на тие финансиски средства и таму се многу поприсутни и поголеми тие средства. Земете ги бројките 6 милијарди за Министерството за одбрана, 4 милијарди за Министерството за внатрешни работи и кога ќе споредиш со други гранки од тоа што го сочинуваат животот или министерства, институции, бројки кои многу се разликуваат. Тоа не ми оди во тоа што значи кореспондирање со нашата ориентација. Ако веќе имаме наша ориентација да биддме членка на НАТО, односно да бидеме дел од тоа што значи колективна одбрана, тогаш мислам дека треба да се прилагодиме кон тоа што значи политичка доктрина на НАТО, затоа што сепак НАТО не претставува само воена доктрина, тоа претставува и политичка доктрина, низ која можеме со помалку средства трошени во одбраната да бидеме поблиску до тоа што значи колективна одбрана, односно НАТО системот.

По однос на средствата што се трошат во МВР, јас не би се замешал, односно не би одел до тоа колку од тие средства одат за плати, затоа што знам дека треба со самиот факт дека постои институција, треба и средства, меѓутоа, се ми се чини дека е подобро за оваа држава, земајќи ја во предвид структурата, културниот диверзитет, образованието, трендот тоа што е животна средина, спорт, млади, што повеќе финансирање односно инвестиции во тоа што значи вработување односно намалување на невработеноста се некои сегменти кои со години во Буџетот ми изгледа дека ги ставаме на страна, или помалку средства, колку да можат да преживдат на еден начин од буџет во буџет, или од година во година.

Мислам дека трдба да се промени нешто, веројатно и во нашата совест и во нашата свест и во тоа што ми налага нашата лориентација кон тие европски интеграции. Дури бев слободен на господинот државен секретар господинот Каргов на Комисијата му се обратив и очекував еве еден млад министер за финансии, имаат една структура, па и вие тука до него имате експерт или експерти кои со години ги познавам дека работите и добро ги познавате во тоа што значи подготвување на Буџетот, за тоа зборувам 6ез никаква позадина дека мора нешто да се промени средствата да одат таму каде што спонатано се финансираат дејности кои градат и поубав живот и помирен и поспокоен, дури и тогаш кога мислиме дека се наоѓаме во кризна ситуација, меѓутоа, такви промени мождмд да ги направиме ние самите, а промените во овој случај бидејќи расправаме за буџет, одат со тоа што треба да се финансираат дејности кои даваат таква можност. Еден млад здрав човек, вработен кој ќе живее во една добра животна средина, тоа за мене значи спокојство, еден млад, здрав човек кој живее и сфаќа што значи културен диверзитет, разлики во културата и ако се помогне со проекти, само вие гледајте во тоа некои невладини организации кои немаат институционална моќ, државна моќ, меѓутоа, со малку пари со многу активност, прават големи работи во однос на тоа што значи зближување на луѓето, на тоа што значи афирмација на дејности кои навистина ни значат многу како Република Македонија. Се надевам дека ова ќе биде поука, а воедно ќе биде и порака, затоа што знам дека сега ништо не може да се измени, може некоја мала измена со некој амандман, земи од таа ставка стави на друга, знам, искуството ми кажува колку ние можеме да промениме. Меѓутоа, тие кои се иницијатори, предлагачи, кои работат со месеци пред да се донесе еден таков проект Предлог-буџет, треба полека да градат и самите свест, што ќе ни донесат буџет кој одговара на тоа што јас досега и дискутирав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани колеги,

Бидејќи буџетот е едно огледало на работењето на секоја држава, па и на нашата, ќе ми дозволите јас само на кратко да кажам како го доживеав овој буџет за 2002 година и како гледам на него. Нема да ми замерите, што веројатно, можеби нешто повеќе, како политичка димензија на самиот буџет ќе внесам или би сакал да образложам. Меѓутоа, ми се чини, бидејќи самиот буџет претставува еден многу важен акт во државата, може најмногу, што се вика слика на самиот економски крвоток на државата, меѓутоа отсликува добар дел од вкупната политика на владеачката гарнитура која моментално владее во нашата држава. Имено мене ми се наметнуваат неколку прашања кои, и од воведното излагање на министерот беа посоечени, меѓутоа и од досегашната расправа, па би тргнал од тоа, односно не добивме одговор на едно од прашањата од колегите од мојата партија па и од другите партии беше поставувано, а тоа е како се случи буџетот да порасне, од 1998 година кој изнесуваше некаде околу 42 милијарди денари, да имаме буџет кој во 2002 година се предвидува да изнесува 66 милијарди односно скоро 80% повеќе од она што се случи само пред 3 години, имајќаи го предвид фактот на оние други економски параметри кои во меѓувреме се случуваа, или ги имаме како непобитни факти. Тоа е една општа стагнација на вкупната стопанска активност, без личен, би рекол, пораст на вкупниот општествен производ, а воедно, во услови на постоење на една контролирана и вештачки водена инвлација која се смета за многу успешна политика. Значи имате, јас би рекол три стагнантни показатели кои во нормални услови, или во нормална држава би отсликувале, сепак одредени влијанија и реперкусии на самиот буџет, што кај нас не се случува. Напротив, во едни услови каде имаме егзистирање на вакви стандардни фактори, ние фактички имаме пораст на буџетските расходи во државата. Јас поинаку не би можел да ја дефинирам оваа политика, туку повеќе станува збор за една свесна политика во креирањето на буџетската сфера, а тоа со едноставни зборови може да се формулира како една исцрпувачка и би рекол деструктивна политика на уништување на стопанските, природните, трговските и на други потенцијали и ресурси во нашата држава.

Во една година, како што беше случај минатата година, ако се создаде суфицитен буџет и тој да биде наречен како економско чудо во РМ и како таков да се претставува, а веќе во наредната година да се соочувате со големи буџетски дубиози односно дефицит, зборува уште еднаш за она што претходно го спомнав, за карактерот на политиката на Владата, а тоа заправо е една манипулативна и би рекол сосема слободно, ограбувачка политика на актуелната владеачка култура во водењето на економскиот живот во Републиката. Имено успешноста на секоја економска политика на било која Влада во светот, се мери со стапките на учеството на јавните расходи во вкупниот бруто општествен производ, кој во нормално развиените држави се грижи помеѓу 15 и 20%, значи зафаќањето за јавниот сектор, додека кај нас тој процент изнесува над 36%. Тоа веќе е, би рекол, една константа која во последните три-четири години се појавува во креирањето на нашата буџетска политика. Тоа е без таканаречените екстра расходи кои се случија заради позната безбедносна криза во нашата држава. Тоа е така високо зафаќање за потребите на јавниот сектор, што се надевам дека нема да биде двојбено мислењето меѓу сите нас дека не би можело да го издржи ниту далеку поразвиена држава отколку што сме ние, а да не биде таа држава, едноставно турната, или да се заринта во една голема беда и сиромаштија. Според тоа може слободно да се констатира дека оваа Република под водство на владеачката партија и нејзиниот лидер, овие последни неколку години на стагнација што е присутно скоро во сите сфери на општествениот и економскиот живот, имаме исклучително висок раст само на буџетските расходи кои растат под теркот на таканаречената држава чудовиште, што фактички ја имаме на дело, или прокламирана политика за намалување на таканаречената јавна администрација, а во стварноста нешто друго ни се случува.

Еден од првите индикатори дека во една држава владее, јас би рекол безкорпулозен шверц, кога во државната каса ќе се намалуваат приходите по основ на акцизите и данокот од добивка, што фактички се случува во последните 2 години во нашата државна каса. Тоа е се резултат, јас би рекол, на раководењето со Царинската управа во нашата држава каде фактички имаме директна вина за отстапување на приходите од државната каса по основ на акцизните стоки и по данокот на добивка, бидејќи тоа едно со друго има одредена врска. Според тоа станува ненормално такви две битни стапки кои носат добар дел во државната каса, на некој начин да бидат или бенифицирани од нивната, 6и рекол, основна функција што треба да ја обавуваат, а за нивна сметка да се форсираат таканаречените други даноци кои директно влијаат врз степенот на социјална загрозеност било да се работи за физичките лица, било за фирмите на компаниите и било кои други субјекти кои учествуваат во економскиот живот, дотолку повеќе што ние сме соочени со воведувањето на таканаречениоот воен данок кој срункционира веќе 6 месеци и се предлага во наредната година да продолжи неговото дејствување. Имено јас морам да кажам, повеќе

тоа како шега го сфатив, меѓутоа мислам дека има нешто и вистина. Неофицијално се зборува дека на пример бизнис крилото или финансиското крило во рамките на владеачката партија кое во последно вареме се однесува како партиски депозитар на хартии од вредност, акции, многу остро му замерувам на г. министер Груевски дека заради големината на финансиските трансакции кои оваа владеачка партија ги прави во последниве години, а тоа фактички е купување на фирми, банки, фарми, комбинати, акции во фимри итн., дека добар дел од тој капитал ќе мора таа иста фирма да го плати на име на таканаречениот воен данок, па имало сугестии тој данок на некој начин да биде исклучен од неговата примена во наредната година, или пак да се изнајдат начини како тој на некој начин да ги ублажи овие високи давачки кои владеачката партија, заради својот голем обем на тие финансиски трансакции, би требало да ги издвојува.

Понатаму, ми се чини, а тоа беше присутно и во воведното излагање, ако не се лажам, тоа е некаде на страна 4 од Излагањето на г. министер за финансии каде вели дека, или наивно верува, или пак станува збор за една лага кога вели дека овој буџет односно Владата останува на нејзината стратешка определба дека буџетот и понатаму ќе има развој на димензија или функција. Имено јас би сакал и би бил среќен ако некој не демантира или посочи барем неколку факти, или одреден број на стопански субјекти кои во последните година или две на некој начин биле пуштени во употреба, а кои на некој начин имале заслуга преку тоа што, еве нашиот буџет има и една таква развојна димензија или функција. Меѓутоа верувам дека тоа не може да се случи. Дури имаме и други примери кои укажуваат на една би рекол регресивна тенденција, а тоа е, на пример доживеавме, така наречената златна кокошка на македонската приватизација односно ОКТА да се наоѓа пред еден таканаречен банкрот. Имено, тој банкрот се должи, пред се на досегашното работење на овој гигант од нафтената индустрија кој беше претставуван како невидено чудо, најуспешна зделка во македонската приватизација, каде што место да се случува она што е ветено од страна на купувачот на овој нафтен бизнис и едноставно целата рафинерија, да имаме модернизирање, осовременување на процесите на производство или зголемување на капацитетите, фактички работата на рафинеријата да се сведе на боење на лошиот квалитет на горивата кои денес ќе се пласираат на македонскиот пазар и сето тоа на некој начин што се случувало изминатите две години, да се таи од македонската јавност, бидејќи се работеше за еден голем профит, во услови, пак би рекол под сомневање, не можам да тврдам, меѓутоа со затајување на даночните обврски спрема државата. Меѓутоа, бидејќи беше голем бизнисот, голема работата и профитот голдм, тогаш се молчеше. Кога настапија сега некои околности околу нафтениот бизнис, веднаш почна да се покажува вистинското лице на учеството, како на домашни, јас би рекол и јабанџии од страна кои овој нафтен бизнис го водеа во изминатите неколку години. Според тоа може слободно да се каже дека ваквите последователни буџети што ги предлага оваа Влада во последниве неколку години и кои се карактеризираат со еден енормен пораст, би рекол на јавната потрошувачка на расходите, а за која потрошувачка или безочно трошење на овие народни пари не се полага никаква сметка, ниту се дава отчет, туку секогаш ние со завршните сметки на буџетот се занимаваме после една или две години, откако тоа губи од секаква актуелност. Едноставно не може поинаку да се сфати, туку дека буџетот и за оваа година, како и за претходната година, а особено мислам оваа година, едноставно ќе биде ставен во функција на зачувување или останување на власт на владеачката партија. Како се прави, јас само ќе посочам неколку примери за кои има информации во јавноста, за кои помалку или повеќе се зборува.

Прво, околу приватизацијата и купувањето на фирми. Имено, фирмите, претпријатијата и банките и други даночни обврзници, со таква даночна политика, буџетска политика, или поточно би рекол со вкупната економска политика која се водеше во поеледните неколку години, се обезвреднуваа до таа мера, тие едноставно да не можат да егзистираат понатаму на економскиот пазар, па стануваат лесен плен на партиските ловци кои тие фирми ги купуваат под големи дисконти, или за бадијала, како што вика нашиот на род.

Втора работа е кога се работи за фирми, претпријатија, компании, во кои во поголем дел како акционери се јавуваат самите вработени кои можеби подолго време, година, две, три, четири, не виделе плата, кога ќе им се понуди прво сто марки за акција, па потоа ќе бидат благодарни ако добијат 50 марки. Голем број на такви фирми исто така паднаа во рацете на високи владини функционери, пратеници, колеги наши инт.

Третата работа која исто така има функција со едно такво буџетско работење, пред се околу трошењето на средствата, а за кои ние немаме таков увид, е директното и по функција на зголемување на сиромаштијата и невработеноста, до таканаречената фантастична бројка од 400.000 невработени, со што мислам се создава една погодна почва или материјал кој може да се искористи за лесно корумпирање на електроратот односно на гласачите, за наредните избори кои треба да се одржат во 2002 година. Во меѓу време, од друга страна сопствените активисти кои од различни причини останаа невработени,

повторно, со акции, било во јавните претпријатија, било во јавната администрација, да се вработуваат во јавниот сектор каде што има едн! друга нова појава, во последно време тие истите брзо да се унапреудуваат во таканаречени повисоки државни звања, со што може да ја користат и законската можност за користење на апанажа или едно годишно добивање на плата, без да бидете во работен однос. Тоа зборува за моралот, пред се на сите државни раководители, па и на министрите, меѓутоа особено на шефот на државната каса, на министерот за финансии каде очигледно пред негови очи такви работи се случуваат и зборува за ... буџетски дефицит кој со тешка мака, на некој начин ќе биде пополнет во 2002 година, а многу лесно се произведуваат луѓе во такви звања, кои можат да користат таква плата во наредната година дена.

Да не зборувам за тоа за што зборуваат моите колеги, околу Агенцијата за млади и спорт, каде што на сите им е добро познато дека целокупното младинско раководство на ВМРО-ДПМНЕ е вработено.

Според ова, мислам дека слободно можеме да констатираме дека вакво даночно, би рекол, исцрпување на даночните обврзници, немало ни во турско, така вика нашиот народ. А, трошењето на парите не било толку тајно и толку скришно, ниту во Кастровиот, ниту пак во Тарганскиот режим.

Не сме далеку од вистината ако кажеме дека овие неколку години од владеењето на владеачката партија, имам впечаток а тоа морам да го кажам, дека се носи еден вид таканаречен фамилијарен, би рекол семеен буџет, а тоа значи собирање пари од сите грагани на оваа држава, меѓутоа, околу трошењето на тие пари треба да се вртат од банките на стотина македонски семејства, кои имаат намера во наредните години да владеат со оваа држава.

На крајот би му сугерирал на господинот министер да има еден многу покоректен однос према Собранието, спрема сите пратеници, и го замолувам господинот претседател на Собранието да води повеќе сметка околу финансиското работење на Собранието, бидејќи се надевам дека госпо-динот министер ако се откаже од неговиот џип кој што чини 300 илјади марки, ние пратениците нема да се чуствуваме овде како бедници, кои што мораат по вакви зимски услови да доаѓаат и да си ја обавуваат функцијата а да заостануваат во исплатата на дневниците по 50, 60 дена и некои други давачки кои им следуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ризван Сулејмани.

Јас би молел да го повикате господинот министер да ја следи расправата.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас би сакал повеќе овде како некој протест ние на самите себе, ние како пратеници, каде што дозволуваме на ова ниво да расправаме многу значаен документ како што е Буџетот на државата. Она што посебно мене ме загрижува или ние не сме воопшто заинтересирани или не сме свесни што значи буџет на една држава и како се носи буџет на една држава, кога се знае дека во сериозните држави, каде што навистина носат до позицијата на Парламентот и одговорност како луѓе кои што ги претставуваат граѓаните на својата изборна единица за вакви значајни документи се разговара и се расправа по два и повеќе месеци.

За жал, еве јас како пратеник немав можности, во ниедна од двете комисии кои што ги покривам, воопшто да расправаме за буџетот. Еднаш ние како пратеници треба да расправиме, дали дојдовме до тоа дереџе воопшто ние да не бидеме вклучени или не бидеме вклучени на ниво на кое што треба да бидеме вклучени за донесувањето на еденваков документ. Кога се знае дека во одредени држави, дури и сериозните политички партии, посебно тие опозициони, носат и подметнуваат дури и паралелен буџет, каде што во една вистинска расправа првенствено по комисии, а многу помалку во пленарна сесија, до крај би се расветлиле сите прашања кои што се опфатени со Буцетот. Ние за жал тоа не го направивме. Како да заборавивме, грубо кажано, демократијата, власта не е ништо друго, туку битка, кој попрво ќе дојде, општата државна каса да ја контролира  и да ја води. Оваа битка во некои демократски држави се доби со револуција, за да може да се контролира таа државна каса, каде што сите граѓани учествуваат и придонесуваат да се полни, ама само одреден број од тие граѓани имаат право да ги распределат и да ги поделат тие пари. Е, кога веќе таквото право по словото на демократија им е дадено на партиите на власт преку нивните претставници во Владата и во Парламентот, тоа апсолутно не значи дека сите ние овде треба да бидеме вклучени во начинот како се трошат тие пари.

За жал, ние овде се поставивме во една тотално независна позиција како Парламент и пратнеици, креваме раце односно притискаме на копчињата за доделување на одредени средства и тоа огромни средства без никогаш да ги прашуваме тие наши министри кои се надлежни да ги спроведуваат односно да ги трошат тие пари како ги трошат.

Ние бевме сведоци во годината која што ја оставаме зад нас, огромни средства поделивме во две многу значајни министерства и тоа во Министерството за одбрана и Минстерството за внатрешни работи. Тоа беа огромни средства. Но, никогаш јас не слушнав дека тие министри еднаш пред нивните матични комисии  дошле и да дадат отчет како ги потрошиле тие пацег. Се работи за стотици

милиони марки, а никогаш тие не дојдоа како што е редот да дадат отчет како се потрошени тие пари. Зарем забо-равме дека тие пари, сепак се пари собрани од граѓаните на Република Македонија. Зарем забораваме дека ние сме одговорни пред тие граѓани како се трошат нивните пари.

Во сите курсеви по демократија основно правило на една држава е демократска, колку инструментите на моќ и сила, тоа првенствено, војска та и полицијата имаат демократска контрола. А, најдобар начин да се врши демократска контрола е токму преку буџетот, како се трошат тие пари.

Секојдневно по весници слушаме разно-разни афери за тоа како се злоупотребени тие средства, а матичните комисии на тие министерства никогаш не најдоа за потребно,да ги поставаат тие прашања на дневен ред. Сега, пак по некоја проекција на Владата, ние и понатаму продолжуваме да даваме огромни средства токму на овие две министерства. Како да заборавивме дека најдобар начин за одбрана на земјата од внатре и од надвор е добрата политика. Тоа е најефикасен и најефтин начин за стабилна демократија, за стабилна држава и начин на одбрана на државата.

Секоја тенденција дека и понатаму тие средства се трошат без никаква контрола, навистина, нас не води во недоглед. Има информации и шпекулации, дури дека Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи се претворени во Министерство за социјална политика. Одржувајќи одреден број на резервисти во едното и во второто министерство, Владата прави социјална политика. Има и такви размислувања. Дали е вршена вистинската проценка колку се потребни средства. Според тоа, ние предвидуваме и треба да се избориме за развој дури имаме и законски обврски да речеме, во Фондот за недоволно развиени подрачја, ние мораме да одвоиме 1% од вкупниот бруто домашен производ. Но, никогаш досега, за жал, тој процент не е одвоен, дури ни сега.

Како ние мислиме да излеземе од кризата, ако не ја форсираме развојната компонента. Како ние и понатаму фрламе во бунар без дно, наместо средствата на директен или индиректен начин им се враќаат на граѓаните од кои се преземени. Мислам дека ние како пратеници, треба да се вратиме на нивото на задачата што ја имаме, да бидеме поагилни во барање на одговор на пра-шањето. Не смееме да дозволиме да донесеме буџет, без претходно да се расправа по комисии и за десет дена, како што тоа ние го правиме во ненор мални услови. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Горѓи Тодоров.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници, денес на дневен ред имаме Разгледување на Буџетот за 2002 година и во таа насока сакам да дадам свое видување. Имено, кога се разгледува Буџетот на Република Македонија, секогаш и меѓу научните работници, експертите и политичарите постоеле и постојат различни и дури спротивставени гледања каков буџет и треба на Република Македонија во периодот на транзиција. Спротивставените мислења се на следните прашања, обемот, структурата на буџетот, нивото на развојната компонента и неговата избалансираност. Политичарите секогаш го бранеле односно политичарите меѓу кои и претставници од Владата, министерот за финансии и Владата секогаш го бранеле Буџетот што го носеле, но секогаш со следното алиби или адут зад тој Буџет стои ММФ па и Светската бака. Па, од тој факт произлегува и правилото, овој Буџет е најдобар за македонија бидејки зад него стои ММФ,

Во образложението за днесување на Буџетот за 2002 година се потенцира дека овој Буџет е донесен во согласност со ММФ.

Овој факт укажува на тоа дека ние не правиме Буџет за Република Македонија, туку за ММФ или малку поблаго речено, дека буџетот го правиме по диктат на ММФ.

И, веднаш да одговорам на прашањето кое од напред кажаното се наметнува: Дали ни требаат аранжмани со ММФ и Светската банка? одговор е - ни требаат аранжмани со овие институции. Но, овде се поставува и прашањето какви аражмани? Аранжмани и Буџет во функција на макроекономската стабилност и економскиот развој на Македонија. Според тоа, макро-економската стабилност и економскиот развој, треба да бидат примарна цел на аранжманите и борба против сиромаштијата, но како декларација.

За да не се употребуваат како алиби ММФ и Светската банка ќе потенцирам две констатации, кои ве утврдени во студиите кои се направени од овие две институции за Македонија.

ММФ во студијата за буџетот, финансиската и даночната политика во Македонија ќе констатира цитирам: "Буџетот на Македонија по обем ќе мора постојано да го намалува своето учество во БДП, преку намалување на даноците од доход и другите даноци, а во структурата мора да биде нагласена развојната компонента на буџетот" завршен цитат.

Во студијата на Светска банка за Македонија на тема: Јавните расходи и економскиот развој на Македонија се констатира, цитирам: "Високото учество и неадекватната структура на јавните расходи во бруто домашниот производ е ограничувачки фактор за одржливиот економски развој на

Македонија. Затоа тоа учество и структура, постојано треба да се намалува, односно менува" завршен цитат.

Ќе се сложиме сите и економската наука, економските експерти и политичарите (освен Владата), дека обемот и структурата на јавните расходи и буџетот, како инструмент на економската политика имаат силно влијание на економскиот развој на земјата. Според тоа обемот и структурата на буџетот имаат директно влијание на економскиот развој и тоа ако: Буџетот по обем го намалува своето учество во бруто домашниот производ, ако имате мал дефицит и ако во структурата на буџетот е изразена развојната компонента. Дека е тоа економско правило ќе го потврдам низ влијанието на обемот и структурата на буџетот на економскиот развој, во периодот од 1994 до 2000 година, односно за период од 7 години, што е доволен период да се извлечат некои правила, односно законитости.

Во текот на тој период, односно за периодот од 1994 до 1998 година имавме буџетеи кои по обем имаа релативно нагласено учество во бруто домашниот производ, а по структура во тие буџети беше нагласена социјалната компонента (социјални-програми и ниски плати на вработените), запоставена развојната компонента (под 2% од БДП), а со нагласена подршка на стабилниот курс на денарот и отплата на странските долгови. Тие буџети беа проектирани во услови на пораст на БДП од 5%. Со така проектираните буџети, се постигнаа следните резултати:

1)одржување на стабилен курс на денарот и ниска инфлација;

2)одржлива надворешна ликвидност;

3)зголемување на сиромаштијата, преку зголемување на бројот на невработените и нивното финансирање од буџетот и стагнација на платите на администрацијата; и

4)опаѓање или стагнација на бруто домашниот производ.

Исклучок од оваа правило се случи во 1998 година, тоа беше година на парламентарни избори, во која по правило попушта буџетската дисциплина и што се случи остварениот буџет по обем беше помал за 10% од планираниот, подршката на курсот на денарот беше запоставена и тие средства беа употребени за потрошувачка, се исплати и надомест за годишен одмор, не се извршија обврските по ЕСАФОТ, склучен со ММФ и види чудо, со таков изменет буџет по обем и структура за прв пат имаме пораст на БДП за над 2%.

При проекцијата на буџетот за 1999 година за прв пат се проектира буџет кој по обем го намали учеството во БДП за 17%, а по структура ја зголеми развојната компонента во буџетот, а ги намали учеството на буџетот во подршката на курсот на денарот и плаќањето на долговите спрема странство, а истовремено се искористија и средства во висина од 1.200 милиони денари од стабилизациониот фонд за подршка на курсот наденарот.

Таквиот буџет доби поддршка од ММФ, и беше усвоен од Собранието.

Во таа година беше Косовската криза. Проекциите на ММФ и Светската банка беа црни за Македонија и се предвидуваше макроекономска нестабилност и пад на БДП до 10%. Но што се случи, покрај другите фактори и сепак проектираниот буџет (по обем и структура), обезбеди реален пораст на БДП за 2,7%, а номинален за 4,1%. Значи имавме пораст на БДП и пораст на девизните резерви, а немавме аранжман со ММФ.

За 2001 година беше лансиран буџет кој беше усвоен од Собранието и тоа:

1)по обем (висина) со намалено учество во БДПза17%;

2)по структура:

зголемување на равојната компонента и реформската компонента во однос на 1999 годиназа 135%;

намалување на средствата за подршка на курсот на денарот за 37,82%.

Овој буџет беше планиран во услови на пораст на БДП за 6% и преговори со ММФ.

Нашите прогнози беа дека порастот на БДП ќе биде 7,9%.

Со тој буџет беше планирано намалување на даноците и акцизите во 2000 година и тоа даноците за 1.200.000, а акцизите за 20%. Така проектираниот буџет, се додека не се измени со Ребалансот, односно се додека се движеше во планираните рамки, овозможи пораст на БДП во првото полугодие за над 7,9%. За да после измените со зголемување на неговиот обем, намалувањето на развојната и реформската компонента, како и со зголемувањето на средствата за подршка на курсот на денарот и плаќање на долговите во странство, да има силно влијание врз падот на БДП во второто полугодие и на крајот на годината да се оствари реален пад на БДП а инфлацијата од 2% да се покачи на 10,6%.

Со горните податоци и факти сакам да го докажам, а во тоа мислам дека успеав, бидејќи се работи за период од 7 години, дека обемот и структурата на буџетот имаат директно влијание на економскиот развој, мерен преку растот на БДП.

Тргнувајќи од горните констатации за проекциите на буџетите од 1994 година па се до 2001 година и нивното влијание на економскиот развој и порастот на невработеноста, односно

сиромаштијата, ќе се потрудам да ги дадам моите погледи, размислување и констатации за предлог буџетот за 2002 година.

## 1. НАЧЕЛНИ ЗАБЕЛЕШКИ

Во буџетот, како еден од најважните инструменти на макроекономската политика, учествуваат најголемиот број на граѓани во Македонија и тоа како уплатувачи на приходите во буџетот или пак како корисници на средства од буџетот. Се проценува тој број на граѓани да изнесува над 1.000.000.

Таквиот карактер на буџетот, бара транспарентност во собирањето, а посебно во трошењето на средствата на буџетот. Транспарентноста ја обезбедува контролата.

Но, морам да потенцирам, дека посебно со доаѓањето на новиот министер за финансии транспарентноста, а со тоа и контролата на буџетот е спречена да ја врши Собранието.

Како аргумент за тоа ќе наведам дека во јавноста и пред ова Собранието нема податоци за собирањето и трошењето на средствата на буџетот.

Друг аргумент, со предлог на буџетот за 2002 година, недостасуваат многу документи (пресметки, спецификации и слично), од кои ќе се видат поконкретно изворите и видот на приходите искажани во буџетот и податоци за конкретна намена за кои се трошат средствата.

Исто така со предлог буџетот нема конкретни мерила и критериуми за поделба на средствата од буџетот.

Пример 1: нема конкретни мерила и критериуми, поради што се јавуваат огромни разлики во платите на работниците во јавните администрации, на исто место со исти услови на работа. Тие разлики се движат и до 70%. Затоа во недостиг на таков критериум , дојдоа до израз субјективизмот и партиската припадност.

Таков е случајот со средствата за другите намени.

Плати и други средства се даваат на лица фантоми, односно лица кои не постојат.

И на крајот она што е најбитно, буџетот преставува збир на политики кои владата ќе ги води и финансира во 2002 година, а кои треба да ги одобри Собранието.

За жал таквите политики Владата требаше да ги даде како составен дел на образложението, но за предлог буџетот за жал нив ги нема, па од тука може да се извлече заклучок дека, Владата има политики, но тие не ги кажува, или пак, таа нема политики, освен политиката на ММФ која требаше да се презентира.

Јас одговорно тврдам дека во така презентираниот буџет не транспарентен, не е потполн, не е јасен во него може да се најде било кој експерт.

## 2. НАЧЕЛО НА ПОТПОЛНОСТ И СИГУРНОСТ НА БУЏЕТОТ

Читајќи одредени извештаи на ММФ и Светската банка за Македонија има констатации дека Владата во буџетот не ги опфаќа сите приходи и расходи кои се составен дел на буџетот.

Како аргумент на оваа констатација, се седниците на Владата, кои покажуваат дека скоро на секоја седница се намалуваат или зголемуваат одредени извори на приходи, а најчесто се прифаќаат нови обврски, односно расходи кои не се предвидени во буџетот. Тоа пак укажува дека дел од буџетот не е под контрола на Собранието што загрижува.

## 3. ОБЕМ НА БУЏЕТОТ И ЈАВНАТА ПОТРОШУВАЧКА

На почетокот пред да го кажам моето мислење за обемот на буџетот и јавната потрошувачка, бидејќи аргумент на Владата и Министерот за тој обем ќе биде "Така рече ММФ". Ќе ги повторам пораките на ММФ и Светска банка за ова прашање, цитирам: "Буџетот на Македонија по обем ќе мора постојано да го намалува своето учество во БДП, за да биде во функција на економскиот развој" завршен цитат.

Ќе го повторам и мислењето на Светска банка за јавната потрошувачка (јавните расходи), цитирам: "Затоа учеството на јавните расходи во БДП постојано треба да се намалува" завршен цитат.

И каков буџет по обем и структура и јавна потрошувачка му предлагаат на Собранието и дали тие се во согласност со насоките на ММФ и Светската банка?

Со предложениот буџет за 2002 година, неговото учество во БДП, со над 26% од БДП е меѓу највисокото учество во последните 8 години. Ваков предложен буџет по обем и структура е во коалиција со определбите на оваа Влада, презентирани на почетокот на владеењето што значи овој буџет е антиреформски и антиразвоен, односно, се јавува како директна пречка на економскиот развој, мерен преку порастот на БДП, а може да се јави како причина за зголемена инфлација во 2002 година.

Интересно е кога се работи за обемот на буџетот, да се презентира движењето на обемот на буџетот од 1994 година па се до предложениот буџет за 2002 година. Во тој период од 8 години буџетот, изнесува 36.451 милијарди ДЕН 1994 година во 2002 година е предложено да изнесува 60.310 или зголемување за тие 8 години за над 70%.

Во истиот период БДП има негативен раст, односно негативна вредност од -2,9%.

Според тоа имавме пренагласен буџет во услови на стагнација на економскиот развој., каде буџетот беше кочница на развојот во изминатиот развој и дали со таа буџетска политика треба да продолжиме, одговорот е силно НЕ.

Предложениот обем на јавната потрошувачка за 2002 година, значи меѓу највисоките јавни потрошувачки за последните 8 години, која ќе спречи да се постигне проектирачкиот развој од 4%. Според така предложената јавна потро-шувачка које е спротивна на насоките на Светската банка за Македонија, бидејќи таа пренагласена, антиреформска, ќе биде пречка на економскиот развој, а може да се јави и како генератор на инфлацијата.

Покрај предложениот обем на буџетот за 2002 година, многу повеќе загрижува неговата расходна структура.

Прво, таа не е целосно дефинирана, односно одредени расходи, внесени во буџетот, се без определена намена. Тие недефинирани расходи изнесуваат ни повеќе ни ни помалку 4,1 милијарди денари или над 7% од вкупните тековни расходи на буџетот. Таков однос кон буџетот на Министерот за финансиији Владата е без преседан.

Сепак во продолжение ќе се задржам на структурата на расходите во буџетот, преку која може да се види политиката на Владата за повеќе области, но и економската и социјална состојба во која се наоѓа нашата земја.

Бидејќи во ова Собрание многу пати се зборува па Вие што правевте и ние го правиме истито, ќе се потрудам податоци за структурата на расходите во буџетите од 1994 година па се до предложениот буџет за 2002 година. Структурата ќе ја погледнеме низ следните намени:

- плати и надоместоци;
- социјални програми;
- тековни трошоци;
- инвестиции (развој); и
- подршка на курсот на денарот.

Масата на плати од 1994 година, па се до 2002 година, иако имаме постојано зголемување на вработените стагнира, поединечно по работник опаѓа, а тие постојно го намалуваат учеството во вкупните расходи, односно од 37,82%, во 1994 година, на 26,1% во 2002 година.

Учеството на платите во БДП во Република Македонија изнесува 6,5% што е под учеството на платите во БДП на земјите во транзиција. Од тука за Македонија овој момент не треба да предизвикува отпуштање на работници, туку одвојување на комерцијалните дејности од чисто јавните дејности. Ако со комерцијалните дејности се остваруваат приходи во висина од 8,8 милијарди денари или 16,39% од вкупните буџетски приходи 16,39% од администрацијата или над 15.700 вработени ќе останат на работа во тие дејности, односно јавната администрација ќе се намали за 15.700, без да се отпушти ни еден вработен. Мора да кажам дека во тој случај ќе има можности и за зголемување на платите на администрацијата кои стагнираат веќе 8 години.

Социјални програми. Карактеристично е дека во последните 8 години постојано се зголемуваат средствата во буџетот за социјални програми така од 7,5 милијарди во 1994 година, за да во 2002 година се предвидува да изнесуваат 23,1 милијарди денари или се зголемени повеќе од три пати или ако во 1994 година нивното учество во структурата на расходите на буџетот изнесувало 20,69% во 2002 година изнесува 60,89%.

Овие енормни расходи за социјалата се последица на економската политика што е водена во тој период, односно масивно отпуштање од работа на вработените.

Со оглед на тоа што тој тренд на зголемување на овие расходи продолжува и во 2002 година, значи не очекуваат нови отпуштање од работа.

Тие средства може да се употребат во развој, односно во нови вработувања но за жал Владата нема визија и решенија за тоа.

Подршка на курсот на денарот. Во сите последни 8 години преку средства од буџетот се финансираше одржувањето на стабилниот курс на денарот и плаќање на странските долгови. Затоа од година во година се зголемуваат средствата од буџетот кои се уплатуваат во НБ за таа намена. Исклучок во тој поглед е направен во 1999 година и планот на буџетот за 2000 година. Од 1994 година до 2001 година се издвоени средства за подршка на стабилниот курс на денарот (на грбот на граѓаните на Македонија) во износ од 13,5 милијарди денари или во противвредност во износ 400 милиони ДЕМ. Тоа е голем товар за граѓаните и стопанството.

Инвестиции (развој) од 1994 година постојано се намалуваше развојната компонента на буџетот, односно стално се намалуваа средствата за инвестиции. Исклучок во тој поглед беше 1999 година и планот на буџетот за 2000 година (кој со ребалансот се измени), во тие два буџети развојните компоненети беше зголемена за 27,1% во однос на просечните инвестиции за последните 8 години. За 2002 година развојната компонента се намалува што не е во согласност со насоките на ММФ и Светската банка, ниту интересот на Македонија, Ова ќе го аргументирам со следниот податок во земјите во транзиција, капиталните расходи во БДП учествуваат со над 6% кај нас во случајот за 2002 година, тоа изнесува само 2,6%. Ако се зема во предвид дека само 22% од издвоените средства за инвестиции се за развој, а другите 78% се за нестопански инвестиции (возила, намештаи,

компјутери, купување на згради и сл.) во тој случај овој Буџет и нема развојна компонента.

На крајот да истакнам дека пред нас имаме:

1. неизбалансиран и недокументран буџет;

2. преобемен буџет кој ќе го спречи очекуваниот развој и ќе ја зголеми сиромаштијата пред нови отпуштања на работниците во 2002 година;

3. антиреформскиот буџет; и

4. буџет со кој ќе се продлабочи економската и социјалната криза во државата Македонија.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот во начело.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на буџетот на РМ за 2002 година.

Комисијата за екологија, млади и спорт поднесе амандман на член 3 Раздел 16 101, Програма 12 ставка 442 потставка 442 114, на Раздел 14001 Програма 11 ставка 426 потставка 426311 по кој Владата не се произнела. Комисијата за образование и наука поднесе амандмани на член 3 раздел 16001 Програма 12 ставка 421 потставка 421 111, на раздел 04001 Програма 12 ставка 426 потставка 426511, на член 3 раздел 16001 Програма 13 ставка 421 потставка 421 111 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443 314, член 3 раздел 16001 Програма 14 ставка 421 потставка 421 111, Раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443 717, член 3 раздел 16001 Програма 12 ставка 443 потставка 443 514 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443 314 член 3 раздел 16001 Програма 17 ставка 443 потставка 443 714 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467 112 и на член 3 раздел 16001 Програма 12 ставка 468 потствака 468 111 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443314, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за култура поднесе амандмани на член 3 раздел 18010 Програма 11 ставка 443 потставка 443 611 и на раздел 14001 Програма 11 ставка 471 потставка 471 114, на член 3 раздел 18010 Програма 15 ставка 443 потставка 443615 и на раздел 13001 Програма 11 ставка 467 потставка 467 121, на член 3 раздел 18010 Програма 16 ставка 443 потставка 443 161 и на раздел 09004 Програма 11 ставка 469 потставка 469112 и на член 3 раздел 18010 Програма 17 ставка 443 потставка 443617 и на раздел 1001 Програма 12 ставка 727 потставка 727 122 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Златко Стојменов поднесе амандман на член 3 раздел 02001 Програма 11 ставка 426 потставка 426511 и на раздел 04001 Програма 12 ставка 426 потставка 426411 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Борче Сибиновски поднесе амандман на член 3 раздел 14002 Програма 11 ставка 424 потставка 424613 и на раздел 19301 Програма 11 ставка 443 потставка 443813 по кој Владата не се произнела. Комисијата за здравство поднесе амандмани на текстот на Предлогот на буџетот на фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2002 година во Општиот дел, член 1, I вкупни приходи и на алинеја 2 и во II вкупни расходи и на алинеја 1, на член 2 вкупни приходи катего-рија 74 Трансфери и донации, ставка 741 и потставка 741111 и на расходи ставка 441 и на член 3, II Посебен дел, во група 4413, потставка 441322 и на потставка 441317, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Слободан Даневски поднесе амандмани на член 3 раздел 02001 ставка 401 потставка 401111 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443 314, на член 3 раздел 02001, ставка 401 потставка 401112 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443314 на член 3 раздел 02001 ставка 401 потставка 401212 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443314, на член 3 раздел 02001 ставка 401 потставка 401216 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443314, на член 3 раздел 02001 ставка 401 потставка 401217 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443314, на член 3 раздел 02001 ставка 402 потставка 402111 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443314, на член 3 раздел 02001 ставка 402 потставка 402211 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443314.

И член 3 раздел 02 001 ставка 402 потставка 402 212 и на раздел 09 002 програма 12 ставка 443 потставка 443 314.На член 3 раздел 02001 ставка 402 потставка 402311 и на раздел 09 002 програма 12 ставка 443 потставка 443 314 на член 3 раздел 02001 ставка 402 потставка 402411 и на раздел 09 002 програма 12 ставка 443 потставка 443 314 на член 3 раздел 02001 ставка 402 потставка 402 511 и на раздел 09002 програма 12 ставка 443 потставка 443 314 член 3 раздел 02 001 ставка 420 потставка 420111 и на раздел 09002 програма 12 ставка 443 потставка 443 314, член 3 раздел 02001 ставка 420 потставка 420112 и на раздел 09002 програма 12 ставка 443 потставка 443 717 на член 3 раздел 02001 ставка 420 потставка 420 113 и на раздел 04001 програма 11 ставка 420 потставка 420121 член 3 раздел 02001 ставка 420 потставка 420 121 и на раздел 04 001 програма 11 ставка 420 потставка ка 420 122; на член 3 раздел 02 001 ставка 420 потставка 420 122 и на раздел 04001 програма 11 ставка 420 потставка 420 122; на член 3 раздел 02001 ставка 421 потставка 421 111 и на раздел 04 002 програма ставка 421 потставка 421 111; на член 3 раздел 02001 ставка 421 потставка 421 112 програма 11 ставка 421

потставка 421 111; на член 3 раздел 02001 ставка 422 потставка 422 111 и на раздел 04 002 програма ставка 422 потставка 422 111; на член 3 раздел 02 001 ставка 423 потставка 423 112 и на раздел 09 002 програма 12 ставка 427 потставка 427 122; на член 3 раздел 02 001 ставка 424 потставка 424 111 и на раздел 04 002 програма 12 ставка 424 потставка 424 111; на член 3 раздел 02001 ставка 424 потставка 424 112 и на раздел 04002 програма

12 ставка 424 потставка 424 71 ________________ ; на потставка 425 216 и на раздел 04 002 програма 12 ставка 425 потставка 425 216; на член 3 раздел 02 001 ставка 426 потставка 426 511 и на раздел 04 001 програма 12 ставка 426 потставка 426511; на член 3 раздел 02001 ставка 427 потставка 427 117 и на раздел 04 001 програма 11 ставка 427 потставка 427 122 и на член 3 раздел 02 001 за додавање нова ставка 464 и нова потставка 464 112 по ставката 463 и потставката 463 211 и на раздел 09 002 програма 12 ставка 467 потставка 467 121, по кои Владата не се произнела.

На овие амандмани се приклучија и пратениците Фатмир Етеми и Аслан Селмани.

Пратениците Златко Стојменов, Звонмко Мирчевски, Ненад Рис-тевски, Вангел Симев и Горѓи Тодоров поднесоа амандман на раздел 12 101 програма 11 ставка 424 потставка 424 112, ставка 425 потставка 215, ставка 426 потставка 426 511, за внесување нова потставка 512 по потставката 426 511, ставка 426 потставка 426 712, за внесување две нови ставки по ставката 427 и потставката 427 117, програма 12 ставка 420 потставка 420 121, ставка 420 потставка 420 122, ставка 420 потставка 420 123, ставка 424 потставка 424 417, за внесување нова потставка по потставката 424 417, ставка 426 потставка 426 316, ставка 426 потставка 426 317, ставка 426 потставка 426 511, ставка 426 за додавање две нови потставки по потставките 426 712 ставка 427 потставка 427 122, ставка 463 за внесување нова потставка пред постав-ката 463 211, ставка 463 потставка 463 211, ставка 463 потставка 463 212 програма 13 ставка 426 потставка 426 713 и ставка 465 потставка 465 111, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 16101 програ-ма 12 ставка 442 потставка 442 114 и на раздел 14 001 програма 11 ставка 426 потставка 426 311, поднесен од Комисијата за екологија млади и спорт. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

(Уфрлување на пратеник со зборовите"не можеме без кворум да продолжиме").

Ова е расправа, претрес, а кога ќе гласаме ќе ни треба кворум. Прво, да се изјасни претставникот на Владата.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Имам забелешка од службите дека многу од амандманите се пропуштени и не се прочитани, но веројатно тоа може и дополнително да се направи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има амандмани кои ќе дојдат, овие амандмани се обработени, јас ги прочитав обработените амандмани.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ако може да го повторите амандманот уште еднаш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е амандман на член 3 раздел 161 01 програма 12 ставка 442 потставка 442 114 и на раздел 14 001 програма 11 ставка 426 потставка 426 311, поднесен од Комисијата за екологија млади и спорт.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Збор побара г-динот Илија Иловски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Мојата интервенција повеќе е процедурална. Сакам да посочам на следните факти. Би замолил парламентот тоа да го прифати по амандманите да се расправа поединечно, дури и во општиот претрес по амандманите да се расправа поединечно. Еве зошто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Поединечна расправа по секој амандман ќе има.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

И со гласање да завршиме поединечно.

Тоа не го слушнав.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Мојот предлог е логичен, па мислам дека парламентот ќе го прифати, пратнеиците се тука и може да завршиме вечерва ако така ра-ботиме. Имено, ако се прифати првиот амандман, може би некои од пратениците ќе го повлечат третиот амандман. Така, да не губиме непотребно време, бидејќи се доста врзани како што јас ги гледав амандманите еден со друг. Доколку првиот амандман се изгласа и се прифати, некој може би ќе ги повлече следните амандмани што се предложени. Мислам дека е попродуктивно да работиме на овој начин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овој начин на кој што јас почнав овозможува да работиме регуларно, но истовремено да не ги викам постојано пратениците да доаѓаат нека седат тука, нека има мнозинство да гласаме, секогаш кога има мнозинство нема да постапам вака, да го затворам претресот. Тука се пратениците, нека влезат, тие се за тоа дојдени, а немам намера

постојано да звонам и да викам прекини да правам. Да го искористиме времето, еден дел од амандманите еве ги усвојува Владата. Зошто да ни стои и тој дел тој товар овде? Нема потреба. Јас немам намера да правам компликации туку сакам да се работи, да не се чека, да не се седи во клубот, туку овде да се седи ако седат таму, јас пак ќе работам Ние што сме тука ќе работиме, немам начин како да ги доведам тука, постојано ги викам да дојдат.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Господине претседателе мислам дека веќе нема доволно пратеници ни во бифето и апсолутно не може да сметате дека постои можност да се продолжи со кворум. Бидејќи овој начин на работа според мене нема да ни помогне побрзо да завршиме, затоа што сепак амандманската расправа ќе продолжи кога ќе дојдат пратениците и може би пак од министерот ќе побараат објаснување на за нивните амандмани, за тоа зошто е прифатен или зошто е одбиен. Мислам дека само губиме време.

Би предложил нешто друго, бидејќи имаме и други точки по кои може да се води начелна расправа, да продолжиме со другите, а гласањето да го оставиме за утре. Инаку, овој начин на работа мене не ми изгледа како добивање во време, туку само губење на време.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со овие клучни акти ако не завршиме утре, ако не направиме напредок за да можеме утре да завршиме, ќе работиме во петок. Ако не завршиме во петок ќе работиме во сабота, ако не завршиме во сабота ќе работиме и во н едела. Да се разбереме, ние не можеме да одиме на нмовогодишен одмор, а пред тоа она што од нас се очекува да го завршиме овде да не го завршиме. Не може. Таа работа вака ќе биде. Затоа ви велам немојте да ми одземате сега време. Тој што сака, ако му се усвои амандманот при гласањто, му се усвоил, ќе ги повлече при гласањето другите амандмани. Нема никаков проблем. тука ќе седи и ќе знае. Тогаш е завршена расправата и н ема што да расправа тогаш. Мора да направиме напредок, не можеме туку така.

Одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 16001 програма 12 ставка 4211 потставка 42111 и на раздел 04001 програма 12 ставка 426 потставка 426 111, поднесен од Комисиајта за образование и наука.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе вие рековте дека овој начин на работа е регуларен. Јас тој збор го подразбирам во смисла дека е законит и деловнички и тука се согласуваме. Меѓутоа, се согласуваме само до тука, затоа што покрај тоа што треба да имаме законски начин на работа, треба да имаме и ефикасен начин на работа. Еден таков обид вие направивте со 88-та седница. На 88-та седница ги претресовме во прва фаза 100 закони кои се носат на иста седница и сега ни треба уште еден ден да одлучуваме дали ја прифаќаме првата фаза, па после дали прифаќаме на иста седница, па па пак, втора фаза, па, пак дебата и на крајто ни вие ниту тие што не се тука не можеме да избегнеме од фактот дека еден ден на парламентот ќе треба пратениците да се соберат и да гласаат. Сега извинете за зборот но вие можете разни правурозни ситуации да изведувате во парламен тот, во смисла сега ќе ја затвориме расправата, па ќе разгледаме 100 амандмани на овој начин па утре само ќе гласаме. Јас ве уверувам, од аспект на пратеник дека не е можно заради начинот на кој ги добиваме амандманите и начинот н акој во временска дистанца се доставуваат амандманите, а поинаквиот начин на ваше селектирање на амандманите по протоколот на седницата, ние кога ќе дојде период на гласање да можеме да знаеме, вие кога ќе читате, се става овој амандман на гласање, па сега да или не, затоа што тука секојдневно не затрупуваат со амандмани. Ако не следи расправата гласање тогаш ќе гласаме, кога ќе доаѓаат амандманите, сите од око, вклучувајќи ги и пратениците на мнозинството кои во основа ќе одлучуваат по амандманите, а опозицијата е во малцинство. Затоа јас мислам, вие покрај тоа што треба да обезбедите законитост, треба да обезбедите и ефикасност. Вие го направивте изборот и веројатно ќе продолжите така да ја водите седницата. Меѓутоа, во тој случај дозволете дека за законитоста на работата постојат разни начини на работа, па ние исто така можеме, во еден момент ако оцениме дека неефикасно работиме, апсолутно хаотично и не знаеме за што одлучуваме во тој момент, воопшто да не пристапиме на работа на таа седница. Ако вие мене во текот на утрешниот ден почнете да ми читате стотици амандмани по раздели, бројки и само да притискам, за, против, за, против или незнам како, јас апсолутно ви гарантирам дека не можам да се снајдам во таа ситуација и дека јас не можам да учествувам во работа на таков парламент. Ова го кажувам во консултации со пратеничката гупа чиј координатор сум. Затоа ако немате ефикасност, ние ќе одлучуваме тогаш за нашиот начин на законитост во работата. Имајте го и тоа предвид

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

На некој начин и мојата забелешка е во таа смисла. Ако така веќе треба да се изјаснува министерот или претставниците на Владата по

однос на амандманите јас не ја гледам причината за нашето присуство овде, или пак за нивното јавно изјаснување за или против амандманите. Подобро ќе биде сите амандмнаи да ги земат и писмено на секој од нив да кажат дека се прифаќа или не, така што и ние ќе имаме било каков преглед пред нас. Вака јас мислам дека утрешниот ден ќе се претвори пак во еден хаос каде што нема да знаеме за кој амандмна се гласа и секогаш ќе уследуваат барања од пратениците за објаснуваша зошто се работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво, тоа што ги читам, целата листа на амандмани, тоа е како што дошле амандманите. Јас тоа не можам да го променам. како ќе доаѓаат така ќе читам. Ниту пак јас можам да му го земам правото на некого во текот. До усвојувањето, до заклучувањето на расправата по текстот не можам да му земам право да дава амандмани. Според тоа комплицирана е точката и има свои тешкотии во врска со неа. Ќе има нови читања, ќе има тешко снаоѓаше, еве и они тешко се снаоѓаат, гледаме одвај го најдоа амандманот.

Јас се согласувам со тоа, меѓутоа единствен налин е пратениците да седат во салата. Друго нема. Не е по ефикасно и тие што сме тука да не работиме. Сега ние да ја прекинеме седницата, по ефикасно е тоа, а утре може пак да не седат овде тие пратеници. Ние не можеме да бегаме од задачата денес.

Јас предлагам утре да почнеме со работа во 12,00 часот. Немаме присутни цели пратенички групи. Ние така не можеме да работиме. Без кворум ние не можеме да работиме, нема гласање. Но јас морам да најдам начин како ќе ги доведам овде пратениците.

Ги молам пратениците нека влезат во салата. Јас кажав на време дека ќе работиме денес до 22,00 часот. Значи сите се известени.

Уште еднаш кажувам дека овие работи мора да се завршат пред Нова година. Јас кажав, ако не завршиме утре, ќе завршиме во петок. Ако не завршиме во петок тогаш во сабота. Ако не во сабот во недела, па сега како сакате.

Молам, повикате ги пратениците нека влезат во салата. Три пратенички групи овде не се присутни, па и повеќе. Не може така.

(Седницата прекина со работа во 19,45 часот)